БЛАЖЕ КОНЕСКИ

# ПОЕЗИЈА

## Книга прва

MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS

*THE COMPLETE WORKS OF BLAŽE KONESKI*

A CRITICAL EDITION EDITED
BY MILAN GJURČINOV

*VOLUME I*

BLAŽE KONESKI

# POETRY

BOOK ONE

Prepared by:
Milan Gjurčinov

Skopje, 2011

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

*ЦЕЛОКУПНИ ДЕЛА НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ*

**КРИТИЧКО ИЗДАНИЕ ВО РЕДАКЦИЈА НА МИЛАН ЃУРЧИНОВ**

***ТОМ I***

БЛАЖЕ КОНЕСКИ

# ПОЕЗИЈА

**КНИГА ПРВА**

**Приредил:**
**Милан Ѓурчинов**

Скопје, 2011

Издавач:
Македонска академија на науките и уметностите

Технички уредник:
Виолета Јовановска

Коректура:
Виолета Јовановска
Драгица Топузоска

Компјутерска подготовка:
Драгица Топузоска

Тираж:
500 примероци

Печат: „Македонска ризница“ – Куманово

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-1(081)

КОНЕСКИ, Блаже
Поезија. Кн. 1 / Блаже Конески ; приредил Милан Ѓурчинов. - Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 2011. - 434 стр. ; 23 см. - (Целокупни дела на Блаже Конески : критичко издание / во редакција на Милан Ѓурчинов ; т. 1 = The complete works of Blaže Koneski : a critical edition / edited by Milan Gjurčinov ; vol. 1)

На наспор. насл. стр.: Poetry. B. 1 / Blaže Koneski. - Содржина: Од стариот нотес (1941-1945) ; Мостот (1945) ; Земјата и љубовта (1948) ; Песни (1953) ; Везилка (1955) ; Записи (1974) ; Стари и нови песни (1979)

ISBN 978-608-203-063-0
I. Koneski, Blaže види Конески, Блаже

COBISS.MK-ID 87685386



# ВОВЕДНА РЕЧ

Општо е прифатено мислењето дека делото на Блаже Конески претставува највисоко и најзначајно остварување во летописот на нашиот национално-историски и културен развиток во столетието што измина. Како неоспорна и трајна вредност книжевното и научното наследство на Конески се оцртува и денес како клучен аргумент во дефинирањето на македонскиот национален, јазичен и културен идентитет, а со своите универзални пораки и достоинства како неодлачен дел на европското и културното наследство.

Одлуката за покренување на вакво критичко издание – прво од таков вид кај нас – беше донесена на завршната седница од Меѓународниот собир посветен на 80-годишнината од неговото раѓање, одржан на 5 и 6 ноември 2001 година во Македонската академија на науките и уметностите во Скопје.

Критичкото издание подразбира верификација, т.е. најверна и најпотполна верзија на автентичниот, оригиналниот текст. Тој не може понатаму да се менува. Ваквото издание ја подразбира емендацијата – постапката која се засновува врз исправка на сите грешки и пропусти.

Критичкото издание ги опфаќа целокупните дела на Конески. Со оглед на фактот што неговите први творечки појави, во неговите најрани години, во детството и раната младост, се појавуваат во поезијата, приредувачот одлу-

чи во првите два тома од неговите Целокупни дела да бидат претставени сите п е с н и на Блаже Конески.

*

Блаже Конески во текот на својот живот објавил 14 посебни збирки. Своите најрани стихови, пишувани во раната младост и откриени подоцна, тој ги објави во селективен избор под наслов „Од стариот нотес“. По ослободувањето се појавуваат сукцесивно следниве поетски книги: „Мостот“ (1945), „Земјата и љубовта“ (1948), „Песни“ (1953), „Везилка“ (1954 – дополнето издание со циклусот „Стерна“ 1961), „Записи“ (1974) и „Стари и нови песни“ (1979). Овие стихозбирки се целосно опфатени во книга прва од сегашново критичко издание на неговите Целокупни дела, додека стихозбирката „Чешмите“ (1984), „Послание“ (1987), „Црква“ (1988), „Златоврв“ (1989), „Сеизамограф“ (1989), „Небеска река“ (1991) и „Црн овен“ (1993) се опфатени во том II, книга втора, од ова издание.

Благодарност.

Им ја изразувам својата длабока благодарност на сите оние кои го дадоа својот придонес во реализацијата на првата книга од *критичкото издание* на Целокупните дела на Блаже Конески и преку сложеното и неколкугодишно истражување заедно со мене го расчистуваа патот кон автентичната смисла и содржина на еден исклучителен поетски опус. Притоа ја истакнувам соработката и со м-р Биљана Мирчевска-Бошева, асистент при Катедрата за славистика при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а во завршниот дел трпеливата и макотрпна текстолошка работа на Бисерка Илиевска и Јасна Андреевска, дипломирани славистки.

Исто така, својата благодарност за сестраната помош при расветлувањето на архивската заоставштина на Конески му ја изразувам на раководителот на Архивот на МАНУ – Властимир Видоески, а се разбира и на целото Одделение за лингвистика и литературна наука при Македонската академија на науките и уметностите кое ме назначи за раководител на овој проект.

Скопје, мај 2009 *Од приредувачот*

# ОД СТАРИОТ НОТЕС
(1941–1945)

## ПЕСНА ЗА ЖИВОТОТ

Како лаеле пците,
како било кално –
сето ме наваса сега
во темничиштево пално.

Крваво време
сето си
    гола, измачена мрша!

    Со чекан една по една
    глави бабуњави кршат...

    И-и-и-и!
    Задишени
        напред вјасаме,
        не се даваме,
    настрвени
        ќе касаме!

## КАМБАНИ

Попусто ближен бараше
срцето желно, прежелно...
Самотник одам некаде
заслушан в темен шум.

Срамотно му е некому
еденздруг да се смислиме,
еден за друг да најдеме
најискрен, добор збор.

Загина сешто невратно,
самотно што сум сонувал –
остана само навреда,
на срце горок жал.

## НОЌНА ПЕСНА

Јас сакам сам да одам,
чудно ноќта ме пречекува,
со ѕвезди ме опсипува,
жуберка месечинска светлина,
ме опијанува,
длабока мисла, скриена мисла
од гради станува.

И кревам очи – чудна песна екна,
ноќта ме усинува.
Да бидеш тука! Тука не час,
ѕвездена вечност поминува.
Да бидеш тука –
од сите ќе те сторам најубава!

Нејќам да видам, нејќам да знам,
песната само нека ме носи,
да ме окрилува!
Се лула небо темносино,
сешто шепина, штурка, пригласува,
жален спомен ме милува.
Дека ти мислам најарно на светов,
а ти ме нејќеш – жал ме задушува,
жал сѐ заглушува.

## РАЗДЕЛБА

Нам ни е дадено за ден да сакаме
и пак на разделба тажни да бидеме,
и пак си велиме: не заборавај ме! –
а може никогаш да не се видиме.

Пат ќе ни препречат мостој соборени,
пат ќе ни препречат градој изгорени,
пат ќе ни препречи куршумот в чело.
И пак сме можеле тажни да бидеме,
и пак си велиме: не заборавај ме! –
а може никогаш да не се видиме.

## ЗАКОПНА ПЕСНА

Старице збогум!... Ти една мене
цел живот дете ме позна́ше...
Таговно сега клепало клепа,
носилка трга низ село наше.

Нема да дојдам, не пуштив солза, не ми е жал,
ден за ден така нѐ скрија дните...
А еднаш од тебе, дете оџарено, пупунче мало,
чув прва сказна за пупунците.

Збогум! Почини в суроваземја...
Не ќе се штрекнешноќе од тага,
ни вик ќе чуеш, ниту ќе видиш
крвава рана на синова снага...

## СТАРАТА

Старата запира до темната порта, –
не £ се слуша, страшливо се обѕира,
сè £ се чини – некој £ се подбива.

Старата запира до темната порта, –
не £ се види, рано на ругузина се свиткува:
на сон оддалеку со мртвите се надвикува.

## ПЕСНАТА ЗА ЗАТВОРНИЦАТА

Еден темен вик ме буди,
пак страшниот дошол час.
Тука тишти, души, студи,
а немошна лежам јас.

Пак е ноќна доба кобна –
се кикоти некој в трем,
и со нокти рака гробна
од ѕидишта грепчи нем.

Ој за цутни сништа млади:
да не бидам веќе роб,
и за нова љубов в гради
ме фрливте овде в гроб!

Зошто уште, сенко темна,
во уречен идеш час,
од сон надеж да ми земеш
за слобода и за спас?

Молком гази полноќ злобна,
се засркна некој в трем,
и со нокти рака гробна
од ѕидишта грепчи нем.

# МОСТОТ

## (1945) ПОЕМА

**1.**

Кога од земјава мачна
отстапи Немецот поган,
тој, в злоба песосан мрачна,
разнесе пустош и оган.

Тиранот долго што кај нас
сееше ужас и тага –
зад својте петици гнасни
остави крвава трага.

Но мина лутата мака,
и пустош каде што легна,
се крена работна рака,
народ се стегна:

Патје се градат, пруги се прават,
тунели чадат –
                                шини се стават,
пискоти потфатен лост!
И веќе в зори
               со чад и искри
трга
               првиот воз.

**2.**

И токму кога сонцето-јунче
изрипа на планината,
одеднаш,

кипната,
бујна,
се провре
низ темен тунел
машината!
Часум подзапре,
срже,
замижа,
удрена од светлината.
Диво закопа,
прилегна,
зовре,
фркна,
и напред јурна,
надолу скокум се фрли,
од радост рикна,
в поле се урна,
ги цепи шините,
бурно
ги сече кривините,
напина гради,
ширина граба,
збива,
бодина,
лета,
размава
развева грива!

Ој напред, напред!
Крај нема полетот!
Лудува земјата,
разлава полето,
пука далечен глед,
молни сонцето сека.
Се шири рамнина и таму сребрена
се точи змијата-река!
На неа сега бодна машината,

таму да мине,
      да ја згази,
            да ја скине!
Ој напред, напред!
И сè е поблиску,
и веќе јачи железен, силен вик!
Напред!
      Уште миг! ...
Но одеднаш
      запре...
            Болно ги сви мускулите,
                писна,
небаре коњ
        во трк
            над пропаст
на две нозе
        обвиснат!

**3.**

Како прекршен ’рбет
лежи на вода мостот,
бранот тиок и скрбен
плиска железни коски.

**4.**

Кај мостот тука засилен бој се врза,
падна од дрвјата снегот, зашчека митралез.
Запеа куршум немирна песна и брза,
пукот од бомбите ’рзна. Зачкрта со бес
ножот од мините по срчата небна.
И кога зад мост над градот чад се крена,
и пожар вивна и денот се стемна,

на бегство веќе Немецот се спрема,
пиштат улиците,
ужаси гласат!
На јуриш тогаш минат
борците,
ударниците,
мостот да го спасат!

И загрготе пукот,
од железо чкрт,
куршуми в река се сипат –
во болка таа се витка,
разлава лутата смрт.
Но залудно е сѐ!
Се кикоти скришно под мост динамит,
ужасен пукот просторот го глуши,
се крши мостот и мртов се руши...

**5.**

Но еве веќе работа зборна
кај мостот јачи. Викот
и прав се крева. Гори
на сонце челикот.
Во размав казмите светат.
Работат мајстори, обгарена лика,
работи тука младинска чета!

Чука чеканот,
железото чкрта,
размава раце великанот кран,
наоколу се врти
намрштен.
Пиштат шините
под шврајс-машините,
искра прска.

Мостот се гради. Станува веќе
небаре болник од болничен одар.
Исправа железни плеќи,
протега раце над водата.

**6.**

## СКАЗНАТА НА СТАРИОТ МАЈСТОР

„Мајстори, чујте за син ми сказна,
и вие чујте, синковци млади!
За него тажи душава празна,
за него болка ми кине гради...
Го думам како остана сирак,
во лулка уште, млад сокол сам.
Како сум тиштел, како сум збирал
за да го гледам, јас еден знам.
На мојве раце детето расна,
му бев јас татко грижен и строг
а како мајка се молев гласно
да ми го спасе од болест бог.
Го думам арно во спомен дален
првното запче, и збор, и о̂д.
Но како еден до друг сме спале –
остана болка во споменот ...

Спиеше тио јунакот мој,
насмеал мило усте во сонот,
но пуста беше темната ноќ
за татко му од мака гонет.
Јас лежев скинат без капка моќ
и жежок сврдел длабеше в ум,
се вртев тешко на кревет тврд,
и слушав в уши од ужас шум,
и сам ја сакав својата смрт.

Зашто ме дари со мака светот,
да бидам страден за корка леб,
да биде гладно моето дете,
и кровот урнат и огнот слеп.
И мојот Божик да биде тажен,
да дреме беда на мојот кат,
а јас да нема со поглед влажен
да сетам радост никој пат.
Аргатска живот ко лута змија
да дроби снага, лика да пија.
И често така чудно ми беше
за сонот сладок на синот мој,
со тиок усмев како се смешка
в детински сништа заигран тој.
Ме топли драго снагата мала,
ме гали здивот, со жар ме пече,
и ми е чудно, и ми е жално
и јадри солзи без запир течат.

Израсна син ми, бор вишен стана,
му светна в очи на машкост пламен;
се стемна чело во младост рана,
и тврда мисла се спушти таму.
Низ борба нему му мина патот,
го мачи в затвор душман без грев.
Се силев залуд јас да го сфатам,
тој беше сокол, јас робјаш бев!
А кога кај нас повик се крена
да стане народ во крвав бој,
во шумна гора со прва смена
се крена тогај и синот мој!
Три лути зими, три лисни лета
со пушка в раце тој мина в страд,
и вивна светот тој кај што шета
со одбор чета низ смрт и глад.

Низ дим и пламен сив сокол лета
без леки крилје да жижне смад,
ни куршум свирнат од злоба клета
го стигна него во полет млад.
А кога мина година трета
и веќе душман бегаше в јад,
кај мостот овде, на смртта ветен,
тој падна мртов крај роден град.
Тој падна мртов од рака гнасна,
тој тука проли црвена крв,
и заден поглед му тука згасна
ко ѕвезда јасна зад темен врв.

Јас саноќ чекав да чујам чекор,
да тропне син ми на мојот трем,
но ноќта беше глува и мека,
и екот замрен и патот нем.
Го најдов дента кај мостов сразен,
со други сокли во дружна смрт.
Му беше чудно косата мазна,
ја галев долго со дланов тврд.
И после закоп низ градот мина,
одеше народ, пееше хор:
Нека се слави што јунак згина
за својот народ, извишен бор...
И тогаш нешто ме фати, крена,
се напна силно мојата град,
и божем светов друг свет го смена, –
и капна солза за први пат.
Не болка, чудо ми откри таја,
за оштo копнел јунакот мој,
тоа што секи борец го знае
кога во смртта тргнува тој,
тоа што секи човек го таи
длабоко в срце – најубав дар,
но место пожар да вивне сјаен,

што тлее често – запретан жар.
Слобода – толку што сум се мачел,
што значи разбрав тој чуден збор.
А беше закоп. Над гробот мрачен
стоеше народ, пееше хор.
И тогај реков: Мој сине, збогум,
да ти е лека земјата ладна!
За вечен спомен ќе го кренам
мостот во младост каде што падна!

Мајстори, вие имате чеда,
почујте татков зарек и клетва,
младичи, син ми во вас го гледам,
негова тврдост в очи ви светка:
Да прегне секи. Треба да се гради
мостот! Челик тврд нека пишти!
Крв в темел легна. А таква зграда
ни век ја руши, ни бура ја ништи!“

**7.**

Готов е мостот!
        Убавец бодер!
Наутро рано од сон се буди,
протега лак по лак.
Наутро чуден гостин му иде
од модер простор преку ридје,
сонцето – единак!
Сонцето голичко в река скака,
брвнува сето од лад и свежест,
на дно се нурка, плива и шлака,
а мостот фрла од сенка мрежа
и да го фане во неа сака.
Вода се плиска, роса се блиска,
смеа се гласи од бисер јасен,
над река трепка божилак ...

И тогаш
тајно
по шините
далечен трепет се носи,
нечуен
стишен
лек.
Стине
и трпне
од немир мостот!
Морници слатки го лазат.
Премира.
Чека ...
Одеднаш
радосен вик
ја раскина
тишината!
Горе
зад полегат рид
изрипа
машината!
Молскотен поглед
на мостот
метна.
Зеде здив,
прилегна
закопа,
за’ржа
и летна –
надолу се урна,
ги цепи шините,
бурно
ги сече кривините,
напина гради,
ширина граба,
збива,

бодина,
лета,
размава
развева грива!
И ете ја пред мостот.
Шири раце тој!
Со пискот
на гради
му се фрла,
го пали
со здив,
го гали,
го свива,
го стега
в железен преграб,
заглушит,
бурен.
Само за миг.
И веќе напред
в ширина јури,
јури
со победен вик!

Ој напред, напред!
Крај нема полетот!
Лудува земјата,
разлава полето,
пука
далечен глед!

# З Е М Ј А Т А  И  Љ У Б О В Т А
# (1948)

## ТЕШКОТО

О тешкото! Сурли штом диво ќе писнат,
штом тапан ќе грмне со подземен екот –
во градиве зошто жал лута ме стиска,
во очиве зошто навирува река
и зошто ми иде да плачам ко дете,
да превијам раце, да прекријам лик –
та гризам јас усни, стегам срце клето,
да не пушти вик.

О тешкото! Старци излегуват еве,
на чело им мисла, во очи им влага
и првиот чекор по меката трева
е мирен и бавен, со здржана тага.
Но ’рзнува тапан и писок се крева
и молнија светнува во секој глед,
и напред се пушта, се стрелка, се слева
стегнатиот ред.

До старците момци се фаќаат скокум;
не издржа срце – сив сокол во клетка,
не издржа пламен жив потулен в око,
не издржа младост што сака да летне!
Се залула оро! Се заврте земја,
и чиниш – се корне стресениот век,
и околу трпнат ридиштата темни
и враќаат ек.

И божем се врасло кипнатово оро
со исконска сила за земјава наша
и во него шуми на реките зборот,

и во него рика див ветер и страшен
и во него шепнат узреани житја
и вечерен мирис се разлева тих,
и земјата дише во пролетна ситост
со запален здив.

И душата, чиниш, на родот мој мачен
во тешково оро се уткала сета –
век по век што трупал сѐ попуст и мрачен
од крвава болка, од робија клета,
век по век што нижел од корава мисла
за радосна челад, за слободен свет,
од песна – за љубов што гине со пискот
ко жерав во лет.

О тешкото! Кога во молк да те гледам,
на очиве магла ми напаѓа сура,
и одеднаш – в бескрај се растега редот
и ридја се губат в пустелија штура –
и еве кај иде од маглата матна
сѐ сенка до сенка, сѐ еден до друг –
во бескрајно оро син оди по татка,
по деда си – внук.

Времињата мрачни се нивното поле,
и нивната свирка – на прангите ѕвекот,
а главите им се наведени доле,
и покроце врват – сѐ чекор по чекор.
О времиња, што ве в мрак родот мој минал,
кој збор ќе ми најде за вашата стрв?!
Кој збор ќе ми најде за ужасот зинат
над пустош и крв?!

Кој број ќе ми каже на лутите рани,
на пламнати ноќи, на пеплишта пусти,
кој на срце болки ќе изреди збрани,

и на очи солзи, и клетви на усти?
О тешкото! Синџир ти беше на робја,
од калеши моми и невести ред,
со врзани раце во плен што ги погнал
насилникот клет.

О тешкото! Синџир ти беше на робја,
дур не стана народ во листена гора,
сè дури со јадот од векови собран
не поведе бујно, бунтовничко оро!
Се залула танец низ крвје и огон,
и повик се зачу и грмеж во чад –
те разнесе сегде бунтовната нога
по родниот кат.

О тешкото! Сега по нашите села
во слобода првпат штом оро ќе сретам,
зар чудно е – солза да потече врела,
зар чудно е – жалба јас в срце да сетам?!
Од вековно ропство, мој народе, идеш
но носиш ти в раце дар златен и пој.
Пченицата твоја триж плодна ќе биде,
и животот твој!

# ИЛИНДЕНСКИ МЕЛОДИИ

**1.**

Бел трендафил – ти за мене цутиш,
и ти, моме, мое ќе ми бидиш!
Ти си, младост, за да се радувам,
малој моме за да те милувам!

**2.**

Молчи, молчи, кутро срце!
дури среќно да ми бидиш,
по апцани, по зандани
многу маки ти ќе видиш.

**3.**

Сношти жално низ темнина
јаор дрво шумеше.
Само легнав, сам си заспав,
ми се сони чуден сон.
Ми се сони темна магла,
во маглата до два сокла,
од крилје се бисер рони.

Кажи, мајко, стара мајко,
каков показ е?
– Тешка коба, судна мака
коби, сину, твојот сон:

темна магла – темен зандан,
до два сокла – до два брата,
дробен бисер – ситен синџир.

**4.**

Лудо лежи во зандана,
тешки пранги на нозете,
дробен синџир на рацете.
Никој не иди
лудо да види,
таго ле!
Утре рано ќе отворат,
лудо младо да заберат,
лудо младо да загубат.
Никој не гласи
лудо да спаси,
таго ле!

**5.**

Гарване море, црно пиле де!
Лоша коба кобиш, црни гласје носиш.

**6.**

Многу жал ми падна, многу црна мака,
за твојата младост дека загина.

Силно момче беше, силно срце в гради,
не истрпе срце ропство да го јади!

Ти нарами пушка, одбор чета собра
и планина вати гора зелена.

Те издемна душман, во злоба утаен.
За отплата вика гробот твој незнаен!

**7.**

Крени се, Гоце војвода,
доста си трпел неправди!

Тебе те чека горатa,
тебе те пека полето;
на нива мачни селани,
клетите робје в зандани.

Крени се, сину народен,
поведи народ поробен!

Да ни е пролет пролетта,
да ни е наше полето,
да ни се мили селата,
да ни е радост челадта!

## ПЕСНАТА

Запеј ја, мнуче, запеј ја
песната Стојановата,
песната јунаковата, –
каде бил Стојан, кај минал,
кај одел Стојан партизан,
како е Стојан загинал
од тие клети фашисти.

Не можам, дедо, да пеам
песна за син ти Стојана –
каде бил Стојан, кај минал,
кај одел Стојан партизан,
како е Стојан загинал –
зашто си многу жалослив.
Кога ќе песна запеам,
крвај ќе солзи пророниш
и мене ќе ме нажалиш.

Запеј ја, мнуче, запеј ја
песната Стојановата.
Гламна е срце татково,
солзата роса од небо.
Кога ќе песна запееш,
роса ми роси на срце –
заш ми е мило за него,
за неговото јунаство,
заш не е Стојан загинат
на тланик дома седејќи,
туку е Стојан загинат
крвава борба водејќи:

последен куршум исфрлил,
последен душман умерил,
последна песна испеал –
така е Стојан загинал.

# ПИСМО

Ти за цел живот мене
најарен другар ми си –
детството штом ќе го спомнам,
јас тогаш за тебе мислам.

Игрите едни ни беа
и едни дните бели,
дури не дојде денот
и деца нас нè дели.

Далеку еден од други,
идеа писма често –
но само едно го думам
ко звук од полноќна песна.

И кога првпат го четов,
непознат оган ме згоре –
ми беше блиско а чудно,
и нов ми звучеше зборот:

„Јас сакам секогаш тебе
мил другар да те сретам.
Затоа работи и ти
да стане поубав светов“.

Друже, да знаев тогаш
дека во борба ќе згаснеш,
на зборот твој би ја сетил
силата дивна и јасна.

Јас после често сум паѓал,
јас немав срце крепко,
но пак сум наоѓал сили
сонцето да го сретам.

И кога в мрак сум тонел
– не можам просто да мислам! –
о колку страшно ми ѕвонел
зборот од твоето писмо.

Не. Нема да ја скршам
твојата силна клетва.
Јас ќе се борам, друже,
да стане поубав светов.

Ти не си за мене мртов.
Ти в спомен живееш свиден.
И дури денеска можам
твој верен другар да бидам.

## НА ГРАНИЦА

Езероно ти го виде:
граница го на две дели.
Но кој бранот би го запрел
открај накрај да не иде,
да не шири крилје бели!

На другион рид се гледа
кралска круна од камења.
Бурандар ја неа редел –
нека знае секој еден,
одавде е кралска земја.

Наше поле сонце свети
а во Грчко облак паднал.
Житјата се таму жални
и дрвјата молчат клети
на грчката земја страдна.

Таму ноќта страшна лази,
таму ноќе села горат.
Житјата ги крвник гази,
крвник прави грозен празник,
коли, беси, пали по ред.

Пак се полнат занданите,
наши браќа во нив гинат.
Лемна ноќ ги голта дните,
тлеат луѓе в пранги свити,
в Беаз-куле, во гроб зинат.

Пече, тишти в срце рана!
Нема веќе тука умир.
Та со пушка народ стана
и напреку гора фана,
што за тешка борба шуми.

По селата војска врви,
Македонец и Грк рамно.
Нека врагот страв го здрви,
нека падне в матни крви
тронот негов, тронот срамен!

Езероно ти го виде:
граница го среде дели.
Но кој бранот ќе го запре
од брег на брег да не иде,
да не шири крилје бели!

А кој бедем ќе го скроти
на народот бранот бурен,
и кој ќе му стане спротив
кога народ ќе се сплоти
тиранството да го урне!

## СОНЧЕВА КОЛОНА

**– БАЛАДА –**

Заседа волча во матна зора
крај горски пат...
И краток пукот и одек громок,
а после – мир и барутен чад...
... Седумте борци паднати в зора
ги носат
в Прилеп
на плоштад.

Одеднаш веста –
црна птица
писна над градот со жален крик.
Здивен и злорад
низ улиците
крвникот мине.
Штик по штик.
Го гризе камен за петиците,
го стрела смртно од сите лица
градот
бунтовник.

И дочул тажна вест за сина
нема да престапи таткото праг,
ни брат со мрачен лик ќе мине
за да го види мртвиот брат.
Не!
Стаил болка што срце кине,
Одмазда спрема тој в машка град!

Но клета мајка како да трае?
Ја клукна змија,
болка ја сви...
Шамија црна врзува таја
и трча таму со издив стаен
за задно збогум со својот син...

Денот е мрачен. Прсоли дождец.
Попуст и потих е плоштадот.
Седмина лежат во крвав ред.
Стражари стражар изѕемнат над нив,
цинично свети бајонет.

И ете таа дотрча таму,
и замре над нив,
ја зави мрак...
Но ако в очи магла £ падна,
со срце мајка го позна страдна
го виде мртов сина си млад.

Ги изви таа во ужас прстите
и прекри лик.
Се стресе сета ко слаба трска
и напна гради...
Но од градите
не се чу вилен,
раздирлив вик.
И само солза низ образ ливна
над мртов строј...
И в миг
ко веда
ја светна силно
безумна мисла,
но мисла дивна:
Не!
Не е тој!

И тогаш мајка раствори очи,
поглед што мине над труп и кал,
и како жерав без пат и почин
што тоне в небо со тивка жал.

Се топи в срце тешкиот камен,
и гледа мајка нов, чуден крај,
и жив го гледа сина си таму
како во сонот што си го тај.

Го виде таа во зори рани
по горски срт,
            од сите прв, –
колона кај што од партизани
достига вишен планински врв...

Се лула под нив просторот сињ.
Во утрен пурпур небото тоне.
И светнал таму нејниот син
пред румен изгрев
            во орлов лет...
Се гласи песна –
            горите ѕвонат,
изгрева сонце,
            стапува в ред...
Сонцето оди пред таа колона!

## ПРОЛЕТНА ПЕСНА

Под земи трева, со скришна мисла,
са зима расте, расте.
А в пролет извор зелен и бистер
на бујни извира пласје.

Животот плодно ми се слеа
со тебе, таткова земјо.
В гради, ко в бразда, со тивка смеа
ми никне твоето семе.

Со твојте лозја во листеж еден
јас дишам небо модро.
Со ваква љубов прв пат те гледам,
пченичке, поле родно!

И колку звучна радост ми буди
мостон што ние го прајме.
Та твојот полет ме носи чуден,
о роден, слободен крај мој!

И кога сега песна ми зрее,
знам кому ќе ја речам –
на мојот народ што дивно пее,
што пее в ѕвездена вечер.

О моја младост! Не мисли в пролет
за твојот дел и среќа –
со ’ржта бујна во ширно поле
никне и сињо цвеќе.

На твојот народ со одот силен
и твојот занес иде.
О младост, биди сив сокол крилен,
сив крилен сокол биди!

## ВЕСЕЛА ПЕСНА

Разведри чело намрштено,
толку е убав овој ден!
Доста си седел во мразна соба,
излези, будалче однесен!

Полето малу снежец го покрил,
на сонце сето се смеј и сјај.
Излези таму, насмеј се и ти –
сонцето скокот ќе ти нај!

Зелена тревка таму ќе видиш,
зелена тревка крај колски пат:
сети се оти пак видок има,
две срца да се преграбат.

Денеска многу ти се дава,
толку е убав овој ден!
Не мисли! Летни како пиле
од млада среќа окрилен!

## ПОЛНОЌ

Бистра месечина,
полноќ јасникова;
бисерен шепот
                мрзне на гранките.

В небо облачиња –
пловат пополека,
цела ноќ – бели
               и разделени.
Утре пред изгрев тие ќе починат
               сињо-зелени.

О мисло слободна,
чудна височина
те мами, од гради
да летнеш румена
и како ѕвезда, како зорница
да се вледениш во ведорница!

## УТРО

Наутро секиден минам
каде што домот се ѕида –
очиве слатко се шират
пораснат штом ќе го видам.

Ноќеска поросил дождец,
скелиња мокри се вишат,
небото миено свети
и влага циглите дишат.

Млад мајстор горе се качил,
сонцето зрње му бликска.
Колку е утрово јасно,
колку е небото бистро!

Мајсторе, слушај ме, чинам
ја ѕидаш куќава, друже,
не на полјанката пуста
ами во мојава душа.

И нешто во неа празно,
темно и пусто што било,
сега се полни со врева,
со смеа, говор и живот!

## КАРАОРМАН

Караорман и Славеј Планина,
двајца браќа, два лути ајдути.
Караорман – постариот браток,
а Славеј е брате помалово.
Нигде нема лика над нивната,
нигде нема сила над нивната.
До кај држи рамната Дебарца,
до кај држи пуста Малесија,
до кај држи земја македонска –
за нив народ славна песна пее,
за нивната лика и јунаство.

Караорман и Славеј Планино,
ноќта вари та што ве превари,
ве завари поле пустелио.
Од одење нозе постанале,
од одење снага премалела,
та легнаа браќа да поспијат.
До рамено рамо се гушнале,
со една се сакма наметнале.
Над нив ситни-дробни ѕвезди горат
и ветрец им тивка песна пее,
песна пее за да ги успие.
Но не спие Караорман силен,
а санок се тешко издишува.

„Караорман, брате поголемо,
каква жалба на срце те гори
та не можеш санок да заспиеш?“
„Ој Славејко, мое мило брате,

јас си имам до две лути жалби.
Жалба ми е личната невеста
што ја клети Турци загубие.
Жалба ми е млада партизанка
што ми падна во борба крвава.
Јас на живот двете ги залубив
и двете ми мене загинае.
Кај да најдам нивна убавина,
кај да видам нивните очи,
кај да чујам нивното зборвење?“

„Караорман, брате поголемо,
немој толку тага да тагуваш.
Ти погледај дробни ѕвезди над нас,
тоа ми се нивните очи.
Ти наслушај извир кај извира,
тоа ми е нивното зборвење.
Ти мирисни трева ка мириса,
ка мириса смилот и ковилот,
тоа ми е нивнината душа!“.

# ОХРИД

**1.**

Ој разбуди се, росо девојче,
ти да погледаш долу полено,
како е поле раззеленето,
и по полето бели сватови –
коњи виловни што разиграле,
песна сватовска што запеале.

– Ој та не ми е поле широко,
поле широко раззеленето.
Ој туку ми е сино езеро,
сино езеро разлелеано.

Ој та не ми се бели сватови,
ој туку ми се бели бранови.

Ој та не ми е песна сватовска,
ој туку ми е песна жалосна.

Шуми езеро, играј езеро,
летај, жгалебче белокрилесто.
Летај долетај мене на рака,
да те затоплам на бели гради!

**2.**

Три дена веќе езерото,
три ноќи пее бурна песна,

како во чуден занес сето,
како во игра страсна и бесна
бучи и јачи
клика и плачи!

О таква сила! Да можеш така
во занес бескрај сет да тонеш!
Да можеш таков глас да имаш,
над бурни водје да заѕвони,
од сури ридје да се рони!

## ДОЈРАН

**1.**

На брег има сенчест јаор
– сиња водо, сињо небе! –
Ој девојче што те видов
при стариот јаор тебе!

Кај се најде твоја личост,
кај си расло вита снага?
Во очи ти небо спие
и езерска модра далга.

Низ твоите долги клепки
златно сонце свила точи.
Сиња ми е сета душа
од твоите сињи очи.

**2.**

*„Да го видам езерото*
*како фрла далги, далги...“*

Што в жална песна се рекло
сега за вистина ми е:
како што срцето в гради –
далгата в брегови бие.

**3.**

Модри ридје, крају свиден,
да би секој вас ве видел!

Да би дошло мало дете,
в грсти вода да си лее,
со камчиња да си игра,
крај езеро да се смее.

Да би дошло лично моме
што го чудна желба влече,
крај езеро да се запре
кога паѓа сиња вечер.

Та момето и момчето
крај езеро ќе се сретат.
Ноќе далга ќе им шепне
и ѕвездите ќе им светат...

Мене ми е уште болка,
на срцево жал ми иде –
толку младост да поминам
а езеро не бев видел.

Крај тополи јас сум стоел
над тажната штама водна.
Јас не знаев колку лична
е земјата моја родна.

**4.**

Чунчето среде ме носи,
езеро ширно се плиска –
сонцето в далга се дроби
на дробни зрнца од бисер.

Да можев – и да ги зберам
овие мониста в рака,
јас би ги чувал за таја
најмногу што ќе ја сакам.

**5.**

Види – езероно се разлета,
рашири далги – крилја,
оно во мила игра се гони
со птица лекокрила.

Птицата над него ниско ќе слезе,
бели пењи ќе сигне –
оно со смеа горе се фрла
и сака да ја стигне.

Но веќе птицата в сонце се топи,
клика под небо вишно,
а пак езеро долу се спушта
и сузбивано дише.

Никогаш, езеро, леката птица
не можеш ти да ја стигнеш.
Со тебе таа подбив се бие –
слободна, кликтава, дивна!

**6.**

Арно – со стариот рибар
на брег да заседнеш вечер,
виното пред вас да тлее
и збор по збор да тече.

Зборот е негов трпок,
со влага езерска пропит,
на чело бранот му врежал
тежок и опален опит.

А уште поарно – в чунче
со момче рибарско да си,
што мерно подига весла
и песна рибарска гласи.

Душата негова жедна
сончева топлина пила.
Од млада става му бие
за живот надеж и сила.

**7.**

Зад планиње сонце зајде,
на езеро сенка лега...
Збогум Дојран! Пат ме чека,
треба, треба да се бега.

Наугоре патот оди,
го достигнав веќе ридот,
и се свртив – уште еднаш
езерото да го видам.

Јас не можев да се делам
од опулот негов модар –
назад, назад тој ме вика
а јас треба да си одам.

Се издишив гласно тогај –
зошто минеш клето време...
Ој девојче сино око,
барем тебе да те земев!

Барем тебе да те имав,
би сум одел сегде ведар –
в твојте очи би се ѕирал,
езерото би го гледал.

# ПЕСНИ
(1953)

*ЛИРСКИ ЗАПИСИ*

## ЗОВ

Ах овој есенски ден
со сонце позлатен!

Излези, излези брзо
заедно да проскитаме,
исти луѓе да видиме,
со иста смеа да итаме.

Срцево ми е денеска
детенце неповиено
од светлина опиено,
од овој есенски ден
со сонце позлатен!

## ПРОЛЕТ

Ноќеска слушав песна
далечен топол глас,
утрово сонце ме бакна,
затоа весел сум јас.

Очиве ми се смеат,
како да не бидам луд!?
Од поле децата првпат
донесле врбов цут.

Како да не сетам мака
за твојот поглед и рака!

Спомни ме и ти мене
в срмена пролет и драга –
навечер кога со пупки
се реди твојата снага.

## РАМНИНА

Ој рамнино рано наутро расонета!
Истај го превезот,
замаглицата на шипје напласти ја,
да гледам како те галат полека
ко дланки сенките од облаците.
Би сакал душава по тебе
килим да ја постелам,
би сакал срцево коњ ’рзак да биде,
по тебе раван да оди,
во правје да се прпела.
Ех таго моја!
Се шириш пред мене како жена настрвена
со очи светнати, колкови престегнати,
жена изгорена,
само не за мене, само не за мене!

## ПРИСПИВНА

Кој ли ќе те гушне
со рацете мали
и со златна коса
санок да те гали?
Кој сребрена песна
на сон ќе ти пее:
„Надвор ветре дува,
месечина грее.
Надвор лисје шуми,
ројот ѕвезден бега.
Јас те сакам многу,
мој си, мој си сега.
Надвор роса роси
и зокумон спие.
Спи ми, спи ми, сонот
убав нека ти е“.

## ОЧАЈ

Жежок, потен ден се свиткал
и како сач се склопил,
до небо денот се усвитил –
облаците ги стопил.

Сите модри ридје наоколу
сонцето ги избриша.
Се слуша само тешко, полека
пламен кога ќе издишат.

Ништо арно мене сега
што било не ми текнува –
мислата далеку некаде бега,
споменот часум секнува.

Да нема еден човек на светов
од срце да ми е мил!
Колку пепелав, колку клет
животот мој ти бил.

Жежок, потен ден се свиткал,
над куќите се склопил,
до небо денот се усвитил,
облаците ги стопил.

# МОЛИТВА

Девојче занесен што му се молам,
мртвите вечери што ми го знâт,
о колку слатка шедбата беше
со него далеку по темен пат.

А сега болен јас му се молам
на ликот в сништа што ми се вкрал,
веселба јасна, веселба јасна
ил црна мака да би ми дал.

Ил црна мака, само да ѕуни
музика в срце, в бескраен шир.
... Но место песна влегува в срце
некаков смрзнат, безвучен мир.

И ти се губиш печална, зашто
угасна љубов во крвав свет.
Наутро болен од сон ме буди
гарванско јато во стрвен лет.

## ШУМ

Почини, немирна душо,
не блуди в приквечер бледна,
во есенска.
Листот е попаднат веќе,
и ако шум се слуша,
шум е од тага една,
од есенска.

## ЕСЕНСКО УТРО

Урнати селски гробишта,
ни крст – само влажни камари,
и над нив круша горничка
– на ветрот распната –
плаче со сите тајни дамари.
Темно и кално.
По штура скрка магли газат.
Зад нив
цапалки
вода наполнети
тунат во црвеницата.

## СМРТНА ПЕСНА

*Посветена на Н. Вапцаров*

Да те изнесат надвор
во стресен, истинат мрак –
дош тура засилен надвор
и нешто шуми надвор
во стресен, истинат мрак.

Мирно да поминеш сам
пред окрвавено зло,
ако си спомниш нешто
веднаш заббрај го.

Умира секој вик
нечуен в темнина
и твојот смртен вик
нечуен загина.

## ПОЛНОЌ

Загубен жерав в бескраен мрак,
– в бескрај се гласи самотен вик,
самотен вик –
од ветрот скршен, пред мразни зори,
уморни крилја тој ќе склопи
и ќе доврши незнаен пат.
В бескрај се гласи самотен вик
над мртов град,
самотен вик...
О дали има будно срце
тагата само, и ништо друго,
бескраен само да сети јад –
над мразно поле низ темница
пискот на сама, ранета птица?

## СОН

Јас сакам да те знам
проѕирна, далечна, мила:
од коприна те ткам,
од јасна ѕвездена свила.

И ти во искреста игра
со виор и сињак, сен и светлина
минеш низ приказен крај,
ти бледо чедо месечинско
минеш низ приказен крај,
и како далечен, и како трепетен,
како радосен ѕвон
ѕуниш во мојот сон.

Јас сакам да те знам
проѕирна, далечна, мила:
од коприна те ткам,
од јасна ѕвездена свила.

## ПЕСНА ЗА МАСЛИНКИТЕ

Си тече реката –
никому не му е жал
дека општината ги исече маслинките
над вода молкум наведени.

Јас помнам зора:
беше тиок час
кога човек чудно нешто чека
– оздрави ме, зоро рујна! –
и пак
со задуман болскот секнаа ѕвездите горе,
далечно сè ми стана,
светлина, мрак.
Само маслинките тогаш
сами над смирна река
шумеа утеха мека.

## ПРОШТАЛНА ПЕСНА

Јужи...
И слушаш забрзан шепот
топол и благ,
пролетни водје, црни водје
шумолат в мрак
и капат стреи немирна песна:
тике-так!

Пролетни водје, црни водје
шепотат тажен разговор:
„Сиротно лудо, многу ќе пати!
Утре ќе тргне в далечен крај,
другиден бездриѓан стројник ќе прати
срцето таа ќе му го дај...“
Слушаш – шумолат водје в мрак
и капат стреи проштална песна:
тике-так!

## МОЛИТВА

Да појдеш ноќе в шума
од сите утајум тајно,
на тиха полноќ да втасаш
до едно место знајно.

Ставити трепетни борје
до небо таму се вишат,
тревите околу бујно
опоен омав дишат.

Нема да истрпи веќе
срце што лудува силно,
со виком ти ќе се фрлиш
на земи диво и вилно.

Земјо, радост £ треба
на една младешка снага.
Лекуј ме, лекуј, земјо,
од немир темен и тага!

## ЗИМЕН ДЕН

Бели се тие чорбаџиски дворје,
див костен во двор се наведува.
Од соба в соба шетка мека жена,
низ прозорец погледува.

Сонченце зимно! Јас во светлината
на зимен ден потонувам
и долго, долго за ноќ раскината,
за меко зборење сонувам.

# ВРАЌАЊЕ

Се поврати човек во родниот град
по многу време и мака.
Што оставил еднаш тој не најде пак,
тој не најде ништо
да мрази и сака.

И прошета дента по сокаци сам
со надеж за веселба бујна.
И прошета дента, а штом падна мрак,
тој застана мрачен
крај реката струјна.

А пееше долу брзотечен бран
за нешто што неврат го гони,
и човекот сети во душата жал,
му дојде да вика
и солзи да рони.

## ПЕСНА

О пеј ми, пеј ми!
Каква песна!
За едно пее
за друго збори:
„Сè што си рекол,
сè што си сторил,
случајно не е,
простено не е.“

## БУРА

Колку ненадно иде бурата.
В поле се мрачи, разлава ветар буен.
Демнеме. Сега прва молна ќе светне,
во нас ќе запали силен гнев.
Грмовни тонови, груби, искинати,
и настрвени како душите што ни се
дека во крвје тонеме.
А дали ќе можеш и тивка песна да зачуеш,
како цвет на гради стиснат,
сон, оти смевнато девојче ќе видиш,
како човечкото во тебе да плаче –
дали ќе можеш?

## ПУСТИНА

Пустина студена, таа што ми ветува?
Ни сонце таму нема ни темница.
И само безгласен ветер прелетува –
глува изѕемница!

Животе, таков дар не дарувај ме,
само не тишина, само не тишина!
Не тврда немош и скаменување
во глува вишина!

## ПЕСНА

Да лажеш не е можно,
те мори вистина бесна –
срамот и тагата своја
скриј ја во нејасна песна.
И ако кажуваш тогаш
за пусти вечерни села
– два воза во здивен трк
како се сретиле в мрак –
и ако кажуваш тогаш
за крвав месечев изгрев
над темен планински врв
за црвен зрак,
во чудна сказна се слуша
тага на ранета душа.
Да лажеш не е можно,
те мори вистина бесна –
срамот и тагата своја
скриј ја во нејасна песна.

## В КРЧМА

**1.**

Вино што трпко сјае,
зад мене маглен пат –
и глас со ужас таен
што пее зарипнат.

**2.**

Засвире виолината,
низ крчма залипан тон –
и плаче горко тишината
небаре дете во сон.

## ПЕСНА

Кај се дните кога песна
ме крилеше толку пати?
Тие нема да се вратат
но песната ќе се врати.

Не сум сива, прашна душа
што се свила и што трае.
Сакам љубов да ме носи,
во срцево – песна да е.

Во срцево песна да е,
како пламен да ме гори.
Со збор страшен меѓу двајца
таа мене да ми збори.

## СЛУЖБА

Ме дарува младоста луда
да живеам со тебе ведно.
Јас не барам од тебе чуда,
те молам само за едно.

Милозлива повеќе биди,
не руши ја нужната дружба.
Со малку сум доволен, види,
зар тешка е оваа служба!

## СПОМЕН ЗА СЛАВЕЈ

Тој час мој заден спомен да би бидел –
јас тебе, вишен Славеј, би те видел
и оној килим по рудини твои
со златест прелив на илјади бои;
би спомнил како со трепет сум пазел
по таа убост леко да би газел.
На цветна лака се намерив скоро;
не цвеќе било – девојчинско оро,
не цвеќе било – малесорки вити,
со нивна лика гора лика кити.
Тој час мој заден поглед да би бидел,
во сиња магла Струга би ја видел;
од врвот вишен, пред неврат да фатам,
о езеро, јас поздрав ќе ти пратам.

## БДЕЕЊЕ

Мртвило. Синот го нема.
Чувај го, боже, од лошо!
Веќе да згасне се спрема
ламбата кутра во ќошот.

И подзамижува бледа.
Поблизу сенка се мотка.
Мајката молкум ја гледа
нејната насмевка кротка.

Во овој поглед што гасне
полека, меко од сонот,
в зеница морна а јасна
очите мајчини тонат.

И часум сета ја грее
некаква утеха жална,
како да овдека не е,
некаде в далнина дална.

Како да стравот го снема,
маката слабее, мине.
Излези надвор во тремот,
срети го, речи му: сине!

Заспива таа. Без укор
тоне во тишина мека.
Но надвор изгрме пукот,
стресена од сон се штрека.

Сурова година страдна.
Рацете врзани назад.
Кој ли во ноќва падна?
Туѓинци градов го газат.

## ЉУБОВ

Не иди зашто жалосна би била,
и колку да те копнеам – се ледам.
Што младоста во темен неврат скрила
ме влече назад со измамна сила
но зар со подбив тоа да го гледам!
Сум сакал, сега цибрина ме свила,
не иди, љубов, жалосна би била.

# ЗА НЕПОЗНАТАТА

*Девичий стан, шелками схваченный,*
*в туманном движется окне*

А. Блок

## СПОМЕН

Не да те гонам како итра срна,
не како галаба в рака да те земам –
јас ќе те кријам во моево срце
како во гнездо ластовица скрита,
јас ќе те чувам како таен спомен
со ужас дека те заборавам.

## РАЗДЕЛЕНОСТ

Тој повев тих и плавен на шалот,
тој блескот црн и мигновен в очи,
но сепак таа разделеност крајна,
ах сепак таа случајност на сето –
па зошто трешти црна веда в срце
како во глуждот на самотен даб?

## ТРЕПЕТ

Те молам запри, не пристапуј близу,
ме граба веднаш сепобеден ужас
и колку да се твојте стапки леки,
јас страдам – божем на срце ми газиш.

О тоа пат е на тага и есен
што рони лисја како тихи солзи,
и дека уште прва љубов немам,
те молам запри, не пристапуј близу.

**БЕГСТВО**

Кај што си ти – ми нема среќа,
сум темно жеден да те гледам,
сум горко морен да те следам.
О таа штура, штура близост!
Јас минам низ град, лутам в поле,
јас барам тивко и скришно место.
Но таму стои трепетлика
со молскав трепет на твојте плеќи,
пак пред тебе сум јас темно морен,
сум пред тебе – ми нема среќа.

**ЖЕД**

А како мреам кога те гледам,
не знае никој, ниту ќе знае.
Тоа е подла жед – ќе речеш.
Тоа е потез на жедна рака
до ѕвезден предел – јас ќе речам.

**ГРАБЕЖ**

Да можев да те грабнам како змев
со силни вилни ветришта и мрак,
па макар колку омразен и грд
и свесен дека пак презрен ќе бидам,
но барем сиот опиен за час
од силата на таков грабеж див.

## ЛИК

Достапни ми се ликовите машки
од кои тврдост и суровост бие,
достапни ми се и муцките врашки
со сета гроза што ја носат тие,
достапни ми се – ги гледам со смешка,
но твојот лик е неизвесност тешка.

## УСПИВАЊЕ НА БОЛНО ДЕТЕ

Заспи ми, мило, смири се веќе,
болно си, мое сине.
На сон ќе видиш јагне и цвеќе,
болката на сон ќе мине.

„Мајчице, саноќ над мене биди,
чувај ме, страшно ми е:
на пајажинана онаму види
жолт пајак крв што пие!“

Не, сине, тоа месецот грее
и ѕвезди в небесни страни.
Не бој се, мајка саноќ ќе бдее,
нани ми, нанкај, нани.

**’РЖ**

Нужна спокојност на подведени старици
и помиреност со судбината.
Некаков говор тих, едноличен, скржав,
зборови сосем секидневни
шепотени од суви усни.
Но кога ветрот ќе задува:
потресување со главите,
нескладно мавтање со рацете,
и некаква песна длабинска, молитвена,
тажна како музика
во летна пладнина – на селска станица.

## ПЧЕНИЦА

Смела исправеност на девојки
кои не се плашат од своите гради.
Модри цвеќиња им се в коса,
рацете силно стиснати до снагата,
а сепак прстите мислено жедно испружени
за прв допир.
Ах, тоа е хор девојчински –
до меѓата на сцената се наднесува,
како сладок талас да нè обгрне чекаме,
но само звуците нè грабаат на една силна песна,
што одушевува, и веднаш нажалува.

# МАК

Ова е прво одделение од девојченца
на мајски излет излезени в поле.
Тие се држат уште за рака,
бели пеперуги на главички им паднале,
само на едно – црвена,
па сите за да ја видат
на прсти се поткреваат.
Трепетат, трепетат, трепетат пеперужни крилца
од момирокот на сонцето,
блискотно се разлетуваат
и пак се збираат во дечинско оро
со песна просирна, ѕвечлива, ѕунлива.
А учителката?
Таа е тополче:
малку понастрана сама на ледината,
далеку некаде се загледала,
сета намовнува од лекиот ветар.

## ЈАГОТКИ

Ние сме црвени усни на земјата,
румени нејзини целиви!
Фрли се диво на неа,
бацуј ја, бацуј, бацувај,
дури не сетиш при засенет поглед
дека е целата до тебе стегната
и сладосно издишува.

## ПРОЛЕТНА ВЕЧЕР

Во десет навечер,
во час необичен
се споулавија сите скопски петли:
танчат гаќерите,
јачат бандерите,
од мрачни дворови пискоти летаат
накај небесата светли.
Еј, сѐ разбудија!
Во градов најглавен
        – по пропис ли, по ред ли? –
од кај се изнајде олкава чудија
бедни едноженци петли.

Аа, сега ми е јасно
што кикиригаат страсно!

Во дворот небесен,
далечен, чудесен,
излегла кокошка златна
сета се прелива,
шета горделива
по сињи свилени платна.
Со златни зрна се храни
во тие небесни страни.

Еј, кикиригу!
Еј, кикиригу!
Јачи насекаде тука
машката ука и бука –
дални се небата светли,
жални се скопските петли.

## КУМАНОВСКИОТ ПРЕВОЈ

Кога в Скопско пченицата трае
и ’ржта молчи во надгробна тага,
овде е едно брановито море,
ширина плавна и пучинска песна;
душата – долу таговна и млака –
овде се дипли сѐ талас по талас
ко што се диплат тие шумни житја
пеејќи: пливај, пливај, пливај еј!

# ПЕСНИ ЗА ФАУСТА

## ПРОШЕТКА

Да, ова не е само мисла
а роса, пчели, небо – спас!
Но, Фаусте, ти доста шета,
ај назад веќе. Имаш час.

## ИСКУШАВАЊЕ

– Сакаш ли небо од црни очи,
кажи, јас можам сѐ да сторам.
– Пушти ме, враже, јас треба сега
за јат, јери и јер да зборам.

## ЧЕКАЊЕ

Пак пролет. Вечер. Улица пуста.
Ти чекаш веќе десет лета.
Но нема, нема, нема, нема,
нема да мине Маргарета.

## НАВРЕДИ

Кога би можел да ги изумам
трите навреди во мојот живот –
ох колку лесно би живеел тогаш!
Но тие тука се, присутни вазден,
но тие живи се – будни и в соне,
и тие низ себе сè пречистуваат
со привкус горчливо-тих.

## МАТУРАНТИ

Кај се тие испрчени гради,
кај е оној смел и широк чекор,
кај сте нади, кај сте слатки Нади,
зар да трае само горчлив прекор?

Кај е оној поглед жив што гори
како в мрака огневита трага,
кај сте зори, сонувани Зори,
зар да трае само скришна тага?

Нова младост нашата ја втори,
матуранти пак во паркот учат,
а навечер викот им се ори,
низ корзото како река бучат.

Пак го гледам оној широк чекор
во идноста напред: ура! ура!
Лептир-машни, вас чудо ве чека!
Ах да не е оваа матура!

## ИКОНА

Ти немај зазор од мојве очи
кога те следат со тажна верност:
тие се скромни зографи само
тие се мајстори кротки од Гари
во чудно дело внесени сосем:
тие ти коват позлатен опков
околу твојата света лика.

**ГУГУЧКА**

Гугучке
страсно грлено зборување,
Гугучке
преграб црн околу вратот,
Гугучке
жедост за крилато милување,
Гугучке
жал за милиот и братот.

## АНГЕЛОТ НА СВЕТА СОФИЈА

Ти којшто толку време мина
под малтерот на ѕидот мрачен,
пак слободен си в простор зрачен
– о сине тих на мисла сина –
со живот пак ти гори видот
и зори како небо ѕидот.
Но таа лика што се крие
под малтерот на мојте гради
и – утеха од дните млади –
по убост како сестра ти е,
не, нема мајстор да ја спаси,
со мојот живот ќе се згаси.

**КАЛЕМЕГДАН**

Го сакам ова место покрај Сава
во час на самрак, на стаена врева.
Ко водјето на таа речна става
и мојот дух со спокојство се слева.

Од Калеме́гдан сум слегувал често
по скалите под стари влажни сводје
до ова мирно предвечерно место,
до шепотот на тие тихи водје.

Но колку време, какво време мина
од дните кога овде сам сум шетал!
Си текла, реко, в далечина сина
и една младост текла без да се сетам.

И еве пак во самрак сега идам
на брегот речен по патека знајна;
ме сили нешто сѐ потих да бидам
ко човек којшто наслушува тајна.

Сѐ потихо се гласи стапка сека
и како бран се слева мојот живот
со ритамот на таа ширна река,
на таа мирна приквечер со здивот.

И јас сум само бран што леко тече,
се плиска, шуми, се смирува, трае,
и макар мрачен неврат да го влече,
но сушноста тој сепак си ја знае.

Јас течам, течам... И своите стапки
јас сам ги слушам на брег како в соне,
јас бран сум студен од гушнати капки
и тонам како песната што тоне.

И покорен на таа плавна песна
се кревам горе па брегот го љубам.
О време, сето брановитост свесна,
зар зеде нешто и зар нешто губам?

Не! Тие стапки во приквечер јасна
ги слушам веќе една вечност цела
и не велам: ти пусто, младост, згасна
а – ти си уште жива, младост! – велам.

И само жалам дека немам спомен
што појарко во свеста да те роди
од овој ритам на стапките, ломен,
од шепотот на тие тихи води.

## СКОПЈЕ

Ти што ќе стоиш на Газибаба,
потомче – чуј:
одовде и јас Скопје сум го гледал,
а денот беше пролетен, од тие
кога во меко единство се плетат
свежите линии на кровoвите
и сека топола е – зелен водоскок.
Со поглед малце премрежен сум бил
(одошто – молчам)
но видовит и јасен.
И знај:
јас сетив дека овој повик мој
е најсмел заграб во иднината,
со твојот дух е преграб, јас би рекол,
и како остра секавица сече
век по век тој,
и вика, клика, рика:
Мисли на мене!

*БУНАТА КАРПОШОВА*

*Во 1689 година го разбунтува Карпош против беговите Кумановскиот крај.*

Оган ја разгоре ноќта,
пушки немирници ѕунат –
народе стануј,
збирај се војско!
Буна се крева,
буна!

Карпош од Карадаг слезе,
од село в село ита,
планински виор ги разлулеа
зрелите в поле жита.

Народе стануј,
збирај се војско,
рипај машчио,
сиромашчио,
гола-боса!
Грабај
кој има – кременарка,
кој нема – ластегарка,
сор и коса –
удри го бејското племе,
темник нека го земе,
виор в пустелија нека го расее
пчошкото семе!

Каде поганци од кулите
сосе пискулите
и булите?
Нема да куртулите!

Крвав ви иде Еремија –
в десница сабја му трешница,
в левица гламна горешница.
Страшна е раката
што плаќа за маката!

Зора зазорува –
а по сите патје
идат лути сватје,
чекај, кумановски граде,
ќе тропнат на твојте вратје,
отворај визби, амбари,
токми дарови –
Карпош ти води свадбари.

Буно Карпошова,
селанска веселбо!
Црвено вино
          – црвена крв –
на пат се лее,
јуначка песна се пее:
На крала кралство ќе земеме,
на цара царство ќе земеме,
земја ќе ослободиме!

Идат...
а крај пат,
на сув брест качен,
Зија-бег – на високо.
На рамо гаргач држи
место сокол.

Зијо,
змијо
на капина префрлена,
еве ти за белите

што ги чинеше,
душата што ни ја кинеше,
еве ти за беделите,
за кулуците по неделите.

Идат...
Барјак крвавее,
пушки ѕунат –
народе стануј,
збирај се војско,
буна се крева,
буна!

*МОНОЛОЗИ И ДИЈАЛОЗИ*

## СПОМЕН

Ми останаа во умот белите магли
и една пуста есен по нашите полиња...
Бегаше возот наврнат, жално рикаше;
бегаа селата есенски од мене
и ридје голи тонеа во далечината.

Беше расплакана, кална приквечерина,
чад ми влегуваше в гради –
за тебе мислев, земјо татковино,
тага се склучка в гради.

Како да не бидам тажен штом гледам
што е нашево сега, нашено минато:
бакалски носеј пробесени,
бечви процовцани, унечки измацани;
селански очи тресливи,
раце испукани, умој исчукани,
вратој наструпени,
глави ничкум наведени...
- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -  - - - - -

... А тие – деца пргави
на света борба ветени –
потурнати, поплукани,
на раскрсници крвави
умирале ужасени.
Тие, на небо пустелинско
од темнината штрекнати
метеори угасени!
- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Бегаше возот тогаш наврнат,
рикаше во темницата;
така рикаше мака во мене
дека сум роден во згазено племе...

И зошто сега пак љубов ме враќа
кај тебе, земјо песочлива?
... Длабоко в душа остана спомен
за бели магли по нашите полиња
за песна од налани по нашите калдрми...

1939.

## ДИЈАЛОГ НА ПОЛНОЌ

*(Човекот си се размислува в постела)*

Како се измеша веков,
косата да ти се крене!
Н' остана живот за нас,
за берокуќници,
за прокопсаници,
луѓе чесни домаќини...

Си збиркал, се вели, еднодруго,
си пустел, си штурил –
в бочва винце си турил,
сиренце в каченце,
в амбарче брашенце,
на чингел пастрмца,
си робувал да си пригодувал –
како берокуќник,
како прокопсаник
и домаќин човек.

Крмнак сум заклал,
колбаси сум наклал,
сполај му на бога,
гревота да се жалам –
арно ми пушти прасето,
стопив три канти сало.

Компири, грав,
ти реков – ми рече,
од немачка, далеку била,
немам страв.

За цела година
има да кркаат дечињата.
Откај комшиите, богме, сосе черга
кај нас ќе минат глувчињата.

И слобода чекавме,
и слобода ни дојде:
напи си се винце,
и што песна милееш
можеш да си испееш.

Што сакаме – си имаме,
сè ни е арно и погодено.
и пак тие пци
бунтови креваат,
очите си ги вадат –
заради нив сега
цел народ да страда.

Како се смеша веков,
косата да ти се крене!
Си збиркал, си пустел, си стекол,
а сега од страв водвор да не можеш
асолно да си се исекнеш!

Нити со мерак најаден, напиен,
нити човечки наспиен:
ноќе, што било ова
саноќ да се пука –
кутрата, се стуткала жената,
а мене срцево тапан ми чука.

Знаеш богдачува што бидува?
Никој не те праша: прав си ја крив.
Туку ти рикнала пред порта мечка:
денес ундисуваш,
утре те нема жив.

*(Надвор е бура, кој да ја разбере темницата налудничава, вие ветрот и можеби кажува утеха:)*

Јачи околу во темницата,
можеби таму дрвја се корнат
и со ветрот, и со дождот, со темницата
ноќта очаена издишува,
остаена, смртно ранета.

Не бој се,
висок е ѕидот,
портата и на жапка заклучена,
в кревет
под два покрова
не затинај ги ушите –
ние над друг плачеме,
со смртта што се знае,
со ѕвезда роден на чело.

Тебе во домата ти е
како во ковчегот Ноев:
крвава пеѓа да врие надвор,
тој докрепува јак.
Инаку како животот другиден
да се намножи пак?!

Јачи околу во темницата,
можеби таму дрвја се корнат
и со ветрот, и со дождот, со темницата
ноќта очаена издишува,
остаена, смртно ранета.

1941.

## ДВЕ ДРУГАЧКИ

*(В затвор на „свиждане“ – 1942 година.)*

*Затворницата*

Ами бебенцето, слаткото, слаткото,
камо го – еднаш само да го гушнам!
кажи – си гука? Боже да го слушнам!

*Другачката*

Со глас се смее, како прле прета
и со рачињата само лета, лета.

*Затворницата*

Зошто не го зеде? Да го донесеше!
Детински очи да погледав тука,
детинско срце да сетев кај чука.
И ти – за толку смислена да си бидела:
од кога, еј од кога детенце не сум видела.
А сега брзо кажувај како сте, како минете,
за себе кажи ми – сакам сè да знам,
јас тебе уште за прва друшка те познавам.

*Другачката*

Што да ти кажувам?
За тебе жал ми е...

*Затворницата*

Зошто?

*Другачката*

Те нема – едно да бидеме
и кај ни срце сака пак да си идеме.

*Затворницата*

Сега е друго. Не може сега.
Но ете и мене мислата често ми бега
во дните кај вас во двор кога седевме,
за тие смеи,
за игри, за сѐ и
за тоа со каква надеж животот си го редевме.
Ти после замина,
јас на друга страна.
Четири години... со мене оттогаш
многу, многу нешто стана.

*Другачката*

Одвај те препознав.

*Затворницата*

А ти си истата.

*Другачката*

Да знаеш колку си од мене тажена...

*Затворницата*

Немој! Јас не сакам солзи и пискоти.
А речи како си – со дете, мажена.

*Другачката*

Самата знаеш – нови домаќини,
не ни е сѐ погодено.
Пак и времињата не се.
Главно во слога си минеме,
колку што може збиркаме,
за куќата си спремаме
што треба да откинеме.
Така е, не, баш послатко –
сѐ сама да си редам.
Куќата многу барала,
јас дури сега гледам.
Ретко да излезам: кино, слаткарница,
штом не е на дуќан мажот ме води.
Некогаш детето в парк ќе го прошетам,
некогаш остај го, на корзо оди...

*Затворницата (упаѓа)*

На корзо? А зар има уште корзо?

*Другачката*

Има, до седум.

*Затворницата*

И одат така – ред по редум?

*Другачката*

Да, само векот е некако глув.
Те чуди?

*Затвореницата*

Дека првпат чув.
Мислам... се вртат опашките вешто.

*Другачката*

Ти ми се смееш. Да не згрешив нешто?

*Затворницата*

Не, мила! Гледаш – ти се радувам.
Но има луѓе – в гради пајажина, – празно.
Се сетив за нив и ми иде штуро, мразно.
Јас ќе ти кажам за брат ми и снаа ми:
дошле – тој се штутка, таа се срами,
поджолтнати – на прсти газат,
одвај шушолат в очи не ми се пулат,
од срце нема збор да ми кажат
и оти Лазар бил жив – ме лажат.

*Другачката*

Не вели, може!

*Затворницата*

Е мртов, отепан, одамна веќе знам.

Па што? Што дека? Го убиле... грозно...
Да премирам? Да плачам? Да зајдувам?
Не! Ќе траам!
Отепан уште појќе јас го љубувам.

*Стражарот*

Стига!

*Затворницата*

Одам. Засега што да си кажеме?
Дај да те бацам, дојди пак –
но лудо, ти не тажи ме.

*(Си оди)*

*Другачката (плаче)*

Сирота...

1942. 1951.

## СРЕДБА СО ЖИНЗИФОВ

**– ПОЕМА –**

*„Безумец, безумец, душа ти ленива, –*
*Ја чух невиден таен глас –*
*Спрегни плуг за заборавената нива,*
*Че блиска ет доба, близок ет час“.*
*– Готов сум, сја клнам, да изорам нива,*
*Кажи, кој си ти, невиден глас?*
*„Чуј! – загрме, глас сја отзива –*
*Јас сум Божиј гнев, народен глас“.*
*- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -*
*В стаја затворен, самичак лежиш,*
*А дух ти стават див и мрачен.*
*И днеска трпиш, и утре страдаш*
*И неусетно как свешт сја топиш*
*И в тешка болест, в постела падаш,*
*Дор в чрна земља ти ќе сја стопиш*
*- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -*
*Што ви направихте, книги многобројни?*
*Ви каков донесохте плод?*
*Усмалихте ли вие маки безбројни*
*На горкијт тој ми народ?*

( Од песните на Рајко Жинзифов)

**1.**

На стара Москва улица. Мирна.

Минам – и минат матно
два сиви реда уморни куќи,
а в небо – кубе темно-златно.

Притивна назад градската бука,
приквечер мрежна се фаќа.
Чудна е таа тишина тука,
времето назад го враќа.

И ми се чини – ова не сега
а пред век станува ова,
и дека тука ќе те сретам
за дружба чудесно нова.

Јас би те познал веднаш, мислам,
по твојот опул мрачен,
по одот брз и литото палто,
по ликот сув и мачен.

Јас би те познал и би те запрел
ко земјак стар и добер,
но ти си мртов одамна веќе,
стемнет во мракот гробен.

**2.**

И минам овде сега
каде што ти си минел,
но нас со црни далги
нè дели еден век.

И ете срце ми сака
на твојот гроб да дојдам,
над гробот твој да запрам
во мисли потулен.

Но кој – пат ќе ми каже,
кој ќе ме доведе таму?
Никој...
Сиракот умрел
в туѓина, в матен ден

и згинал споменот негов
и никој не идел веќе
таму каде што заспал
тој – заден мртвенски сон.

По вечер вечер гаснел,
сѐ нова трева расла,
и ноќни пролетни водје
срамниле незнаен гроб.

**3.**

И што? Зар може смртта стара
тој час на видок да го земе?
Штом срце сака и мисла бара,
измами ме, ти црно време!

Мој претходник, те викам денес
јас, што по исти пат се трудам.
Знам – можеш да ме судиш мене,
знам – имам право да те судам.

**4.**

И еве како одглас в душа
збор темничен и слаб се слуша:
„Ти пошто мене ме знаеш,

ти што по толку време
ми носиш од дома глас?
Зар в песна си ме сетил?
Не в песна животот мој е
како што јас го знам.
Едно е поет да бидеш,
друго да жолч те јаде
одошто многу сакаш
одошто скован си...“

**5.**

Јас нејќам близок да те спомнам
кога на некој пир си се нашол.
Си станал, велат, во царски дом и
си кренал и ти поздравна чаша.

Си имал тогаш поетска става,
ти трептел гласот, поглед се влажел
и за славјанска дружба и слава
здравица дури во стих си кажал.

Слушале царски генерали,
со многу лустри домот светел.
А тебе в грло вик те давел,
нешто, до солзи чисто, си сетил.

Јас нејќам тука да те спомнам!
Ти нели в кална ноќ се врати
со празна душа и снага ломна,
со срам од лага, човек – што пати.

Јас тебе в мрачна те гледам стаја
в приквечер зимна, сива, слепа.
Надвор е бура. Див ветер лае

и никој гробно на врата клепа.
Ти си се свил на тврдо легло,
по сека жилка мраз ти тече,
со сува рака зло те стегло,
офтика гради со нож ти сече.

Од таа немош – плач те стиска
дека си распнат, сам и дробен,
и скршен дозив в гради писка
пред ноќта слепа на прагот гробен.

И што да спомниш сега спрема
оваа проста, јасна мака?
Видело нема, ближен нема
на чело да ти сложи рака.

Далеку твојот роден крај е,
далеку, матно Вардар тече,
остана само спомен таен,
мирис на летна, штуркава вечер.

Но зошто спомен, солзно-трепкав,
пред очи како жар што горат
и споро длабат во мракот лепкав
за малку надеж дури се борат?

О, смете ветрот лански лисја
и никој нема да ги врати.
Зар твојот живот треба исто
по пусти патје пуст да фати!

Та срцето се праша, тажи
во часот суров на судно време:
„Што животот те дари, кажи,

што смртта, кажи, ќе ти земе?“
– Без радост овој живот мина
кон слобода во скршен порив –
мој дален роде, еве гинам
а толку малку, малку сторив.

О зар ќе згасне мојот спомен,
мојата мака и подвиг буен?
Кажете. Сам сум ... Викам. Молам.
Зар никој нема да ме чуе?

И оди викот твој низ мрака,
цел век се талка тој вик од очај,
цел век ја гласи твојата мака,
цел век нè дели. Но јас го дочув.

**6.**

Старата Москва е тука. Сина
приквечер на улиците слага.
Јас минам кај што и ти си минел,
ме стега некаква тивка тага.

И еве срце ми сака
на твојот гроб да дојдам,
над гробот твој да запрам
во мисли потонат.

Но нема кој да ми каже
ти каде мир си нашол,
ти каде сон си заспал
туѓинец непознат.

Ти, мајко наша, попусто расна

мажи со ѕвездено чело:
нивната младост в туѓина згасна
и глува смрт им беше делот.

И мрак над споменот нивни се сипал
и був над гробот им пискал.
А ноќе дождец есенски липал,
навевал ветрот лисја.

**7.**

Мртов си тука... Сенка без спомен.
Но тебе зар тој дел те чекал:
да бидеш име во прашен том и
лист пожолтен в библиотека!?

И првиот сум јас што сакам
очи во очи да те сретам.
И прв ме жижна твојата мака
за тебе близок, жив да те сетам.

Ми треба другар.. Штом јад ме стиска
и срцево е студен камен,
јас кај да најдам душа блиска
со жизнен да ме стопли пламен?

Кој помош ќе ми даде тогаш,
со таен повик да ме викне,
со очи полни прекор, строгост,
кој до дно срце ќе ми викне?

О другари, зар од нас секој
во немир ликот не го будел
на оние низ мрачни векој
што носеле на подвиг удел.

А Жинзифов? Во први зори
тој орач беше на пуста нива.
Па живеј таков и во нас гори,
о Жинзифов, ко љубов жива.

1946. 1953.

## РАКУВАЊЕ

**– ПОЕМА –**

Вечерта на 2 септември 1941 година. Мансарда на една висока куќа во притивната софиска улица. Тоа е станот на поетот Коле Неделковски. Тој седи на масата, прелиствувајќи го, занесен во некаква мисла, зборникот на Миладиновци. Рацин, во шетањето низ соба, во овој момент е запрен пред отворениот прозорец. Светла над градот сè до далечината, како некакво ниско небо. Се чувствува преку крововите пријатен дах од блиска градина. Горе допира само благ шум што успокојува и што ја затвора самоста.

*Коле (Погледот му се застојува, чита во себе, а после, гласно со гест спрема Рацина ги повторува стиховите):*

„ Момето одит на езерото,
Да ми налеит бисерна вода...“
Бисерна вода...
Ја гледам таа жива вода,
жуберлива.
Со срце, не со усни, би ја пил
од бел грст на девојче,
кога се прелива
да не знаеш што е во него збрано:
кладенче,
сонце,
бела гулабица,
милување.
„Одит момето на езерото...“
Како да гледам модра далга,

а по неа друга, тивка, се шири,
и така до далечината,
до полно смирување, –
и мислата што ја следи, сѐ поспокојна,
таму се стопува со нешто широко,
со една свежа и раскошна душа.
Не знам, но за мене е тоа –
најприсен допир со родината!

*Рацин:*

И тоа трае миг.
Ах, далечен призор.
Друг шум јас наслушувам,
шум на крвта што секогаш е во нас,
шум на црвени, бурни езера,
зад работ на кои,
секогаш,
некакво сонце изгрева или зајдено е!
Родината –
низ тој шум прашање вечно:
како во животот?
Како со луѓето?
Со љубовта и омразата?
Со себе како?
Лесен одговор во збор красно срочен,
со важност за сите, со важност за сегде.
Тежок кога безброј пати
човек треба да го дава.
Родината?
Видиш каква мисла:
врсница таа е наша!
Ние ја растеме во себе,
смртни
а за вечност жедни,

неа
што треба вечна да биде!
Погледот в срце –
блесок в ноќен вир,
и зборот нејзин:
„Пред чинот сме веќе,
доста несталните возбуди на песните!
Не закопујте ме
во жабјакот на млаките души,
не оставајте
пајажина да ме обвие
во срца колебливи.
Сонце сум – својот изгрев го сакам,
слобода барам –
изборете ја!
Ах, како ветар дахот да ми мине
над мајските ’ржје,
и тоа таласање –
на тревите да им се предаде,
на лисјата да им се предаде,
на рамнините,
на ’рбетите од планините,
и подалеку –
на езерата да им се предаде,
да биде докрај една слатка морница
по снагата од сета наша земја!“
Родината:
не спокој е таа,
ниту езеро мирно,
судбата на животот наш е тврда:
верност бара
напред кога нè праќа,
на паднатите по нашите распаќа,
на самите нас,
да најде веќе смисла – жртвата.
Како ќе постапам?

*Коле:*

Пред сите еднаш реков
„во дните тешки да бидам верен!“
Врсница наша – што убаво,
како свршеничка љубов звучи!
Со сè што кријам во себе тајно,
од себе надвор –
£ припаѓам.
Во часот суден за таа љубов
како пред смртта би сум стоел?
В зеница како би £ гледал –
неизвесност.
Но човек треба да се спрема,
и ми се чини и јас се спремам,
Чудно чувство имам откако сум решен,
од слабост е тоа, знам:
во сè ми бара мислата
жаловна сладост на разделба,
горко уживање:
Сакам да гледам ластовечко гнездо,
кога ги храни мајката голите пилци:
на полно, распеано срце тогаш ми личи,
но трошноста му ја секавам
пред ветрот,
и глувата негова тага есење,
првата ноќ кога останува празно,
од своите жители напуштено.
Сакам да прошетам низ стасана пченица,
в зори пред самиот почеток на жетвата,
кога на едниот крај жетварите
веќе завратиле ракави,
и српот блеснува со првото сонце;
тогаш е нивата уште полна тајни,
полна шепот меѓу класјето и цвеќињата,
но потполошката, возбудена за своите јајциња,

добро не £ вештава:
вечерта таа ќе биде жалосно стрниште.
Сакам осмев на случајно сретната девојка,
уловен на минување,
којзнае како жижнат:
од стек на мислите само нејзини,
го сакам заради жалбата
што е неповторлив
и што е ведно прв и заден поздрав.
Затоа толку песната ме трогна
за момето на езерото,
затоа така живо си ја смислив
бистрата вода во моминскиот грст:
поезијата е чиста таа вода; –
но ако не ја испие жедното срце на човека,
неа ќе ја испие жедното срце на сонцето
или земјата – росинка по росинка.
Ах, таа водичка е само миг
што збрал сè од светлоста, свежеста и убавината
во една дланка,
и што со сета убавина гине.

*Рацин:*

Кажи, дали мислите ни се толку блиску,
и едно претчувствување ли е тоа,
и една жед?
За жива струја и јас копнеам,
но да е таква – утока што нема,
што нема крај:
дека не по песок тече,
бели камчиња ронејќи,
и не низ трева со смеа се извива,
игралита и ѕунлива
иако млако спокојство ја чека.

Не!
Таа тече од срце до срце,
колку што срца народот го чинат,
ах, смисли ја
широчината на тоа корито!
Таа во безброј водопади се прелива,
блискотни,
од срцата на старите
во срцата на децата,
во обновата на колената.
Ах, смисли ја
бескрајноста на тоа течење!
Сладок шепот, сладок плискот,
преливи на сонцето и месечината,
ноќни приказни,
и бучење, што страши, во далечината,
и пијанство од виножито
во вриеж на пењи,
и сето тоа во човечки гради!
Таа струја ја жедувам –
поезијата.
Ја знаеш старата сказна:
два рида се биеле:
ќе се делат здив да земат,
и се загнуваат:
снага со снага се урнуваат,
со остри спили како со заби се колат,
та оган прскоти од чкртањето.
А меѓу нив, среде, во лака –
кладенче жива водичка:
секаква болка смирува,
секаква рана лекува,
кој ќе се напие од неа
умирачка му нема.
И јунак таков се нашол беше
да ја превари силината на планините,

да го издржи жарот на нивното збивтање,
од живата вода да изнесе
на мирната светлина
денот каде што почнува.
И ете, ми се чини,
ние во исти подвиг сме тргнале,
жива вода да црпеме,
меѓу два рида што вилнеат,
в срце на луѓето да им ја влееме –
живата вода на поезијата.
На бунт денеска таа треба да крева,
на жртва мал и страден народ да вика,
и зборот веднаш дело да стане!
О, треба да сме триж силни по дух,
деца на мало, потиснато племе,
во бурава на светот,
на татковината – што прави смисла,
први слободен облик £ даваме,
на поезија творци
први од срцава што ја извираме.
А кај е во нас, дали ја има
на оној древен јунак силата?
Долгот го знаеш,
но ситен да се сетиш – страшно!
Дали се чудни тие сомневања?
Кој ќе ни прости?
Кој ќе заживее со нашава душа
и тогаш кога веќе ќе нè нема?

*Коле (Тој му се доближи дури траеше ова зборување и сега се двајцата еден до друг спроти ноќната рамка на прозорецот):*

Дај ми ја раката,
молчи, доста!

Сладок и чуден часов е за мене,
душа со душа божем се прелева,
како далгите на езерото,
сѐ подалеку, сѐ пошироко,
до она полно смирување;
како крошните кога ќе запрат
од лелањето,
а две близначиња во нив
тукуштo заспале.
Долгот го знаеш,
и надеж имаш во чинот на жртвата.
Ах убави и ненадни на животот се игрите.
Ништо повеќе – само трепет на тревка,
одот на мравка како возбудува!
Но пак сме среќни ние
пред сека разделба...
Доста е олку можење,
верата, верноста наша,
за тие по нас да дадеме
на срцето мерка.
Жалај ги тие што биле,
тие што идат,
и жедни за вистината,
дека в срце ги клука,
устремени кон неа,
сепак – иде такво време –
каде е таа не знаат,
во црно, пално беспаќе се губат
како жерав со пискоти
во зимска ноќ непроѕирна.
Ја гледаш книгана онде
од која вечерва зборот потече?
Сети се како умирал тој поет
во влажна зандана,
сам,
каде што очите на смртникот

биле светлост единствена.
„Да видам Охрид, Струга да видам!“
Ако таа мелодија го испраќала,
колку безнадежно, пусто му звучела.
Негова песна, а може
само издив му се чинела
што гине од срце откинат,
без трага за човека,
и никој ништо
за еден живот
нема да знае.
А сепак колку пати тој издив
и нашата душа ја разлеал,
и колку ни е близок овој човек!
Вечерва со нас го чувствувам,
како жив да е овде,
*(Нагло се свртува)*
како да иде и тој кај прозорецов,
благ му е погледот и призивен,
тих осмев, среќен иако истрадан,
на усните,
сè уште само мене ме гледа,
јас му ја подавам ракава,
ах, колку слатко, колку чекано ракување!

*(Се потресува, поминува со дланките преку очи, и пак, озарен, му се свртува на Рацина)*

Призрак!
И нас некој вака ќе нè спомни.
Но ти си овде,
тебе можам вистински да те прегрнам,
Мој драги друже!

*(Живо го прегрнува)*

Биди весел,
Сета радост на овој час да ја преживееме,
Ова барем не е преграб за проштавање!

## ЕПИЛОГ

Истата таа ноќ... Вака е опишан настанот: „При опит за арестувањето му, на 2 септември 1941 г., од софиската полиција, како член на една македонска диверзантска група, доследен на гемициите, Коле фрла една од бомбите против групата полицаи, со надеж да си пробие пат, и гледајќи дека тоа не може да му помогне, се фрла преку прозорец од шестиот кат на неговата мансарда за да не се даде жив во рацете на врагот.“ Кон ова ќе прибавиме уште една подробност: на масата сè до другиот ден стоеше книгата отворена на истото место. Преку двете страници беа отиснати, со крв, ранетите дланки на Колета. Тоа беше неговото последно ракување.

## ИГРА СО ДЕТЕ

*На ќерка ми*

**1.**

Дај ми ги рачињата,
здружи ги прстињата,
нашата игра да си ја почнеме
стара и проста
но шалава доста:

Чук, чук!
Кој чука?
Стојанче.
Што бара?
Оганче.
Влези,
земи си.

Враже, таму кученце си скрило
и се смешкаш лукаво ко сребро,
и се смееш како изворче!
А пак мене – зошто сега веднаш? –
пред портата на срцево
сенка ми застанува,
со студни прсти некој тихо тропа:

Чук, чук!
Кој чука?
Тагата.
Влези внатре.

Јас жалам дека сивило ми паѓа,
пепелав плашт,
на споменот за твојте дни и игри,
о дете мое!

Нели сум за нив сведок единствен,
а правам таква изневера страшна:
јас немам сила она да го чувам
што ќе го бараш ти по тајно чувство,
што ќе го барам јас – со горка жед.

О расипник!
Ти криеш в земи благо сека ноќ
а дента веќе забораваш каде.
Ко огниште коледарско е умот:
взори напуштено,
снег го премрежува,
жарта пишти и гасне,
и јагленче е споменот.

Па кај е, кажи, оној блесок прв
на првно запче?
И кај е, токму каков беше гласот
на она слатко гугање?
Знам! Знам!
Но зошто веднаш појасно ги гледам
во утро пролетно
во дворот наш
двете гугучки на кајсијата?

**2.**

Ништо.
Така.
Мило, ти се смееш како сребро,

ти се смееш како изворче:
тече смеа во браздичка бистра,
по зелени тревки,
пее смешна песна,
скокотлива игра –
за прстињата
на ножињата:

Малото прсте – просенце,
а до него – бобенце,
а до него – грозјенце,
а до него – лешниче,
а до него – јагодче,
врапче да го чапне,
шатче да го лапне!

Ти го криеш лукавото палче
полно скокот, полно итрини:
оно знае – каква радост тогаш! –
од скинато чорапче да ѕирне
како глувче.
Ќе го начекам.
Ти се смееш ѕунливо ко сребро,
ти се смееш како изворче.

Очи, очи, на моето дете!
Со вас зборам и се радувам,
а со себе – се нажалувам.
Игро проста до животинско!
Кај е она спокојство на лавот
што го шарат од решетки сенки
но тој има толку широк усмев,
мудро смирен поглед,
кога својте дечиња ги гледа
со опашот кај му играат.

Сине мило!
Ти го славиш твојот голем татко.
А јас –
кога од некаков израз
по лицето сенка ќе ти мине,
трепет што го мислам само мој –
се плашам:
да не некој миг
некогаш
по исти начин како мене
да преживееш.

Пред портата од срцево
некој запира,
чука,
праша:
може ли срце лебна трошка
некого да засити,
може ли таа ломна стреа
некого да заштити?

**3.**

Сине мило!
Твојот татко глуви битки бие,
ти си само негов верен војник,
само еден,
ти ја следиш неговата сила.
Ако паднам во дневниот подвиг,
ти ќе треба со своето снаже,
сине, само да се исправиш.
Зашто – дете, тоа звучи гордо!

За сè мрачно и мачно во светов
имам една насмевка на татко

и со неа понемирен грч,
а ти имаш верба ужасна,
сине – дојди да се гушнеме,
не лути се што те стискам толку!
Во играта секој нешто влага:
да се гушне смеење и тага.

1953.

# ВЕЗИЛКА
(1955)

Блаже Конески

ИТ 55

# Ве
# зилка

## ПЕСНИТЕ

*Неук, си мислев:*
*па тие така*
*случајно се јавуваат.*
*А сега назад погледувам,*
*гледам –*
*па тие ме обврзуваат!*

## ВЕЗИЛКА

**1.**

Везилке, кажи како да се роди
проста и строга македонска песна
од ова срце што со себе води
разговор ноќен во тревога бесна?

– Два конца парај од срцето, драги,
едниот црн е, а другиот црвен,
едниот буди морничави таги,
другиот копнеж и светол и стрвен.

Па со нив вези еднолична низа,
песна од копнеж и песна од мака,
ко јас што везам на ленена риза
ракав за бела невестинска рака.

Судбинско нешто се плело за века
од двете нишки, два созвучни збора,
едната буди темница што штрека,
другата буди вкрвавена зора.

**2.**

Везилке, крени наведена лика,
погледај в небо во претпладне златно:
се шари таму и чудесно блика
твојата везба на синото платно

За тебе нема ни вечерен запад,
ти – морно око на трепетна срна.
Две бои таму ти горат и капат,
две шарки твои – црвена и црна.

Зар не се плашиш од јаркоста нивна,
и најмил спомен дека ќе ти згасат?
Зошто се губиш, ти строга, ти дивна,
дните ти минат, прокоби се гласат.

– И најмил спомен што в душа ми блесна
се гаси од нив ко цвеќе без боја.
Но ти што ловиш звук на чудна песна,
ти си ја кажа судбината своја.

## ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

### 1. НОЖ

За ова срце сегде острат нож
а ножот веќе забоден е внатре –
и стига само да се засмеам,
ќе сетам веднаш колку длабоко
ме пронижал, со колку танки жилки
на остра болка в гради ’ртил тој.
И тогаш реско усетувам дека
сум избран – сета невола и тага
и сета ропска потиштеност грда
на еден народ да ја истрадам,
молчаливо и тврдо да ја носам.
И бележан со некој пален знак
јас треба да ја сетам цената
на секој подвиг што напред нè води,
дволичноста на сека победа.
О браќа, знајте – не само од подлост
жабурлива јас страдам, што ја газам, –
а тајна чува мојот мрачен молк.

### 2. ПАТНИК

Јас, суров нервчик, еве гаснам веќе
и божем газам на мраморна плоча.
Црнице збогум, подгрбена мајко,
го надживе ти својот скрбен син,
и вие збогум, о петрински лозја,
со претчувство на ново трпко вино!

Но вие, штири, со кибарни куќи
во кои млачно мусандрите дишат,
баздриѓани, туѓ меѓу вас сум бил,
сум живеел во хмурна меланхолија.
Ве тревожев ко патник што на полноќ
застанува пред портите да клука.
Ме гоневте – рамнодушни и злобни –
а сега дури и гробјето ваши
пак ќе го гонат мојот суров гроб,
и вземи туѓ и притеснет ќе бидам
сè дур не дојде едно ново племе
што ќе ме сака и прославува.

## СНЕГ

Завева белиот снег
неколку привични пата.
Долу пред мојата врата
гинат белокрили јата
тихо во спокој мек.

Белиот небесен снег
реди еднолична сказна,
дека е душава празна,
сама пред осуда мразна –
кажува белиот снег.

Шепоти: сам си, сам.
А јас се спремам назад,
нозеве пак да газат
патишта што се мразат –
до денот, што го знам.

## ЅВЕЗДИ

Думам – вие еднаш ми зборевте нешто,
но не думам веќе што и како било,
и залудно да се присетувам сега –
сивило се свило, споменот го скрило.

Думам само – беше на полноќ во Раец,
чкртаа по патот кираџиски коли
и штуркаа, ѕвезди, еднолично штурци
со глас што се моли за тивнати боли.

О ѕвездено небо, мислев дека мој е
зборот како тајна што во мене ѕуни.
Но залудно да се присетувам сега –
зошто да ме буни звук на глуви струни?

Го паметам само тиквешкиот говор
на колари пеши крај чкрипливи коли,
само она тивко штуркање во Раец
и глас што се моли за далечни боли.

## РУЖА

Ружо со лисје како меки усни,
ти цутена на полјанка, те следам,
те следам скришно, девојченце мое,
и само гледам, и само те гледам.

Ружо, јас сакам оној румен звук
што во тебе се таи да го слушнам,
ружо, јас сакам, и ќе дојдам вечер,
ќе дојдам вечер скришем да те гушнам.

## ЗАСПИВАЊЕ

Твоето чудно заспивање
телото уште дури ти гори,
твоето радосно заспивање
ме кори, ме кори!

Прости се твоите ноќни сништа,
љубов девојчински цела –
како да кинеш секоја вечер
од гранка јаболка зрела.

Но сошто јас да ти вратам?
Ме стега свирепа жедност.
Некаков копнеж за тихо прикажување
мрзне во устремена ледност.

## ВИЈ

Во свеста, како во полноќна црква,
те заклучив. И свеќи ко што бледат
на гасење, ти сега бледиш така,
а сите светци похотно те следат.
Ти тука си заточница за која
јас толку мошни заклинања правам,
и еве веќе настапува часот
и сешто гласи дека ќе се јавам.
Јас идам како оној грозен Виј,
со сиви очи, сиот земја жедна,
да, страшен сум, и дека нежност носам
во тврди грутки – затоа си бледна.
Се ближам како нежен Виј, но веќе
таинствена си повлекла ти црта,
и штом ќе стапам до пределот, остро
се руши понор и со карпи чкрта.
И сиот жеден, песок, јас се ронам
во таа пропаст, и сè веќе гасам.
Јас, Виј, во свеста те домамив мошно,
но, жеден, немам сила да те стасам.

## ГАЛЕБ

Ти си, но толку далечно млада,
ти досудена како мака
од која во себе глуво се страда,
ти што ќе страдаш некогаш така.
Ако и душите да ни се демнат,
но нема тие да се сретнат,
нема да станат две вити крила
на галеб над море пролетно летнат.

## НЕЖНОСТ

Ти само, што ми идеш на сон,
од денот – в предел темно-мрежен
ти една само можеш да кажеш
колку сум тих, и дури нежен.

Иако сонот ми дал право
да сложам сенка на секо чело,
искрено кажи: дали сум те
навредил, еднаш, со какво дело?

Не! Силен, сепак сум се клонел
на власта своја да се решам, –
да не би да ме намразиш тајно,
да не ми идеш, ако ти згрешам.

## РАЗДЕЛБА

Ми иде да те молам:
пристапи како тело,
да видам дека си жива,
не сенка, призрачје бело.

Но за да станеш чиста
тревожна слика на сонот,
сега ме оставаш сам со
прстите што ме ронат.

Да сфатам: оваа делба
вистина открива, значи –
не било, не е стварност
тоа што стварно ме мачи.

## ИГРАНКА

Неколку млади вити тела
што вредат колку вечност цела,
повелба тајно што се слуша
со темен звук се јави в душа,
во една кална ноќ ме гони
во која дождот капки рони,
во ноќта кална да се скитам
само да итам, итам, итам,
за прослава на крвта млада
да има некој и да страда.

## КОШМАР

Што тажно да заспиваш сам
по ноќ на желби и трескот.
Јас таа тага ја знам.
И зошто тогаш сиот баран блескот
и сета веселба барана?
И зошто, повеќе од тоа, благост
во погледот и зборот наш
за час макар дочарана?
Ах зошто, зошто?
Кога се враќаме
ти пак си студна.
Разочарана
се леди од тебе душава блудна.
Јас сум груб,
јас сум луд
од тој студ!
Не, нејќам јас да биде така.
Ме дави сува рака.
Јас страдам дека сум сам,
во кошмар дека се губам –
а сакам да љубам,
сакам да љубам!

**ПЕСНА**

Зошто дојдов сега кај што
сме минеле двата ние?

Црвен облак в небо запрел,
прва сенка в поле паѓа.

Мирно долу река дише,
тивко, тивко, тивја патот.

Дална моја, јас што сетив
чуден, мрачен мир ми дава.

Ти си како тивка песна
еден само што ја знае.

Зошто дојдов сега кај што
сме минеле двата ние?

## ТИШИНА

Има нешто многу просто –
и тоа е тишина,
има нешто толку тихо –
вишина, ах вишина.

Легни спрема ова небо,
тони во височини,
склопи очи, склопи очи,
уморен си, почини.

Сека птица, сека птица
ќе го свие крилото.
Ти си сега толку мирен,
сам во зеленилото.

Зошто уште, зошто тоа
секидневно збивање?
Има нешто многу просто –
тоа е заспивање.

## ПРОЛЕТ

Се бистри матното око на небото,
сончната зеница се присенува.
Есенската седба на моите желби
под снегот, убога, зазеленува.

## ТАЈНА

Откриј ми една твоја тајна
па макар колку мала и лесна,
јас ќе ја кријам во себе гробно –
дури не стане песна.

## ВРВ

Еве на врвот се искачив. Сам.
Тука не ме следи око ничие.
И што? Јас во себе пак го шепотам
жалосниот сон на своето величие.

## СМЕА

Ми секна смеата и жеден за неа
в далечина гинам врволица.
Грлово ми е некако станато
песочна суводолица.

**ЖРТВА**

О драги предмети, о мили луѓе,
си мислам напати – дај сè да срушам!
Но вие велите: жртвуј ја младоста,
вие ми велите – и јас ве слушам.

## КАФЕЗ

Триесет години. И што е сторено?
Триесет скршени врчки.
Детето во мене е затворено
во еден кафез од брчки.

**РЕКА**

По река нагоре! Водата шиба!
Но колку силна е мојава снага,
мускулот како ме слуша!
Низ река надолу сега се спуштам:
колку е спокојна, колку е блага
и колку плавна е мојава душа!

## ЗДРАВИЦА

Нашите чаши се целиваат,
во нив црвеното вино се смее.
Другари, дали сте и вие искрени
како тој усмев што искресто тлее?
Јас имам една желба потајница,
за неа сега си помислувам –
проклето срцево ако ваше не е!

## ОД ВОЗОТ

Ене го крајот во возбуда сина.
Таму детинството мое ми мина.
Плачат оние планини за мене!

Под нив, на падина, се приѕира село.
Зар некој не мавта со шамиче бело?
Плачат оние планини за мене!

Возот одминува сè што ќе срете.
Си било онаму еднаш едно дете.
Плачат оние планини за мене!

Често мислата назад ме враќа.
Животот другаде негде ме праќа.
Плачат оние планини за мене!

## СТАРАТА

Цел ден над роданот неми зборови реди.
Навечер со жените на порта седи.
Кротко темницата дише во сокачето.

Сите се прибрале. Настанува штама.
Таа ќе поседи уште малце сама.
Кротко темницата дише во сокачето.

Мракот пред очи се збра и се движи.
Слуша: како познат чекор да се ближи.
Кротко темницата дише во сокачето.

За овој час што до срце ја штрека,
секоја вечер таа чека, чека.
Кротко темницата дише во сокачето.

Најпосле се крева дома да влезе.
„Добровечер“, чкртнува на портата резе.
Кротко темницата дише во сокачето.

**ПОЧИНКА**

Есенва е мирна, просветлена сета.
Човек сака негде далеку да шета.
Убавино, ти ме заморуваш веќе.

Сè ќе минам кое со возбуда мами.
Има такви места каде што сме сами.
Убавино, ти ме заморуваш веќе.

Смирноста е мудра, страсноста е глупа.
Ќе седнам во паркот на некоја клупа.
Убавино, ти ме заморуваш веќе.

И долго ќе седам, со цигара в рака.
Вечерта што иде ќе ја чекам така.
Убавино, ти ме заморуваш веќе.

## УТРО

Утрински посетители на паркот,
треба да сте чудни луѓе вие,
треба нешто да ви недостасува!
Ах да го уловам извивот на пајажинана,
ах да го фатам трепетот на сонцето
на овој лист,
ах да го предусетам
летот на белата пеперуга!
Утрински посетители на паркот,
нели исто нешто помислуваме?

## ДАБ

Се суши веќе овој древен даб
и бршлан нему повијат му треба
та сочна убост да му даде тој
и сладок скокот по тврдата кора;
а дабот ќе му даде висок раст
и дален поглед во долината
и ќе му дари заедничка смрт.

## СТЕБЛО

Паднатите лисја ги викаат
тие што уште,
уплашени од неизвесноста на падот,
трепетат на дрвото:
„Дојдете долу да си умреме,
побегнете од ветриштата
во приземна тишина.
Нека остане гол тој јагленосан скелет
да крши црни раце во просторот,
трупот нека му биде корито
за водите на дождот есенски.
А ние густо ќе го обиколиме,
да не може да го пречекори кругот
на своите жолто-златни спомени“.

**ЛАСТОВИЦИ**

В зори пискаат ластовиците
птици врз кои ноќта и денот се делат,
ние сме брзи совалки – пискаат –
што ткаеме нејасна преѓа на тајната
самракот ни е нашата стихија
и сè што е миговен допир на граница.
Водата со воздухот како ги порабуваме
сте нè гледале,
но нема в небо никаква трага од нашата работа.
Така пискаат ластовиците.

## ПЧЕЛАР

Кога ќе помислам дека сум можел
да станам пчелар во мојот живот,
дека пчеларството е мојата сушност:
сетувам мирис од матерка,
дочувам дален приспивен повик
дури од моето детинство селско,
како се кротат роени пчели
„мат-мат-матице!“
и живо ројот зоврен го гледам
кога се фаќа на маслинката
околу сиот позлатен од сонце.
Надежна моја пролетна песно!

## ЈАГЛЕН

Само да замижам –
тој веќе расте од подземноста,
безоки, црни, грижни старци
се исправуваат пред мене,
нивните чела со строги брчки
ми се внесуваат в лице,
ако ги стиснам посилно клепките –
црн, тој на карпи се трупа,
веќе ме надраснал,
ме поклопува,
крцкаво ме зглобува во себе,
и јас сум веќе
в подземен рудник
црна грутка што си шепоти:
можам да горам!

## ШТИП

Два рида со сиви погледи,
стисната, студена усмевка.
Пладневна сувост на стените.
Не расправајте ми за оние стари куќи долу
што се ронат,
раскажете ми за една убава љубов
тука што поживеала.

## ДЕТЕ ЗАСПАНО КРАЈ ЕЗЕРО

Ти спиеш малечко
а езерото се замислило –
езерото ја подготвува твојата судбина.
Ти спиеш а тоа
со неусетно потплиснување ти влегува в душа
како во заливче со бели камчиња
во кое секое камче се гледа.
Ти спиеш
но и најситното негово набирање
како нишка води до оние гласни таласи
што еднаш ќе се родат, ќе заплачат
и ќе те понесат.
Спиј си детенце
езерото ја создава твојата душа
и мисли за твоите идни возбуди.

## БОЛЕН ДОЈЧИН

Кога бев преполн сила
што придојдува како матна речна глава,
кога се сетив вреден за мојот подвиг,
достоен за слава,
кога ми закрепна гласот за најдлабок збор,
раката за најтежок меч,
ногата за најверен о̂д –
тогаш се сломив.
Паднав како црешово дрво од премногу род.

Една потсмешлива сенка ми ја издемна трагата,
како змија во гробно камарче се вовлече во свеста,
смеата ми ја урочи, ми ја зацрни тагата –
да се обѕирам подозриво, да думам да шестам.
Тогаш се сетив ситен и смешен и долен, –
се стопи снагата,
капнаа раце,
падна мечот,
паднав болен.

Болен лежам до девет години,
што искинав до девет постели.

Не ги чувствувам веќе своите зглобови,
јас сум расфрлан на тврда ледина
на пеколен пладневен присој,
јас сум раскостен коска од коска,
низ моите коски трева проникнало,
низ таа трева змии се ведат.

Јас копнеам гроб темен и студен –
нема крај без мојот подвиг суден.

Непозната жено, единствена на светот,
сестро и мајко моја, ти што си страдала многу,
ти што си сетила мака до вбигорување,
дојди, сестро златно,
збери ги моите мувлосани коски, не грози се,
состави ме,
повиј ме со триста лакти платно,
речи ми тих реч,
исправи ме,
научи ме пак да одам, мајко,
дај ми в рака меч –
да убијам Црна Арапина.

Да умрам.

## ПЕПЕЛАШКА

Јас бев замислен прво во мечтите на едно селско
сираче
гонето од маштеа. Потурната Пепелашка.
Мајко моја, колку сме далеку, колку сме блиску!

Јас бев доен уште во рулче на нива под сенка
на брест,
на жетва под сенка на сноп.
Мајко моја, колку сме далеку, колку сме блиску!

Те носам како ти што си ме носела, тешка
и уште една ронка од нашиот селски воздух в гради
држам
– да ме боли.
Мајко моја, колку сме далеку, колку сме блиску.

**ЉУБОВ**

Тие ми шибнаа суво копје в срце,
многу раце стискаа поздраво да го зацврстат.
После рекоа:
„Чекај да раззеленее!“

## ВОЛК

Пците неспокојно застригоа со ушите
и заквичеа.
’Рткиите задраскаа со нокти
по мразот осветлен од месечината.
Негде наблизу подмолно гази
сенката на волкот на љубовта.
Некој свика:
Уjда-да-да, по него, држете го бре!
Зазбиван од гонењето, тој запре,
да земе здив.
Оддалеку се слуша неговото завивање:
Ау, ауу, аууу!
Тоа значи: пак ќе наминам.

Тоа е еден опис на обична ноќ
во смрзнатата шума на моето срце.

## ВЉУБЕНИ ДЕВОЈКИ

Тие имаат лице нежно осенчено,
како да паѓа на него сенка од проѕирни лисје,
и лицето неусетно се издолжува.
Тие имаат очи зголемени, замислени и влажни,
како да се плашат од секоја странична изненада.
Тие го наклонуваат така леко челото
да го допрат до усните на саканиот
што им се чинат тогаш како крилца од пеперуга
застаната на тревка – за миг пред да одлета –
а тревката се наклонува.
Тие ги стрелкаат тогаш в преграб рацете
очајнички смело, слепо и неминовно
како весла во разнишано море
пред кое неволно замижуваме.

Боже, дали вистина некогаш сум го доживеал тоа?

## УБАВИТЕ ЖЕНИ

Убавите жени во мојот народ
тие брзо прецутувале
како цут од кајсија
како мајски јоргован.
О неправда!
Тие им припаѓале на неизбрани мажи,
нивните коси дење сплетени во прцлиња
ноќе распуштени по градите и колковите.
Нивниот постап на препелица
набрзо го сопинала унечка,
нивната младост поминувала
како мирис на липа што го одвева ветрот.
Набрзо тие седнувале на порта
со наведната глава и издадени коленици,
со нечујна издишка.
Убавите жени, несреќните жени
тие брзо прецутувале
како цут од кајсија
како мајски јоргован.

## РЕКИ

Ги пуштив реките да течат
дека се матни, дека мислат гласно,
и може негде некому да речат
што не сум знаел да изразам јасно.

## ТОРЕАДОР

Јас долго чекав еден добар збор,
да дојде некој што сиот ме сака.
Омразо, бику, доста твојот рог
со годиње го извивам со рака.
Сум морен веќе од тој натиск див,
и в жили тапа рамнодушност лази.
Омразо, бику, ако потклекнам –
сеедно, гази со копита, гази!

## УРНАТИНА

Урнатина.
Ѕид или камен?
Зелен мов во секоја длабнатина.
Жолт гуштер – домаќин стамен.
Сонце безразлично по урнатината.

Ете ја вистината.

## МРАЗ

Истината е собата.
Мраз.
Мразулци обата.
Како да не дишело тука дете.
Каква
студена способност
за омраза.

## ПОЛНОЌ

Клучот од ламбата чкрапнува,
безмилосна светлост ја мрзне собата.
Детето спие на креветче.
Куклата крај неговата главичка,
само таа ја гледа опасноста,
и крева очајно раце
занемена од страв.
Таа крева очајно раце,
иако на врата стои еден беспомошен човек,
со виновно спуштени раце
и со наведната глава,
иако тој иде да го баци детето.

## ПОСЛОВИЦА

Кога човек ќе загуби право на смеа
и право да биде умен
да дели правда
да се прави важен
и право дете и жена да сака,
тогаш –
му останува правото
да биде тажен
да умира од мака
да чемрее довек –
тој човек.

## ПРОШТАВАЊЕ ОД ПАРИЗ

Преминав со дланка по грапавата кожа на ѕидот
и реков: Збогум, умирај пополека,
Ја допрев со рака оградата од паркот
и реков: Збогум, умирај пополека.
Ја погалив, како случајно, кадравата коса
на зелениката
и реков: Збогум, умирај пополека.
Ги кренав очите кон небото ослепително сино
и реков: Збогум, преминувај пополека,
јас ќе го зачувам твојот спомен.

## ДЕВСТВЕНИЦИ

Ни збор за глуждот што подмолно боли.
Сте минале, од љубов гладни, саме.
И една смртта ве запозна голи,
аскети преки – Гоце, Пере, Даме.

Ни еднаш рака на вашето раме
не се допре, што сакала да гушка,
а само сенка бесплотна од знаме
и само колан од студена пушка.

И само на сон сте земале прочка –
забрзани – до оној заден екот,
до оној куршум, в срце, како точка.

Не истина на сонот жедост врена,
не сетивте да стане дребен векот –
ни колку може да навреди жена.

## КОЛУМБО

Ја видов првпат таа земја в зори,
мечтананата – та очиве да пазат
прв одблесок на сини дални гори,
морничавост на бранови што лазат.

За ваму, ребрест, на веслата фатот
ме водеше, без бури да го сразат.
О убав беше в неизвесност патот,
а тажно беше враќањето назад.

И крајот уште потажен ќе бидел –
да мреам, земјо моја, робјаш гонет,
јас, што за простор жеден сум ти идел.

Во темнило и споменот ми тоне –
да не знам веќе дали сум те видел
или пак само сум те сонил в соне.

## ПОРТРЕТ

Под тие веќи
под стреа –
потслон
мрак
сон
на сон смеа.

Тие веќи
меѓи
на падот во понор
пат во подземни места

темно вретено на торнадо
од кое заоѓа свеста.

## ВОДНО

На една предесенска падинка, на Водно,
со благо сонце и со мирисна скритост,
тројца лежевме на грб, загледани во небото,
три одамнешни тела
што ја загубиле својата витост.

Топлината на земјата беше милосрдна
и не беа против нас багремите што венат, –
и она благо синило, сè поспокојно кон висината
и сè подалечно натаму,
го води погледот, и модри дамки го сенат.

И бевме веќе сосем во него, откинати
од тежеста што по земи нè влечка, –
следејќи в бескрај една виолетова нијанса
што ветува сè да распреде
за усмевнатата, предоживеана, мудрост дечка.

Но нишката стануваше сè потанка и безболно
се скина,
и ние бевме благо потурнати пред тајните двери,
оставени на милозливоста на сонцето предесенско
што разбира секого
и што со утеха цери.

Тогаш разменивме два-три обична збора
што враќаат кон земјата и звучат без мака.
И бевме задоволни што можеме да го потупаме
грбот на зрелата падинка
со рака.

А кога заслеговме, сонцето беше на заод,
и сите прозорци на градот под нас имаа projaснети
зеници,
и, обнадежени, нашите чекори газеа леко
по патчето,
и бевме сигурни дека носиме добрина долу –
како некогаш кога бевме млади занесеници.

## ПЕСНА НА ЛОЗИТЕ ВО ЛОЗЈАТА НА ВОДНО

Ако молчиме немо во сончево пладне
кога е времето тихо и тревките траат,
тоа не е зашто жаламе секоја сама,
тоа е за да биде убаво.

Ако се нишаме од половина кога ветрот ќе задува,
и се наведуваме возбудени една кон друга,
тоа не е зашто ужас од корен нè полазува,
тоа е за да биде убаво.

Ако постиламе сенки на месечина
кога никого нема да нè изненади,
тоа не е за свитците посилно да светкаат,
тоа е за да биде убаво.

Ако сме покорни под рацете на лозјарите,
што ги кастрат нашите гранчиња и ги галат
ластарите,
тоа не е за да родиме грозје и вино,
тоа е за да биде убаво.

Чудни сме ние...
Кој почнал да нè разбира –
земјата му станува сè поблиска,
луѓето сè подалечни.

# ЗАПИСИ
(1974)

## МЛАДОСТ

Се открива чудесен пејзаж на станица
кога, негдегоде, раздвижувајќи се,
пуфкаат пареа локомотивите,
наутро.
Тие не знаат тогаш дека има
установен возен ред
и дека, најмногу што можат да сторат,
е да закаснуваат
или, ако се шалави, да се претумбаат.

## САAТ

Го угасиле беше радиото преку
и, во необична тишина,
го чув саатот на витрината.
Идеше како рамномерно штракање
на шивачка машина.
Разбрав – како за сето време
тој да обрабувал едно онакво чевре
со какво порано
ергените го тавреа малото џепче.
Разбрав заправо од каде ми идела
оваа гроза по коскиве.

## СОНОТ

Не напрегај се да ме гледаш,
јас имам свој тек,
тешко да ме разбереш.
Јас сум како подземна река
под белиот варовник на дните,
изворот ми е –
далечна детинска ноќ.

## РАЗГОВОР СО ДЕТЕНЦЕ

Седум години тече моето бистро поточе
и расте –
а јас, патник што толку долго чекори,
сè покрај него,
нема што да зборувам,
го слушам занесен неговиот глас.
И само одвреме-навреме ќе кажам по некој збор
да го спотнам разговорот,
кога ми се чини дека стивнува.
Јас се сеќавам за веселите слапејчиња што шумеа –
и го чувам грижно тој спомен,
дека нема враќање узводно.

## ПЛАНИНА

Има еден слој врз душата:
со нокти би го гребел,
соеге би го стругал,
би го стружел со ноже како лишај на карпа.
И да се случи
дури со волк да се здавам,
да го преколам,
и да сум здивен сосем –
пак таа скрама!
Планино, рамна рудино,
планино со два огромни колка,
ништо не лекува,
само нѐ слекува
до основната болка!

## ПРЕД ГОДИШНИНАТА НА ТАТКОВАТА СМРТ

Мајка ми само ова го рече за покојникот,
како тажачка:
Кога ќе го видев оддалеку
во бела кошула на нашата нива,
ми се чинеше бел бајрак се вие над нашата нива,
со него полето ми станувашe убаво.

Мајка овој час зајачи во сонот.
Никого не го потресе тој крик,
никој не го чу освен самиот мене.
Мајко моја, толку сме осамени,
богати само со силата на залудна љубов.

## СТРУМИЧЕ

Еве ќе развијат в бавча струмичињата.
(Така, по наше, ги викаме хризантемите).
Набабрува споро жолтиот напон на нивниот цут,
уште е тој како стиснато детско раче.

Мое струмиче,
ти го пречека со треперлива мисла
овој човек
што зачекорил кон староста.

Јас сум тој што ја откри убавината на твоето чело,
мекиот повев на влакненца по двете слепоочници;
но ти се исправаш со самосвесна става,
со меки жолти реси во чудна чистота.
Се оцртува твојот лик во прозрачниот воздух
на есента –
и немам јас право, не можам ни да ја допрам
чистата душа што ме надраснала.

Минаа така убавите денови на оваа есен.
Многу те засакав,
а сум беспомошен да задржам макар привид
на среќа.
Залудно вети да ги снема моите тажни песни –
шумоли есента, вене, сета во моите жили.

## ГУГУЧКА

Не е целителен веќе, како порано, твојот глас,
ами безмилосно ми го повредува тој слухот.
Болна е мојата душа, и тука, на слепоочницава,
една набабрена жила загубено и отсутно клука –
без порив, без вистинска возбуда,
само со нездрава гроза пред суденото.
Не е целителен веќе за мене твојот глас,
гугучке што предвештаваш мартовски утра во дворот!

## РАСПЕТИЕ

Еднаш се давал тој род на подарок,
ти лозо моја, лозо на одарот!

Мизерна судбина сега еве ти,
осквернет крсту на меки кревети!

Веќе со никого убаво не ти е,
мое загубено, кутро распетие!

**ПОРАКА**

Умирањето, дури трае, е сепак сè уште живот.
Ни љубовта не е умрена дури ти уште сакаш,
макар некого друг.
Поради сојот на трпките – дури и туѓиот плод во
твојата утроба
ќе биде повеќе мое дете.

## РИЗНИЦА

Во нашата ризница има и неколку лажни парички.
Нивниот потаен говор ги одвлекува твоите мисли
од мене.
Ако ме оставиш,
ни тагата нема да ја имаш,
ниту, понатаму, мојот гроб.

**ЕЛЕН САМАК**

Мизерни мршојадци му одат по трагите,
напрегнато го демнат.
Нема да го домамат кон стадото
витите кошути со сребрен ѕвон на копитата.

Неговите рогови се заплеткуваат во гранки
кога повтува да игра,
ноќе,
и наурез ја гледа месечината, –
за потоа да сети поголема бесмисленост на
животот.

Тој мора сепак да живее
и како извор да тече,
сè дури не го свие тој, не за сон а за смрт,
своето десно колено.

## ПРЕВАЛЕЦ

Заблудани во вителот на дните,
жените што го сакаа немаше кога,
немаше како да го сретнат.

Сега тие гледаат
– како силуета на хоризонтот
си оди еден тих патник,
наскоро ќе го мине превалецот,
бесповратно го губат.
Убав им е некако тој, од далеку, спроти залезот.

А тој самиот си знае како му е:
тој е постанат и дооден,
прашиште му попаѓало по косата,
прав му крцка по сувите непца.

Тој слегува полека во една темна долина –
нивниот поглед нема да го следи во неа.

## СУША

Очите ми се како секнати кладенци
во суша
во предел каменит, спржен, запуштен.
Како земјата што пека за капка дожд
во летен пек,
така душава пека за солза,
а двеве очи не можат никако да ја исцедат.

За показ е тоа, да знаеш!
Не туку-така горат без вода растенијата
и гладен мрее светот,
ниту се дава обилен плач
за тие што отишле повратга.

## ДОН КИХОТ

Во светов, на бескрајниот фронт,
му дале и нему сектор,
да крепи, да брани:
едно местиште проклето,
поле поделено на непомирливи страни,
од едната – тој жалосен Хектор.
Не зовре во тие тревишта и тиљи
пукот на битка.
Свињи
со ситни го смачкаа копитца,
го столчија како лук, со толчник;
бишки
мав го сторија –
за други, на други боишта, божем со слава
да прават историја.

## ОДИСЕЈ

Тој стар, а уште личен бродски пилот,
тој морски волк со вилици што клапаат,
не ти бил, сигурно, верен – кутриот – на сите
патувања.
Ниту ти можеби, Пенелопо, си го чекала
секогаш во чисти прегратки, смерна.
Што дека!
Се гледа дека вие сега се сакате,
и имате опит како влегува голема лаѓа
полека
како паун
во тих пристан.
Бидете заради тоа благословени,
и блазе си ви!

## ЉУБОВНИЦА

### 1.

Таа ми пристапи
а можеше уште поблиску,
таа не се плаши ни сосем да се привие,
таа е тело што бара, незадржно, галење.

### 2.

Таа не доаѓа кога ја викаш –
таа доаѓа кога самата твоја крв
на брег ќе ја изнесе.
Таа немаше за себе големи барања:
посака само, напладне, сенка во твојот крвоток,
малку да си почине.
Твоето срце, ете така, не може да ја одмине.

### 3.

Таа ме врати кон животот со порив на благото тело.
Кон животот ме врати,
што значи кон изневера.
Веќе против неа ноќеска на сон крена глас
бившата изгора,
а најаве ги предјавува своите права
– по силата на животот –
идната.
Затоа сам си се чинам толку ништожен!

## ТРИ КРУПНИ ЖЕНИ

Три крупни жени запливаа в езеро
како три мазни риби под проѕирна вода.

Три крупни жени повлекуваат три патеки
со блесокот на рацете во ритмично движење,
со слаткиот порив на колковите,
со тајниот допир на градите
што на водата £ причинува скокот.
Го следам секој нивни замав со десната рака,
секој одбив со левата,
го следам тихиот ритам на двете писки,
на двете стапала, на двете бутини под водата.
И макар да е запрено времето, дури гледам,
тие се веќе далеку од мене,
тие се кајшто не можам да стигнам.

Три крупни жени се вртат таму на грб
да земат здив и да се починат.
Нивниот поглед е сега упатен кон небото,
нивните снаги трепетат со морниците на езерото,
под сончев блесок,
како риби со паринките.
Дури и нивната смеа допира до мене разбиена
на зрнца.
Како да држам сè дотаму распната невидлива
мрежа,
со разбирлив трепет го чекам нивното враќање.

## КУМАНОВО

Мислев дека ќе одиме постојано во Куманово,
барем зиме – на кумановски суџук,
барем во марта – во времето на цревца,
барем на ѓупскиот празник Ѓурѓовден.
Мислев дека нема да ни го попречат сосем патот,
поради јасната цел,
магли што лазат во позна есен од Карадаг,
колони од коли во сезоната,
ниту што да е друго – лишка, човек, фуртуна.
Така си мислев јас и во тоа се состоеше
една утеха во мојот живот
и еден изглед за иднината.
Така си мислев и не се разбирам ни самиот себеси
сега – без желба да одам во тој град,
заправо само со притаена желба за Куманово.
Не знам за што да жалам повеќе, другари,
дали што попушти мојата волја
или што попушти вашата волја.

# ВНУКОТ

Еве стапува на сцена мојот внук,
уште непрооден,
тукушто испилен од рулче,
со седум месеци
и, машала, со цели десет килца.
Внуче, пред да се исправиш на двете ножиња,
лапај! И потоа лапај!
Вкуси го тоа што јас одамна сум го изумил:
воздухот со непца, јазик, носе и гради,
светлоста – со веѓи, клепки, белки и зеници,
храната со сето грлце дури до мешето,
водата – со сето снаже што пека за прохлада,
миризбата, топлината и сето друго исто така!
Внуче, не мисли за ништо друго,
зошто ти е тоа мислење!

## СПОМЕН

Сега си ти стара
и сега си тело клапнато цело,
постанато,
и јас не можам да си простам
што не по твоја вина, ами по своја,
не сум можел да го доближам како што можев
твоето обличје бело.
Твојата снага што се нудела
чудесната снага
како бел облак на сино небо во споменот ми рее,
и сето тоа е минато,
и веќе ништо не е,
и само останал нејасен впечаток
дека си ми била драга.
Сега јас сум стар,
и сега станувам тело клапнато цело, –
и морна те спомнува мојата снага.

## ВЕПАР

Дива свиња го душкала твоето месо,
вепар!
Затоа нема никогаш да посакам
да те допрам.
          И затоа сѐ стана ветар!
Ти го прелага само мојот сон,
само на сон сум те гушкал –
згрозен, најаве, дека
свиња те душкала.

## ШТУРЦИ

Цело лето ја штуркаме ние својата проста мелодија
со скрита надеж да £ обрнеш внимание.
И еве сега летото прекршува
во една позна августовска вечер –
и твојот слух се допрел веќе до подлабоко
рамниште,
до побогато созвучје,
до нешто битно во зреењето и падот.
И еве сега нашиот звук ја подвлекува тишината
по такво нагло познание
и ти, најпосле, нашиот звучен говор го сфаќаш
со сите чула кои сепак не постигаат разбирање.
И сè што знаеш – тоа е дека си нè чул
и дека затоа си допрел некаква смисла.

## ПЕПЕРУГА

Не водиш сметка ти за моите preданија,
не сакаш ни да знаеш пред кого сум јас обврзан
во свеста и во восприемањето на светот –
ти си загрижена за својот углед и убавина.

Не те занима тебе мојата семка, од која нажалост
сѐ произлегува,
ниту имаш верба во посебниот пристап кон
виделото и мракот.
Што можат да ти ветат тебе моите посебни агли
на посматрање? –
Ти си уплашена за својот углед и убавина.

Од некаде извира мојот порив спрема тебе,
и не можеш ти да не ја сетиш со копнеж
свежината на таа струја,
но која бразда и да ја завлече, не се
спротивставуваш, –
препалена за угледот и убавината.

Во што ја сети тогаш длабината на оние црни
корења
што ме појат сѐ до спокојна сенка лете,
– и дека шумолат гранките не само по волјата
на ветрот –
при таков ужасен страв?
Во што се состои твоето сакање, викам!

Застануваш како пеперуга на исушено дрво.

## РЕВМАТИЗАМ

Еден анѓел бие со глето во моето десно колено:
– Јас удирам не да те закрепнам –
вели тој –
јас удирам дека ми е наредено, заповедано.
Мене ми е речено да удирам, да мавам, да чукам,
сѐ на исто место со денови и со години.
Јас сум заморен од таа еднолична работа.
Прости ми, те молам, ако боли.

**ЕЗЕРО**

Задуман, излегуваш сè со истата проклета мисла,
и, како штрекнат на самиот праг,
го откриваш за себе, по не знам кој пат, светот:
езерото под модриот превез на Беласица
во зелен обрач од чинари и кипариси.
И треба, за еден човечки миг, оваа убавина да ти
стане пак обична,
да потоне во тебе како во пеплишта,
да ја снема –
за да бидеш ти пак нормално несреќен човек
како повеќето наоколу.
Но колку е, сепак, драгоцен имено тој интервал
меѓу две угризенија на совеста!

## КОБЕЊЕ

Немој да кобиш ни со мимолетна мисла,
зашто ти имаш голема сила на кобење,
и ако сетиш несреќа – таа ќе се случи.
Та поарно да си заспан, поарно да си пијан,
да си замајан,
зашто од тебе зависи многу, –
поарно да не си ни свесен ти за својата моќ,
зашто знам веќе: не можеш да се радуваш.
На секој миг пристапи му со чувство на изненада,
со чувство на вчудоневидување,
да немаш ниту нокте време за размислување, –
зашто само така ти наоѓаш спокојствие,
и го создаваш,
само така си на починка создател,
човек, не кобник.

**ЗБОРОТ**

Од секогаш сум мислел за излишноста на зборот,
дека најмалку го трога тој онега што му е упатен –
од каде тогаш таа потреба да се искажуваме
дури со ритам и рима, дури со алитерации?
Тука види ја сега бесмисленоста на земните извори:
било на ќуќур, било на вода, било на грлен извик.
Тоа е порив, и за смисла не прашува!

# СТАРИ И НОВИ ПЕСНИ
# (1979)
## НОВИ ЦИКЛУСИ

*МЕЃУ ДРВЈАТА*

## КРУША

Гледај – презрева крушата,
види – презрева крушата,
и уште малку, таа ќе гние,
ќе гние како душата.
Прво заврзал родот,
потоа узреал плодот,
паднало кривото и црвливото.
Нешто направил дождот,
нешто сторила сушата –
и еве жолто стрниште и плодови расфрлани
и мрави во просторот на душата.

## НА ЕДНА ПЕВИЦА

Со некаква далечна желба
твојата песна ја следиме.
Твојата песна уверува
дека уште нешто вредиме.
И таа песна в срце ќе ја чуваме.
Затоа пеј – да боледуваме.

## ОЗДРАВУВАЊЕ

Како да оздрави нашата сестра,
како да најдеме за неа спас –
како да оздрави, кога таа
плаче заради сите нас?

Нашите нозе се избербатени
од многу одење низ кал и гнас,
како лишаи, како сипаници,
проклета јанѕа нè зајала нас.

Ајде да бидеме еднаш храбри,
ајде да закрепне става и глас,
да сети нашата болна сестра
дека не бидува да нè жали нас.

Како да оздрави нашата сестра,
како да најдеме за неа спас –
како да оздрави, дури таа
плаче заради сите нас?

# ИДНИНА

Каде е минатото
минатото по кое пекаме,
и каде е иднината
иднината што нема да ја дочекаме –
таа што ветува
повев на житја кои допрва ќе се сеат,
таа што ветува допир на несмели раце
и допир на усни
што без нас ќе зреат.

## ИЗВОРОТ НА ТВОЈОТ ГЛАС

Не е важно тоа што спаѓа во нормалниот пад,
ни чудесата на телото не се основна заслуга –
важни се за мене повеќе аглите на твоите усни,
косината на твојот поглед е важна
и полетот, сломен, на рацете.

Изворот на твојот глас е најважен од сè.

Но ти ме лиши, или нешто ме лиши, од сето тоа
по ред,
и сето тоа е само призрак на мојата мисла,
како сплет на безлисни гранчиња, од врба, зиме
спрема сиво небо
е сето тоа –
така суво, така црно, така јадно.

Секнат е за мене изворот на твојот глас.

## ПЕСОТ

Песот што добро ме познавал,
соседот мој, комшијата,
и ми се умилкувал толку пати со мавтање на
опашката,
тој голем, убав, чист албинец,
бел пес –
што му стана сега во ова магливо утро,
да се нафрла на мене со жестоко лаење,
со оголување на блескавите песјаци?
Зар толку си се впила во кожава,
зар толку лошотија да премине на мене
од претходната ноќ во бесот –
да станам дури друг, непознат човек
за другарот, за песот!

## СТАРА ЛОЗА

Тоа беше претчувство на некој вкус
опор а освежителен,
како корење да си пуштил на јавор
до влагата вземи.
Тоа беше непознат вкус
а сепак зачуван в спомен,
не по јазик и непца,
повеќе в соне.
И како да те наречам јас,
лишен од тебе,
насладо за една смртна жедост,
крајна одморо!
Пак треба да се вртам во тесниот круг
на своите знаења, насетувања и преданија.
Можеби ти си вкусот
на никогаш непиеното вино
од стара лоза!

## СМРТТА НА СИНОТ

Што страшен ден, што страшни migови
на очекување,
во другиот двор, во другиот двор една мајчичка
чека синова смрт.
Сè довде се распнати, по сите гранки, како пајажина
невидливи жици
да зајачат со плач.
Сè е оптегнато, сè е до бесмисленост прецизно
напнато;
и децата во овој простор се уплашени,
со зинати устиња,
неми
да не го нарушат очекуваниот звук,
и птиците се прибрани подалеку,
надвор од овој круг,
да молат:
Господи, одложи ја до утре оваа смрт.

## СЕЌАВАЊЕ ЗА ЃОРЕТА

Мртов е Ѓоре.
Се исполни година.

Јаболкницата во пустиот му двор
си шепоти:
„Уште два-три дена прекусила да додржам
да не цутам
од жал за него.
После ќе ме наваса пролетта.“

**МЕЃУ ДРВЈАТА**

Си запрел како вкопан и вкочанет,
како корења да си пуштил надолу вземи
да растат
барајќи влага.

И поарно е да не се движиш веќе, –
да ти зајде слухот во шум на безбројни лисја
што прават простор и сенка за птиците
што пеат,
поарно
да се здоговараш со ветрот ти
за една раскошна симфонија, –
и најарно од сѐ е да не чекориш,
да не го нарушиш сојузот со дрвјата.

## ОДМАЗДА

Иде време кога дрвото му се одмаздува на човека
за сите засеци, за сите убоди,
за сите навреди,
за сите кастрења,
за секој непромислен збор,
за отсуство на благодарност спрема сенката
и плодот.
Тоа не може да те начека,
тоа не може да ти се испречи на патот како
насилник, –
тоа со своите вечерни сенки само може да влезе
во твојот сон,
и така влегува во сонот – како распнат човек,
и со студенило пушта тоа корење во твоите жили,
и страшна е во сонот играта на тие сенки,
во крвта таа студ.
Тоа урочува,
тоа фрла клетва –
чувај се, насилниче, од силата на врзан човек!

## МЛАДИОТ КЕДАР

Младиот кедар е веќе цврст во ’рбетот,
со раст на момче
запрено на ледина, на дождот,
под зелена сакма преку рамо.
Младиот кедар е како младо ѕвере веќе
што се оптега исправено по дрво или по стена
да остри нокти
и да ја јави игривоста на своите мускули,
обѕирајќи се самоуверено,
зашто верува во животот и насладата.
На многу ветришта веќе
младиот кедар ја изложил својата снага
што никогаш не се сломила
а се издигала нагоре
како сврдел спрема високоно небо.
Младиот кедар е свесен за себеси
по сила и личотија.
Сè што можат да му сторат
се претвора во чудесна мартирија.
Дури и да го пресечат со секира,
тој ќе знае како да се наклони
величествено
спрема земјата што го хранела;
дури и да го запалат,
тој ќе знае да гори како факел
сproти небото што го поело.
Младиот кедар чувствува
дека најважното и најсудбоносното во животот
е
да никнеш.

*ИГРАЛИТИ ПЕСНИ*

## ЗА ЖИВОТОТ

**1.**

Ти си непредвидлив сосем,
животе, долга ниво!
Зошто баш сега во дворот
страчка зацагори живо?

Со непредвиден говор
таа се јавува дрско, –
а мене ми е чудно
и мене не ми е мрско.

Ме чуди дека можам
да зберам сѐ во свеста
од еден миг во светов –
од звуци, зраци, места.

Знам, една таква чаша
преполна ќе се скрши, –
и пак е животот преполн,
и ништо да се сврши!

**2.**

Како змејовски кобел
во пештера,
така е животот полн!
Пиј ако сакаш,
сркај ако сакаш,

’рбај, шлибај, голтај –
ниту си зел ниту си дал,
сѐ си е кобелот полн,
денес и утре како вчера, –
ниту си должник ни заимодавец
при таа еднаква мера!

**3.**

Се приврзав кон животот на стари луѓе
зашто тој живот е целиот прочувствуван
и содржателен,
а слаб:
како кладенче на секнување,
како ветерче на тивнување,
како конче на скинување,
како запалена свеќа што можеш да ја дувнеш,
а и самата би догорела.
Во миг е содржан животот тогаш
со сето богатство
но и мимолетност, –
да нема таква грижа што може да го спаси,
да има смисла само бесцелна симпатија.

## ВРАПЦИ

Не е животот прост
ниту задачата лесна.
Врапците шират живост во воздухот
со крилца и со песна.

Тие пискотат, тие џивкаат,
плипот и прплец на врвот.
Тие кажуваат дека во клунчето
е многу важен – црвот.

Тие се пикаат под ѓерамидите,
таму се чипчат за пород.
Кога ќе пркнеме, ќе нè видите –
така прогласува хорот.

Тие се врапци за под решето,
тие се лажат по плева,
за Божик со нив се омрсувале, –
но трае нивната врева.

Нивната врева е музика,
ни ги исполнува интервалите,
нив да ги нема, нив да ги нема,
ќе жалиме, ќе жалите.

Нив да ги нема, ќе беше глуво
и место песна – пцост,
и не ќе ѕунеше секое уво:
не е животот прост!

## НЕИЗВЕСНОСТ

Ништо сигурно нема да знаеме,
умот ни сече грубо.
Колку нејасно разбира човекот
што е вистинска љубов!

Таа е можеби откажување
од изгорот и слачот.
Дали сме сетиле колку е очајно
тестото под сачот?

Дали е можеби сè во сенката,
во капка вода на усни загорени?
Дали се најблиску до свежината
тие што се заморени?

Дали овие мисли
минат низ твојата глава?
Дали да ти се доверам
без сила, без гордост, без слава?

## ГУШКАЊЕ

Како ми дојде тој порив
да прегрнам ластар од лоза
по градиве, по десново рамо,
со стиск на образот,
со лист на горната усна!
Исто така би можел
да прегрнам дури змија
по таа посока иста, –
ништо не би ме паркало,
при такво чувство на љубов,
од тоа гушкање!

## ПЕСНА НАД ПЕСНИТЕ

Се допре
како
грозд ханаански
обилен,
сета,
од врв чело
до петици –
за усни
сегде
зрело зрно да сетат,
за прсти
да скорнат
јато морници.

## ВИДОТ

Нека се мачи снагава
и нека пати телово,
само нека ми светка
виделцето,
виделово!
Што дека гроздот дрочи
штом не го гледаат очи?
Што дека блеснала веда
без око да ја гледа?
Што би бил ридот
без видот?
Лесно е без огледало,
но тешко е без гледало!

## ARS POETICA

Старему Џивџану
голиштарците му викаат:
„Бре,
ние сме по-песнарии од тебе!
Чуј нè:
џив! џив! џив!“
А стариштето им се одговара:
„Деца,
тоа треба да биде леко и меко,
силно а милно,
жално ем пално,
со горчелив опит,
со згрутчена мака:
џив... џив... џив...
Вие уште не знаете така“.

## МОЛИТВА ЗА СОН

Од високи брези
од предели зрачни
на клепкиве слези
и приказни зачни.

Од веѓа до веѓа
тој збор се слуша,
да премости меѓа
раздвоена душа.

Со часови цели
да извиди што не,
што денот го дели
да зарасне всоне.

Од високи брези
од предели слачни
под клепкиве влези
и умора начни.

*ПРОЛОЖНИ ЖИТИЈА*

## ЖИТИЕ НА БОНА

Таа месеше по пет зелника
за луѓето од таа голема куќа, да се нахранат,
а остави пет сирачиња,
зашто беше слаба.
Други издржаа жетви и вравови и ангарии,
силни.
Таа се наведе
како гранче од липа под обесена торба,
како стапната тревка,
како клас под ветар,
зашто беше слаба, –
и оставајќи пет сирачиња,
без можност да сфати,
проклети Боже,
таа својата слабост
ја плати со својата младост,
таа голема светица!

## ЖИТИЕ НА ТАСА БОЈАНОСКА

Зошто не верувам, Господи?
Зошто не молитвам, Боже?

Триесет години зар не бев постела
зиме-лете?
Триесет тримири сум ти држела,
а ти не ми даде дете.

Прибрав да изгледам и јас, сирота, еден сирак –
да тивне тагава.
Сум ти го чувала
од мајка повише,
како поник од снагава.

Кога го изгледав и го оженив,
и реков радост да сетам –
не само детенце што не му даде,
нему барем,
ами и него ми го зеде,
предвреме,
ме урна сета.

Како да верувам, Господи?
Како да пустам, јас клета?

## БЕЛАТА ТЕТКА

Неа ја дадоа во богатска куќа
за никаков маж,
ја зацрнија
без милост и без правина,
како да сакаа да ја накажат
тројцата браќа, тројца темерути
за невидената убавина.

Тројцата браќа нејзини,
мешани во куметлаци,
што ја преземаа земјата од агите,
тие не знаеја друго освен дрчост по земја,
по стари патишта нив ги водеа трагите,
тие не сакаа ни да смислат какви се
в гради тагите.
И како да се срамеа дури
од нејзината убавина,
така ја промажија,
така ја закопаа,
ја потрусаа без милост и без правина.

А таа
во страшна доба,
и ноќе дури,
по патчиња низ шумите
трчаше, избезумена од лоша коба,
да стигне навреме,
таму каде што куќи горат
и пискотат куршумите,
да втаса само до таткови дворје,

да биде во злото со браќата,
да даде кувет, да крепи надеж,
и да ги поднесе, ако дошло,
со браќата зулумите.

И таа
во мирни сведни, –
лична лика,
рамна става,
танка половина –
доаѓаше како лебедица на гости,
да внесе радост,
милост и драгост,
а таа
да сети братовина.

Така дечињата ја запаметија
та чудно и далечно во споменот им светка
сега, на староси, кога кажуваат,
ликот на Белата Тетка.

Таа за секого беше закрила,
нејзе не £ се смилија.
Затоа повторно не се родува
таква чудесна личност
во нашата фамилија.

## УСПЕНИЕ НА ТЕТКА МЕНКА

Целиот нејзин живот беше ти бил
стишување на сопствениот здив,
почит кон виделината и воздухот:
од гради надвор да не излезе ништо
што личи на офкање, на клетва, на крик, –
да не би од тоа да се повреди некој.
Лебот што го месела беше насмевка.
Таа зеде на себе да живее долго,
за нас да не одлачи од мислата за смртта.
И еве сега гледам низ прозорец,
известен дека веќе ја нема, дека во ова утро
починала:
ништо не се движи надвор,
сѐ е неподвижно:
во сончев февруарски ден
безлисните јаболкници подаваат една кон друга
прсти
без да се допрат
и одвај чувствувам поник на нова трева
и тоа е, речи, единственото движење
во мојот мислен хоризонт.
Некој се постарал за ваква мирнотија:
да не остави никаква трага отсуство на нејзиниот
последен издив,
да биде сѐ, како никогаш да ја немало.
А сепак чувствувам дека на нов начин
сега треба да го збирам светот
што таа, кој знае како, и за мене го држела во
целост.

## ОРДЕ

Со суровост го скршија, уште дете,
како дрвче тукуштo калемено.
Ја исполни таа душа млачен вир на страв,
за во него да се огледува животот
своеобразно.

Растеше накриво и скожурчено,
сметен во одот,
сопнат во смеата,
без спокојно заспивање,
без надеж на пријателство.
Никој не би сакал да чуе исповед ни плач
од таков засипнат, грозен глас.

И само дека корените му биле длабоки,
тој издржа толку, се докрепи до часот
кога како сенка на смешна птица
врз студената зимска, длабока вода
се виде раскрилен
пред да пласне во студенилото.

Неговото успокоено тело
сега уверува
дека тој бил роден за нешто необично.

Како во млачен вир
една наребрена сенка
останува во нашата свест.

## СВЕТИ СПИРИДОН НОВИ

Роден во чесна фамилија,
од мајка Доста, од татко Илија,
не попусто му клале име Спиро,
зашто тој Спиро ќе точи миро.

Остана детето рано без родители,
не најде ни подружие,
целомурен и девствен
стрини – тетки го окружие.

А кога порасна,
се виде дека остана кус,
имотот и себеси се завешта Свети Јовану Бигорски,
при игумена Партенија,
бивши атаман,
Русин.

И оттогаш со години на ред
во жетва време,
ја напушташе Мијачијата
за да скита по Брсјачијата
таму каде што место *мие*
се вели *ние*.

А таму, штом вравот на гумно се збира,
го опчекуваа веќе поп Спира.
И тој доаѓаше поситен од мравка,
поклопен од камилавката.
Таков си беше попот –
понизок од снопот.

И, со денови, од гумно на гумно
молитви читаше,
збирајќи за светецот само пченица:
„Јочмен и ’рж – така им велеше –
не мелет Свети Јовановата воденица“.

А и какви беа тие молитви
и тоа негово пеење:
повеќе отколку на божовност
тераа на смеење.
Зад грб му се подбиваа
невестите, маалките,
затоа од него остана за жените,
да се памети, лош збор:
„натема ги,
штракаталките!“

Но навечер, во некое сопче,
штом
ќе се спружеше на рогузина
малото попче,
полека се губеа пред него во мракот
околните очертанија,
и пред мислениот му взор,
божем до небо допреле,
се јавуваа чудесни зданија:
Свети Јовану тоа се конаците
сосе лепа црков, сосе камбанарија,
сосе позлаќените икони од Зограф Дича,
меѓу нив, најличната, Дева Марија.
Пред тоа видение се чуди и уми,
и како Радика всоне да му шуми.
Никој од овие брсјачишта
што блеат кога му се смеат,
а потонале до гуша во грубост,
никој со очи на животта своја
не видел такво чудо и убост.

И знае тој, грешен,
дека не е смешен,
и повеќе од тоа – ни ситен, ни сам,
а камен темелник на божјиот храм.

Наесен пристигаат маските
со слабини мазни,
со вреќи празни,
игуменот абер праќа:
кауѓерот да се враќа,
цела година да работи и пости,
дури Партенија се гости.

Така минаа години,
превртливи како жените,
ги пречека и лошите времиња
кога се вратија сејмените.
Остана сам како лилјак и ут
пред насилникот лут,
сам во денови тешки,
сам во полноќи слепи,
со слаби раце и плешки
божиот храм да го крепи.
Чека и дочека
тоа скапо бреме
да му го предаде
на едно ново време.

И пак, и пак и пак
времето си бодина
година
по година.
Душата слегува во темна длабочина.
Отец Спиридон деведесет мина,
кога почина.
За чистата живот,

за трудот, за зборот,
на најчесно место го погребаа –
Свети Јовану во дворот.

Не мина многу, на сон £ се кажа,
на една бабичка во Тресонче, ја Могорче,
прек и огорчен
фати да се жали
што нема никој свеќи да му пали.
Самата божја повела
на сон го беше довела.
И први жените во Река
се сетија
дека цел живот, како бубалка,
како црно бумбарче,
меѓу нив шетал
еден светија.

Оттогаш сè подалеку слови
Свети Спиридон Нови
и по божие повеление
дарува исцеление.

## ТЕТИН РИСТЕ

Тетин војувал седум години
под фес
под шајкарка
под фурашка
ем
под шлем.
А во него остана само благост,
без втрес,
ништо друго,
ни ронка бес.

Тоа ти било закон
и една повела бојна:
со ситен чекор да маршира
тетин од војна во војна.

Тетин си беше ситен
со мустаќ како чеклас
ја како клас од овес.
Пооде така тој
некое време
вдовец.
А после, по сторенија ретка,
се зеде со тетка.
Со неа создаде дом,
преку ноќ покри сосан,
со неа, што велат,
изгледа тетин челад.
Таа живот се знае –
аргатски зори и мраци,

неа ја опишал еднаш за секогаш
нашиот Кочо Рацин.

Стани си наутро рано,
оди на далечно нивче,
во скудост да ти сочувствува
само магарето Сивче.

Но тетин друго целел
и имал друга мисла
златниот кога велел:
„Си приплескав, сполај му, куќуле,
и сега пред него можам да садам
џунџуле“.

Кога испркнаа децата,
ги подбра во себе текот.
Не како тетина, тие
фатија правда да делат,
да го поправат векот.

Тогаш пак **р**укна војна
сурова и безмилосна –
со окупатори
со провокатори
со ликвидатори
витосна.
Паднаа многу жртви,
жална летнина,
едни фатија встрани,
други ни живи ни мртви
в затвори беа збрани,
со нив и син му на тетина.

Тетин не беше зборлив
ни вешт за многусловија,

сепак од негова уста
во тоа тешко време
сум ја забележал
оваа блосовија:

„Денешен свети Трифун
наспомош да ни биди
и некој мир на веков
и некој ред да клај,
кој колку арно ни мисли
толку аир да види,
и кој нѐ сака,
и нему Госпо дар да му дај.
Зандани да се пуштат
војници да се вратат
и кој е беган
слободно дома пак да си дој,
чпијуните да пукнат
џенем и пекол да ватат,
пак да се најме
татко со сина
и свој со свој!“

Не како човек речит
а како редов вечит
вклучен во нова борба
секоја недела тогаш
тетин префрлаше торба
на рамениците,
дури до Битола лебец да носи
за затворниците.

Тој не признаваше воз
а како војник на стреш
тој ја минеше секоја недела
Пелагонија

од Прилеп в Битола
и назад
пеш.

Тоа ти било закон
и една повела бојна:
со ситен чекор да маршира
тетин од војна во војна.

За него не беше пречка
снегот во февруари
ниту дождот во марта.
Одеше напред тој
левој́, левој́,
со покора кон векот
како да кани
со карта.
Една човечка тага
по пат оставаше трага.

А кога децата в затвор
од негов леб каснуваа,
како да земаа сила,
како да зацврснуваа.
Но дали од нив тогаш
некое младо и лудо
во себе можеби сети
дека се случува чудо?

Задека овој лебец
како другиот не е,
него по патот тетин
на свое срце го греел.

Тетин мнозина крепел,
и нека им е уѓе

станаа, големи луѓе!
Тетин крепел не еден,
не двајца и не петина,
можеби и сега некој од нив
си спомнува за тетина.

**ДЕДО ИЛИЈА**

На лице тој беше како јасна месечина,
полна и насмевната,
без да се преобразува;
на снага носеше
кувче
и доламче
и црвен појас,
пагурче
в пазува.

Како мајка му да го беше родила
со таква порач:
меѓу сите браќа –
гурбетчии, пазарџии, дулѓери,
тој да биде орач,
да гази стамено по загоните
спрема смената на сезоните.

Распавтан, по браздите,
есенско време,
тој распостилаше
пред себе
над нивата
виножита
од семе.

Волињата ги викаше ангели,
на Божик
им палеше свеќи на роговите,
да биде родна годината,
да стежат од житце стоговите.

Пролетта донесува
надежи со стравови, –
уште е далеку до жетва,
до првите вравови.

А лете
по жетварите
кога воздухот врие како преполн грунци,
снопјето што тој ги врзуваше
лежеа како јунци.

Со годишните времиња
и животот си мине,
полека крвта стине,
длабоко орачот си го изорал челото,
стасан до меѓата
судена за паталците.
Тогаш, на крајот,
му се зеде дури и виделото,
остана тој да живее во темница студена
и само на сон да ги гледа Ралците,
му остана пагурчето,
му остана насмевката
малку како подзачудена.

## ДЕДО КОНЕ

Тогаш, во првото бугарцко,
во ѓурултијата,
го забраа дедо ти Конета
в град
апцана.
За еден негов лут збор
(£ окарал, ѓоа, мајка на управијата)
таа работа стана.

Што да чини пустава му домаќинка,
ќе оди да го бара кај што робува.
Ме пуштија. Зборнавме што зборнавме.
На проштавање
вати, кутра душа, опинците да си ’и собува.

„Дунавке – ми рече – моето се виде.
Времињава лоши,
гробот зинат.
Земи ’и барем опинциве,
да не одат вира,
носи ’и дома
децата нека ’и кинат.“

А јас си помолчев, си помолчев,
– срце стутулено, смилосано чело –
’и кладов в торба опинците
и кинисав полека в село.

## ПОТЕРА

*На Коце Солунски којшто ми ја прекажа овааа песна како што ја кажувал некогаш стрико Никодин*

Да така, Трајче,
да така, пријателу.

Во Крушово
во Востанието
го кркавме дајакот.
Во Долнени
зад копите на Смугревци
ние
тројца запашкани забегани
го сушевме шајакот.

Тогаш откај Сенокос
се зададе думан и прав –
цел булук аскер на коњи,
косата да ти се крене
од страв.

И што да правиме
и што да чиниме
ние
тројцава,
при сè што во нас јуначко тропа!

Да дадеме каршилак –
сме малцина.

Затоа – со пушките напред
се пикнавме в копа.

Да така ми ти, Трајче,
да така ми ти, братче.

*МАРКО КРАЛЕ*

## ОДЗЕМАЊЕ НА СИЛАТА

*Преправен на питач, Господ го пречека*
*Марка Кралета крај патот. Во една торба*
*беше ја збрал тежината на сета земја.*
*„Синко, стар сум, поткрени ми ја торбава на рамо“.*
*Марко ја подзеде со врвот на копјето и земјата се*
*затресе. „Што сум сторил јас?“ си рече Господ во себе.*
*И му ја остави само третината од силата.*

*Народна легенда*

Ти што ми даде неимоверна сила,
да растам мускулесто како даб, на глуждови,
да се израдувам, млад, од своето чаталење
и листање,
да шалавам наивен,
ти што ми даде да сетам дека и земјата
можам да ја поместам
како орач што истава камен пред лемешот,
мој Боже,
зошто се уплаши од мене,
зошто во непромислен страв ја измени својата
првобитна намера,
зошто ми ја одзеде силата?

Јас ти приоѓав во мислите како на родител
што му се приоѓа,
идев во твојата дома со проста верба на дете
што затрчано се враќа од играње даземе
краешник одноќвите,
јас те знаев свој закрепник, усмевнат на мене,

задоволен од бистриот вир на мојата душа,
добродушно грижен,
и не можев да те замислам инаков –
а ти семоќен,
ти се престори на – питач,
ти се облече во партали брашносани од просјачка
торба,
ти си испиша на лицето мака на постанат старец,
слеп се направи
да не ја забележам лукавоста скриена
во твоите очи, –
само подобро да ме подбидеш,
да ме купиш, да ме премериш на кантар,
и после да ја покажеш сурово својата власт
над мене.

Мој Боже,
зошто до толку се понижи
за да ме поништиш мене?
Не мислеше ли дека еден човек
ќе сведочи за миг на твоја подла слабост,
ќе го гледа со горка потсмешливост дури
и величието на небото
во пролетна полноќ кога се ѕвездите јадри
и обнадежни во тиха молитва.

Безмилосен
ти немаше мерка за моето унижување.
Ти ме преполови
а ми го остави чувството за мојата сила,
да бидам како пресушена подземна река
во која темницата уште не е успокоена
од татнежот на брановите.

Потсмешлив
ти ме направи прв во царштина што пропаѓа,
на лаѓа што тоне со товар на маки и гревови,

да крепам, да спасувам,
а матната вода поклопува.
О сити се ти горе,
ти што ме роди бележан меѓу сите
и што ме дари после ваков дар.

Мој Боже,
чади во твоите раце гламната со која
                                                ми ги подгоре крилата,
целата моја сушност се накрева против тебе,
моето срце те проколнува,
не чекам одговор од тебе,
унижен
сеќавам сепак во мене нешто што те надминува,
што си го имал, можеби, но си го отуѓил
кога нè создаде да откинеш од маката,
сам
низ думани треба да го барам патот на мојот живот.

## СТЕРНА

*Ами моите стари зер не се плашат од*
*Стерна што ја правел Марко Крале под*
*Маркови кули, и што ја затнал водата*
*со не знам колку арари со бубаќ и ковани*
*со бруќе колку еден аршин големи,*
*та ја затнал водата и го куртулисал*
*Прилепското поле да не стане како*
*Охридското Езеро.*

М. Цепенков

Ја затнав Стерната со бубаќ,
со партали,
со песочиште, со чакалиште,
со камења, со карпи
што ги натрупав на дувлото –
да крепат.

Беше заден час!

Сонот ми скипна.
Во ниедна доба
сум одел да наслушам како приидува водата,
како гргори, грчи и зајачува под земи,
се лути некому
– а не го разбираш зборот –
се токми да излезе
како сура мечка од пештера,
да потера лов.
Ноќе.

Знаев: трпелива
таа го чека својот час.
Таа ќе почека да го успие мајка детето,
и лелејката да запре во лулањето,
елемијата во вртењето,
таа ќе почека да вечераат орачите,
да ги сопашат објалата,
да ги потурат опинците со плева,
таа ќе почека да згасне последното жарче
под пепелот,
последното ѕвонче во трлата да молкне,
и пците да се притајат,
и старците што ги мачи бесоница и кашлица –
да тивнат.
Да биде глуво и спокојно и темно кога ќе рикне.
Стерната.
Таа го чека само својот час.

Сите спијат,
а само јас буден во трудната ноќ,
како ајдут на пустија,
чекам –
полн од нејзиното подземно бучење,
сиот намовнат кога за малку ќе молкне –
зашто тогаш крои најлошо и се присеќава.
Ми иде да викам, да мавтам со раце, да будам!

И тогаш решив:

Ја затнав Стерната со бубаќ,
со партали,
со песочиште, со чакалиште,
со камења, со карпи
што ги натрупав на дувлото –
да крепат.
Колку ликував

дека ја задавувам до мртовечко отпуштање,
дека сè послаб иде нејзиниот глас
од подземјето,
како да липа и да моли милост.

Сè повеќе се силев, раскинат од бес,
со нокти корнев – и мавав и шибав
и толчев, и трупав грамада,
брзав – да не £ се загревам.
А кога запрев, задишан и потен,
и минав со кална рака по челото,
кога се исправив сосем простум
и вдишав со сета душа воздух и тишина,
чув –
некој под земи, далеку, се кикоти,
како да ја прекрил устата со дланка.

Истрпнав.

И еве пак е ноќ и пак е ниедна доба.
Сите спијат а јас го загубив сонот.
Ми бучи Стерната в уши како никогаш
како да претекла сета во мене,
овде, в гради,
и по дамарите
ми приидуваат темните подземни водје
без починка,
како јас да ја создавам Стерната
и треба да го изречам нејзиниот збор.
Наслушувам:
таа расте.
Таа го чека само својот час –
да биде глуво и спокојно и темно кога ќе рикне,
ќе се оттиши,
ќе гргне, да поклопи, да подави, да повлече,
да се успокои во ширината.

## КАЛЕ

*Кога го ѕидаше калето во Варош, Марко собра голема ангарија, мажи и жени, мало и големо. Од Плетвар до Варош од рака на рака подаваа камен. Седумдесет деца во пелени изумреа без цицање.*

*Народна легенда*

Се виши моето камено кале во ведриот ден
со јаки ѕидишта и со вити кули,
како сокол да се раскрилил на стрмна спила
над рамнината
и ја разгледува открај вкрај.

Јас бев и роден за да го направам ова кале
за штит и закана пред лоштотијата.
По судбина бев повикан јас
да знам дека
тука треба да израсне тврдина
како што изникнува бор на стрмно место
наспротив ветрот,
и тука треба да се пречека злото,
да се превари неговиот наум,
да не стапи понатаму.

Затоа собрав мало и големо,
мажи и жени,
пуздер и плева
што го продолжува животот без да ги знае
неговите патишта.

Не ги врзав јас со синџири нивните раце
ами со бел камен –
да го подаваат од рака в рака
од Плетвара до Вароша,
да тече како бистра вода белиот камен
по бразда од мозолести дланки,
да светка на сонцето.

Јас не сум можел, и да сакав, да гледам
како капнуваат тие раце,
како се криват лица од напор
и усни пукаат од жед.
Јас не сум можел, и да сакав,
да слушам тешки мајчински колнења
дури им пискотат децата во рулче
по пусти стрништа на изгорот,
подавајќи рачиња по боска,
без да ја најдат.

Зашто јас имав тврда коба:
да правам крепост пред злото!

И еве кај се виши камено кале во ведриот ден
како раскрилен сокол на врела карпа,
со бодри крилје.

Но паѓа полека ноќта
и белите кули ги покрива на пласје темнина,
и гаснат виделца во мазгалките,
се фаќа штама,
папсува мојата сила,
чмае,
гине.
И како сѐ да тоне полека в земи,
како да немало ништо наоколу,
како никогаш да не сум направил ништо.

И така ми се ближи сонот со стапки на чакал,
да ги мине и последните плотови на свеста,
да го пушти надвор горчливото сомнение,
да ме остави сам со мојот грев.

Се ближи од мракот безимена врволица,
мало и големо,
машко и женско,
пуздер и плева што само го продолжува животот,
и како тешки камни врз мозолести дланки
ги носи своите клетви:
„Ти не си гледал како гинеме, Марко Крале, –
ние гиневме.
Ти не си слушал како пискаат нашите дечиња,
нашите пилци,
коса да ти се крене, –
ние слушавме.
Проклета да е твојата вистина, Марко Крале,
што нè доведе до крајот,
до последната желба,
што и нашиот отчај дури го исцрпе
како бунар во летен пек!“

Пискотат мртвите младенци во мојот улав сон
со укор на тажни ангелчиња,
сам останувам, беспомошен, пред сопствениот грев.

И насетувам дека имало и некоја друга
пуста правда,
освен мојата,
дека во животот сè се израмнувало
во приливите меѓу доброто и злото,
како матна и бистра река кога ќе се стават,
како бранови во море што се успокојува.

Оддалеку го наслушувам веќе
неминовниот пристап на лошотијата,

непредвидливи и безбројни се нејзините патеки,
нејзините богази
и браздите што ја водат, –
ниту ќе ја задржи моето бело кале неа,
не ќе ја задржи
а ќе ја принуди само
да урне уште една горда замисла.

## МАРКОВИОТ МАНАСТИР

*За гревот, за седумдесетте деца што умреа кога го ѕидаше калето, Марко направи седумдесет цркви.*

*Народна легенда*

Направив манастир на скришно место,
да стои долго самотен,
да кажува некогаш за мене.
Рушители, нема да најдете во него злато и
сребро,
а само студена полутемнина
како во таговна душа.

Кога го престапив првпат прагот од папертата,
плочите болно екнаа под моите нозе,
што дури запрев –
и темна тишина потоа до последна жилка
ме полази
како морници што лазат.
Двајца светци, од двете страни на црковната
врата,
со исплашени погледи,
со дланки испружени пред себе,
ме предваруваа возбудено да не одам понатаму.

Но јас жедно стапив под сводовите на кубето
како да се запознавам веднаш самиот себе.
Погледнав наоколу

и ѕидовите се раздвижија –
нејасни прилики, притаени во полумракот,
како што одам ме пречекуваат,
ми пристапуваат молчаливо и грозно:
лица со израз на безумно страдање,
мрачни воини со испрекрстени копја и мечови,
тажачки крај мртовечки одар,
тела прободени со стрели, на издишување,
згрчени во најврховна мака,
деца загубени во врволицата
со врбови гранчиња во раката.

Одам, несвесно, наоколу
а целото тоа мноштво ме обиколува,
ме испреплетува во кошмарен јазол,
молчаливо ме следи и чека нешто од мене.

Зборнете! – реков.
Но мојот глас ја урна тишината меѓу сводовите
и ме остави сам пред привидот на мојата свест,
зашто тие бесшумно се повлекоа
и пак се притаија по ѕидовите.

Запрев пред олтарот како да ќе се помолам Богу,
уште несмирен.
И тогаш дочув јасно женско липање од сводот:
тоа Рахила ги кренала очајно рацете,
крши прсти
и плаче над мртвите младенци,
тажи во вселената.

Јас излегов избезумен од црквата
и зачекорив надолу.
И ми се причини како моите удови да стануваат
столбови во одот,
како да сум засводен со кубе,

како да ја носам во себе студената празнина
на манастирот,
но за сето време знам –
темните прилики молчат во мојот мрак,
нема бегство, нема прошка и нема оставање
спомен.

Јас викам – запалете кандило! –
но моето срце е изгаснато огниште, пепел
по тланикот,
одам и чувствувам:
го носам манастирот в гроб.

# ПЕСЈО БРДЦЕ
## (ЕПИЛОГ)

*На Песјо Брдце кај Прилеп Марко водеше*
*бој со денови. Мавни, чинеше, со сабјата,*
*преполови го душманот, двете половини оживуваа*
*и се правеа двајца. Виде Марко дека не бидува,*
*поткова коња наопаку, кладе барабани да бијат*
*на ветар, да не сетат дека никого нема во калето,*
*и се загуби некаде во ноќта.*

*Народна поговорка*

И оваа битка требало да ја водам,
да ја бијам
со денови,
со крвави раце до рамена,
со крвави нозе до колена,
до премалување –
дури не се испитам сосем,
дури не дојдам до крајот,
дури не секнам како бунар што секнува
во летен пек,
за да ја сетам последната желба:

Само никој да не ја види мојата смрт!

Излегувам рано на ова песјо брдце, –
гневен на булуци го гонам ѓаволскиот кот,
замавнувам лево и удирам десно,
и мавам
и гмечам

и сечам
како што сечат честа гора кога прават пат.
Но навечер, кога се враќам постанат
пак се составува сѐ по мене
како што било,
божем сум орал гнасна вода,
и само се умножило злото
како бурјан по плевење.

И еве пак е ноќ
и пак е ниедна доба.
Наслушувам:
наидува лоштотијата
како матна вода што поклопува.
И ми се чини –
сѐ пропаѓа в земи
како никогаш да го немало,
како никогаш да не сум направил ништо.

Ковајте ми коња наопаку,
клајте барабани на ветар да бијат, –
нека ги страши уште мојот призрак,
да не ја видат мојата смрт!

Само никој да не ја види мојата смрт,
да бидам сам со неа
како со невеста
во ноќ на затруднување!

# КОМЕНТАРИ И ПРИЛОЗИ

Пристапувајќи кон објавувањето на првите два тома од критичкото издание на Целокупните дела на Блаже Конески, сметаме за неопходно да истакнеме неколку воведни напомени:

Прво, – во него се опфатени сите досега познати (објавени) и непознати (необјавени) п е с н и на Конески.

Второ, – засега ваквиот дефинитивен избор го опфаќа целокупниот поетски опус на Конески, од крајот на 30-тите години на минатиот век, па сè до крајот на животот, до последната стихозбирка „Црн овен“ од 1993 година, а ги содржи и сите ракописни поетски текстови од неговиот личен архив и од постхумната оставина.

Трето, – обврзан од карактерот на ова издание на хронолошкиот пристап, приредувачот чувствува потреба на самиот почеток да го спомене она што самиот Конески го соопшти неколку години пред смртта во својот автобиографски дијалог со Цане Андреевски:

„...почнав да пишувам песнички во први клас гимназија, на српскохрватски јазик... Немаше ден да помине, а јас да не напишам барем една песничка, понекогаш и повеќе пишував... Подоцна, кога достигнав извесно ниво на своето литературно образование, ...многу строго ги оценив и ги уништив, ги уништив сите тие свои творби“.[1]

На таков начин неговите детски поетски обиди се бесповратно загубени.

Четврто, – за разлика од многу други, Блаже Конески, иако трпеливо и минуциозно работел врз усовршувањето на своите поетски творби, немал обичај да ги чува

---

[1] Цане Андреевски, „Разговори со Блаже“, „Култура“, Скопје, 1992, стр. 62–64.

нивните верзии, ниту такви постојат во поголем број во неговата оставина. Од тој принцип тој сепак отстапил во неколку случаи, што ќе биде објаснето во овие к о м е н т а р и.

Петто, – затоа, сите песни во овој избор се објавуваат според поетските текстови коишто самиот автор ги довел до нивниот дефинитивен облик и како такви го допуштил нивното објавување во двете финални изданија: „Собрани песни“, „Култура“, Скопје, 1987 и „Песни“, „Култура“, Скопје, 1990.

Ракописните текстови од најраната фаза, најдени во неговиот личен архив, а исто така и необјавените факсимили на поетски текстови од последната година на животот се објавуваат за првпат во ова издание, надвор од основниот корпус на неговиот поетски опус.

На таков начин испочитувана е докрај поетовата волја неговиот целокупен поетски опус да биде презентиран и по редоследот и по својот дефинитивен облик онака како што тој самиот го беше санкционирал.

# ОД СТАРИОТ НОТЕС
(1941–1945)

Сѐ до крајот на 50-тите години за песните од воведниот циклус на поетското творештво на Блаже Конески во јавноста не се знаеше. За првпат поетот нив ги најави во списанито „Современост“, бр. 3 за 1958 г., објавувајќи ги во циклус од седум песни („Песна за животот“, „Камбани“, „Ноќна песна“, „Разделба“, „Закопна песна“, „Старата“ и „Песна за затворницата“) под заеднички наслов „Од стариот нотес“ (1941–1945). Публикацијата беше проследена со следнава белешка на авторот: „Овие песни се земени од еден мој стар нотес, зачуван случајно кај Владо Малески“.

Приредувачот вложи не мали напори да го пронајде гореспоменатиот нотес, кои, за жал, завршија без особен резултат. Неколку години пред смртта, Конески ја спомна историјата со бележников кој пред крајот на Втората светска војна, заедно со другите негови граматички текстови, се беше нашол во Агитропот на Главниот штаб, со кој раководел писателот Владо Малески, од кого подоцна Конески и го добил. Во него се наоѓаа песните што под овој наслов се појавија и тогаш и во сите подоцнежни изданија на собраните дела на Конески, до завршното во 1990 година. Но, „нотесот, кој тогаш исплива... – се сеќава авторот – после пак ми пропадна негде во земјотресот. Сега го немам. Пак се загуби“[2].

## ПЕСНА ЗА ЖИВОТОТ

Се објавува според текстот објавен во 1958 година во списанието „Современост“, каде што, исто така, фигурира како почетна песна од овој циклус.

---

[2] Цане Андреевски, „Разговори со Конески“, „Култура“, Скопје, 1991, стр. 97.

Зачуван е факсимилот од оваа песна, која во делумно изменет вид се наоѓа во архивскиот фонд на Блаже Конески, во Македонската академија на науките и уметностите, во бележникот во кој се запишани ракописно, со ракопис од самиот автор, 18-те други песни од најраниот период (1939–1941). Таму таа фигурира под наслов, во духот на прилепскиот говор, „Песна за живото“. Други промени нема, освен во 9-от стих каде што изразот „глај бабуносани крша“, во финалната редакција гласи: „глави бабуњави кршат“.

**КАМБАНИ**

Се објавува според финалната верзија во списанието „Современост“, бр. 3 за 1958 година.

Факсимилот не е познат.

**НОЌНА ПЕСНА**

Се објавува според финалната верзија во списанието „Современост“, бр. 3 за 1958 година.

Факсимилот не е познат.

**РАЗДЕЛБА**

Се објавува според финалната верзија во списанието „Современост“, бр. 3 за 1958 година.

Факсимилот не е познат.

**ЗАКОПНА ПЕСНА**

Се објавува според финалната верзија во списанието „Современост“, бр. 3 за 1958 година.

Факсимилот не е познат.

## СТАРАТА

Се објавува според финалната верзија во списанието „Современост“, бр. 3 за 1958 година.

Факсимилот не е познат.

## ПЕСНАТА НА ЗАТВОРНИЦАТА

Се објавува според финалната верзија во списанието „Современост“, бр. 3 за 1958 година.

Факсимилот не е познат.

# ПРИЛОЗИ

Песните од ракописната „Збирка песни“, се пишувани во Крагуевац, Белград, Софија и Прилеп, во периодот од почетокот на 1939 до есента 1941 година. Првите четири песни, како што може да се види, се напишани на српскохрватски јазик (при што песната „Недеља“ останала недовршена), другите – на македонски, со видни елементи на прилепскиот говор.

Инаку, за први свои поетски обиди на српскохрватски јазик, Конески ја смета песната „Лебед“ и една друга песна чиј наслов не го наведува, но која завршувала со рефренот земен од македонска народна песна: „Оздола идат сејмени“. Обете песни биле прочитани со голем успех пред литературната дружина во која Конески учествувал од првиот ден во гимназијата во Крагуевац, каде што активно учествувал и во двете гимназиски списанија „Млади Шумадинац“ и подоцна „Подмладак“ во кои биле и објавени неговите најрани поетски творби.

Пресуден момент бил преминот кон македонскиот јазик. Неговата прва песна на македонски е „Писмо на една мајка“, напишана на 10 март 1939 година. Уште истата година била преведена и објавена во Јагодина, во списанието на учителското школо „Ђачка узданица“. Песната е несомнено пишувана по углед на познатата песна на Сергеј Есенин со ист наслов, но со нешто подруга содржина: „...мојата песна беше веќе писмо до една македонска мајка. Таа работи тутун, сите реалии се земени од македонскиот живот...“

Заслужува внимание и исказот на Конески дека неговата најрана поетска фаза започнува со песните од 1938 година, при што, најверојатно мислел на неговите дебитант-

ски песни „Сонет“, „Одломак из исповести“ и „Опроштај с летом“, објавени, првата во „Млади Шумадинац“, бр. 1, 1938 год., другите две во „Подмладак“, бр. 1, 1938 год., на српскохрватски јазик.

Оваа рана фаза во која сѐ уште некои работи остануваат неразјаснети може да се доведе во врска и со идејата, заедно со Коле Чашуле, во летото на 1941 г. да напишат и објават заедничка стихозбирка „Тополи крај реката“, идеја која, за жал, останала нереализирана, бидејќи Чашуле заминал во одред кај македонските партизани, а Конески сѐ повеќе навраќаше во Прилеп. Збирката, според Конески, „стоеше извесно време кај мене, а потоа пропадна во војната“, нешто од неа беше зачувано, а некои од 20-те песни кои ги напиша Конески беа подоцна вклучени во неговата поетска книга „Песни“ од 1953 година.

Најодзади, да заклучиме по повод „Стариот нотес“, кој очигледно содржел поголем број песни, дека останува непобитно она што самиот Конески го соопшти кратко време пред смртта, а тоа е дека повеќе негови ракописи се загубени во периодот 1943 и 1944 година, во екот на војната.

## Срцу

Ти, срце, ћути као мртво да си,
У болном грчу не пати од рана.
На твоје крило нек клону уздаси
Ко црно јато изморених врана.

Јер лудо је да у туђином једу
Поклањаш благо из ризнице своје
Оној, што у души гори тешку беду
И уздарје нема за дарове твоје.

И боли много када свету ватру
Страст којом гори у блиставом сјају
Леденом злобом и презиром сатру
Погледи који жар не појимају.

Ти, срце, мируј, штеди своја блага
И крв у груди нек не гори врућа.
Требаће твоја [illegible] снага
За већа дела, светлија прегнућа.

јануара, 1939
Крагујевац

Ослобођење

Ми смо се родили оковани,
у глибу, завезаних очију.
Преко наших плећа газила су прљава стопала
и остављала срамне трагове.
Шкрипале су наше кости,
стењали мускули у грчу
и гушио нас смрад.

Осетили смо да постоји једно сунце
које сија добротом и радошћу,
из кога зрачи живот.
И тихо се будила жудња у грудима
да се са вриском скрше окови
и широко да се отворе очи
и да се у силном дрхтању
испруже руке до сунца
и зенице задоје светлошћу.

Преко наших плећа газила су прљава стопала
и трупкала нам у једноличном шкрипању:
„Тако мора да буде!... Тако мора да буде!...“
Преко нас су прелазила стопала
и тискала нас све више у кал.

И било је часова клонућа:
Сумња се будила у души
као сова у сумрак,
а њене су злураде очи севале:
„Обмана је сунце истине,



снага коју оно даје јести
као снага коју даје алкохол,
Нашто опаљивати своју крв
у жудњи за оним чега нема."

И у те часове клонућа
тражили смо лепоту у смраду
и многи су се од нас навикли
на блато које се лепило за језике
и улазило у уши.
И тихо су говорили под теретом стопала:
„Тако треба да буде!.. Тако треба да буде!"

Али чежња је расла у нашим срцима
као биљка крвљу храњена
и сазнали смо:
Ми смо као капље у устајалој бари
испод жабокречине.
Ми хоћемо да се пружемо по сунчевим зрацима
и да постанемо горди облаци
који оплођују земљу.

Ми у силном заносу кидамо везе
и нећемо да мислимо натуреним мислима
нећемо да певамо како су нас учили
О, нека нас газе сад стопала крвника,
бесконачно нека нам ломе ребра као прутке
Наши су мишићи већ у напону
ми смо окајали грехове ропства.

У новом, заносном ритму
буди се наша слобода
и ми страсно пружамо руке сунцу
које нас запаја снагом.

8-III-39
Крагујевац



Недеља

Недељом само оживи наш крњави парк
стазе се пробуде,
а песак под ногама бесно зацвили.
Посматрам људе:
Корак по корак шарена гомила мили,
озбиљно, ред по ред, пролазе поред мене
радници преплануших лица
и смешно нафарбане жене.
Жагор... А у очима притушен неки сјај,
срећу се погледи чежњиво и певај:
о, осетити у прашини за тренутак рај
и у сумур живот унети мало узбуђења.

Недељом само кроз наш парк заори се смех...
Сутра

## Писмо на една мајка

... Овдека је пролет.
Секоје утро под мојето пенџере
две гугутки си се галат.
А мојте образи се процутени
со два болна трендафила.

Во мртвите вечери
ламбата кога догорува
и вретеното в рацете ти тивко пеј
не надевај се
да ќе изучам за доктор.
Мајко, градите ме болат...

... Ко да паѓа дожд
Калта ми влегува в чевли,
мршата ми премрзува од студ
и очите ми светат
ко две кандила.

Не надевај се
да ми играш на свадбата
и од радоси нов фустан да заталиш.
Мајко, градите ме болат,
Градите мој се гроб.

... И многу ми је жално
Оти ќе плачеш ко кукајца
очите дури не ти побела
и оти ќе се сушиш од маките



ко круша од ровја удрена.

Не надевај се да ќе бидам доктор
и куќата наша
на два ката да ќе ја подигнам.
Мајко, градите мој се гроб.

Ти било пишано
пак да го вртиш вретеното
и в клопче да си го виткаш живото
и пак ќе садите тутун
ти и сестрами
и никогаш починка ќе немате.

10-III-1939
Крагујевац

# М О С Т О Т
## (1945) ПОЕМА

## „МОСТОТ“, поема

Се објавува според финалната верзија во книгата „Поезија“, Избрани дела, „Култура“, Скопје, 1967 година.

Поемата „Мостот“ е најраната, т.е. првата поетска книга на Конески, објавена во „Култура“, Скопје, 1945 година. Воедно, таа е една од првите поетски книги објавени на кодифициран македонски литературен јазик.

По првобитното објавување таа ќе претрпи неколку нови изданија во кои поетот извршил бројни промени и помали или покрупни скратувања. Промените се видливи веќе во 1948 г. кога таа се појавува заедно со песните од втората стихозбирка на Конески „Земјата и љубовта“. Авторот, очигледно бил незадоволен од исправките, па решил да внесе нови решенија, т.е. подобрувања. Тоа го сторил во третото издание во збирката „Песни“ (изд. „Кочо Рацин“, Скопје, 1963 г.). Дури во првото издание на неговите „Избрани дела“ од 1967 процесот на конечното обликување бил завршен. Впрочем, за тоа детално зборува самиот поет во „Белешките“ кон ова издание:

„Оваа поема беше објавена првпат во посебна книшка во 1945 г. („Култура“ – Скопје), а потоа во збирката „Земјата и љубовта“. Веќе при ова повторно печатење внесов некои мали поправки. Потоа се затврдуваше во мене сè повеќе мислата дека текстот треба да претрпи редакција. Во изборот „Песни“, излезен во 1963 г. во издание на „Кочо Рацин“ (библиотека „Златна клупа“) го сторив тоа во однос на „Сказната на стариот мајстор“, во која изоставив неколку стиха и извршив поправка на две-три рими. Но дури при подготвувањето на оваа книга ми се укажа можност да се вратам повторно кон оваа поема и да ја реализирам својата

намера. Мојата интервенција се состоеше во тоа што извршив значителни скратувања на оние места што претставуваа повеќе еден декларативен коментар. Освен скратувањето, само по неколку стиха извршив ситни измени. Со ова мојата поема го добива својот дефинитивен облик“. (Блаже Конески, „Избрани дела во седум книги“, кн. I, „Култура“, Скопје, 1967 година.)

Кон ова, приредувачот на критичкото издание на целокупните дела на Конески не би имал што да додаде. Извесно е дека поетот непосредно учествувал во новите изданија на своите поетски творби. Во нив тој доследно се придржувал до својата изјава – во сите нив поемата „Мостот“ се публикува според текстот кој го наоѓаме во „Избраните дела“ од 1967 г., каде што тој го доби „својот дефинитивен облик“.

Редактирањето на поемава бил подолг процес кој набргу ја надминал првобитната замисла за „внесување на некои мали поправки“. Очигледно, дека поетот набргу по првобитната објава сфатил дека бил незадоволен од својата творба и дека стои пред дилемата: или од неа, како од типичен производ на тогаш доминантниот „соц-реализам“, сосема да се откаже, или радикално да ја редактира. Се одлучил за второто и внесол голем број промени, со кои ништо не нарушил од сижејната структура и етичката порака на делото, исчистувајќи го од „декларативниот коментар“ и нормативите на погореспомнатата книжевна доктрина. На таков начин истото дело се појавило „во ново руво“ кое, носејќи траги од лузните на времето и епохата, не отстапува и не доаѓа во колизија со суштинските определби на поетот Конески.

Главните интервенции се однесуваат на следново:

Во тематска смисла – од реториката на изградбата, тежиштето на поемава е поместено кон „Сказната на стариот мајстор“ во која е содржана основната порака на творбата.

Во формално-изразен поглед – напуштен е првобитно доминантниот слободен стих и отстранети се низа дескриптивни и пригодни детали.

а) Во првобитната верзија (изд. 1945) поемата има единаесет, а во завршната – седум глави. На таков начин, мошне е намален обемот на поемата – од првобитните 520 стиха, во конечната верзија таа е сведена на 225 стиха, што значи дека почетниот обем на поемата е – преполовен.

б) За непосреден увид во извршените измени и скратувања во Прилогот го даваме автентичниот текст на првото издание, при што елиминираните делови се означени со болдиран, а изменетите со неопходните детални објаснувања во италик графички вид.

Покрај поемата „Средба со Жинзифов“, поемата „Мостот“ е творба во која до „дефинитивниот облик“ Конески извршил најголем број покрупни скратувања и измени.

Од исправките може добро да се согледа дека поетот ја „стегнал“ и ослободил од ненужните дескриптивни и пригодни детали својава поема, чијашто вредност многумина неосновано ја потценуваат, а го оставил и го истакнал она што го оценил како суштествено за нејзината основна порака.

Кон крајот на животот Конески уште еднаш ќе се наврати со свој коментар кон својата прва поема, сметајќи дека општиот контекст во кој таа била напишана барал неминовно да се одрази „духот на времето“ и да се обработат „општите теми“. Но, тој не пропушта да го изрази своето внатрешно задоволство што и во таквиот период, речиси паралелно со „Мостот“ успеал да ја оствари на еден здив својата извонредна антологиска песна на **општа тема** – „Тешкото“.[3]

[3] „Разговори со Блаже“, цит. изд., стр. 210–212.

БК 6

Блаже Конески

# Мостот

= поема =

Култура
Скопје

# П Р И Л О З И

## МОСТОТ
**поема**

**1.**

Кога од *нашава земја*
отстапи Немецот поган,
*во злоба понесен темна,*
*тој вивна пустошен оган.*

**Тунели урна, патишта скина,**
**мостеи турна,**
**откорна шини**
**на земјата жилите,**
**запали кукји, поткладе мини, –**
**писнаа змијски фитилите...**

**Јачеше пукот. Чад в очи влезе.**
**И беше грозно што денот виде, –**
**грозен кикотот од митралезот**
**на заден растрел, на снег, до дзидот.**

Тиранот долго што кај нас
сееше ужас и тага –
зад својте петици гнасни
остави крвава трага.

Но мина лутата мака,
и пустош каде што легна,

се крена работна рака,
*со повик народот трегна!*

Патје се градат, пруги се прават,
тунели чадат –
шини се стават,
пискоти *подватен* лост!
*И векје нокје*
со чад и искри
трга
првиот воз.
И токму кога сонцето – јунче
изрипа на планината,
одеднаш,
кипната,
бујна,
се провре
низ темен тунел
машината!
Часум подзапре,
срже,
замижа,
удрена од светлината.
Диво закопа,
прилегна,
зовре,
фркна,
и напред јурна,
надолу скокум се фрли,
од радост рикна,
в поле се урна,
ги цепи шините,
напина гради,
ширина граба,
збива,
бодина,

лета,
размава
развева грива!

Ој напред, напред!
Крај нема полетот!
Лудува земјата,
разлава полето,
пука далечен глед,
молни сонцето сека...
Се шири рамнина и таму сребрена
се точи змијата – река!

На неа сега бодна машината,
таму да мине,
да ја згази,
да ја скине!
Ој напред, напред!
И се е поблиску,
и *векје* јачи железен, силен вик!
Напред!
Уште миг! ...

Но одеднаш
запре...
Болно ги сви мускулите,
писна,
небаре коњ
во трк
над пропаст
на две нозе
обвиснат!...

**2.**

Како прекршен ’рбет
лежи на вода мостот,
бранот тиок и скрбен
пliска железни коски.

**3.**

Кај мостот тука засилен бој се врза,
падна од дрвјата снегот, зашчека митралез.
Запеа куршум немирна песна и брза,
пукот од бомбите ’рзна. Зачкрта со бес
ножот од мините по срчата небна.
И кога зад мост над градот чад се крена,
и пожар вивна и денот се стемна,
на бегство *веќе* Немецот се спрема,
пиштат улиците,
ужаси гласат!
На јуриш тогаш минат
борците,
ударниците,
мостот да го спасат!
И загрготе пукот,
од железо чкрт,
куршуми в река се сипат –
во болка *таја* се витка,
разлава лутата смрт.
Но залудно е се!
Се кикоти скришно под мост динамит,
ужасен пукот просторот го глуши,
се крши мостот и мртов се руши...

**Кај мостот одбор од младост падна,**
**од партизани, во јуриш смел...**

**Ти дом им беше, ој горо ладна,
а смртта в слава им беше дел!
Ги прибра нежно земјата страдна,
ко боже мајка во преграб врел.
На својте гради ги гушна таја,
ги успа тивко на сон за век.
Од крвта нивна, во сонот таен,
цвет алов цвети на снегот мек.**

**Но и крвникот скапо тука плати
и многу трупје реката му голтна!
Стрвно ги пречека таја:
се покрена, ги фати,
ги грабна, ги свлечка, ги смолкна,
како дзверка ранета со рик
на нив се фрли,
мртви ги расчешна,
в длабина ги пласна,
и им ја испи крвта гнасна!**

**4.**

**Иде нова пролет
како љубов лепа,
како моме кога
со смеа те гушка.
Над реката врби
свилни реси веат,
низ цутени гранки
модро вишно небо
се надзира в бран.
Расте млада трева
и постила сешто,
и од бојот крвав
гине задна трага.**

**5.**

*И* еве *векје* работа зборна
кај мостот јачи. Викот
и прав се крева. Гори
на сонце челикот.
Во размав казмите светат.
Работат мајстори, обгарена лика,
работи тука младинска чета!

Чука чеканот,
железото чкрта,
размава раце великанот кран,
наоколу се врти,
                    намрштен.
   Пиштат шините
под швајс-машините,
искра прска.

Мостот се гради. *Стануе векје*
небаре болник од болничен одар.
Исправа железни *плекји,*
протега раце над водата.

**Носат младинците камен и песок,**
**колички чкрипат, а дланките стиснати,**
**градите раснат, в кошула е тесно.**
**А кога припече денот, и писне**
**сокле над глава, в круг понесено,**
**летнуе тогаш и трепети високо**
**в небо**
          **младинската песна:**

**Нас сонце не блисна со роса во зори,**
**а градите наши разголени беа –**
**разбудивме птица во пролетно поле,**
**се разнесе викот, не засркна смеа!**

**На работа бодро, ој другари млади,**
**железниот мускул да крцка и пука!**
**Со задружен напор штом нешто се гради,**
**зар железно срце не се кова тука?**

**Низ нашава земја страшилиште мина**
**и пронесе гламња фашиската рака,**
**и истепа лугје и селишта срина,**
**а народот писна во крви и мака.**

**Но залудно врагот во злоба се дави,**
**и населби пали и патишта руши!**
**Крај мртвите роден, нов живот се јави,**
**нов никулец ’рти во нашите души!**

**Го гониме сега по крвава трага,**
**див ужас го вакја и смртта го демне!**
**А работен удар во пролетва драга**
**се разноси векје по нашата земја.**

**И песна се гласи за дружбата дивна**
**в југославска страна од крв што се роди!**
**Народите наши дух еден ги вивна,**
**низ единство патот во слава ги води!**
**Ој нашата радост е радост на пролет,**
**поникнала тревка што златно ке класи,**
**раскрилена птица што в срце не колвна,**
**за видоци весник, за иднина јасна!**

**Ој малдино, крила зар немаме ние,**
**и наши зар не се изворине бистри?**
**И наше зар не е што в искра се крие,**
**што шумоли вечер во горине лисни?**

**Да одиме напред! Зар не носи секи**
**за загинат другар во душата спомен?**

**Ти смисли го него, со пушка и чекан**
**штом замаваш здраво да коваш и громиш!**

**Ечи млада песна,**
**крилна птица лета,**
**молчи врбаресна,**
**мине бран по бран, –**
**секи носи милно**
**вишно небо свилно,**
**о небо без доглед,**
**о крај сонуван!**

**И радост се буди во силните гради,**
**а рацете пупат од плодниот труд.**
**Количките пеат, и челикот ладен**
**се смее со пукот под тврдиот чук.**
**И зајдуе сешто во чудната химна**
**на изградба смела, на бујниот век –**
**железото вика, од градите димни**
**се разлега говор и железен ек.**

**„Тој еднаш само сладост што сетил**
**во размав силен со чеканот,**
**на нов живот е векје ветен,**
**да биде нема тој роб и скот.**
**Да клоне нема пред смрт и мака,**
**го води напред светлиот пат!“**

**Така во размав со тврда рака**
**расправа бодро работник млад.**
**А други таму се смеат шумно,**
**без станка тече нивниот спор.**
**„Друже, ти велат – си момче умно,**
**ај да ни кажеш за еден збор!**
**Братството – тоа го знајме сите,**
**за да го брани брата си брат.**

**Единство што е сега те питам,**
**младиве што го разгласуат?“**
**„Да кажам не знам единство што е,**
**знам само пример како се прај:**
**шинава, гледаш, што тука стои,**
**земи ја, друже, за оној крај!**
**А сега овде да ја ставиме,**
**дај ги чивиите, чеканот!**
**Мостов побрго да го направиме,**
**да ја оседламе екана!**
**Заваруј здраво, мајчин сине,**
**воз тука ќе мине!“**
**Така со смеа трудот се краси,**
**и збор се води, песна се гласи,**
**на сите лица веселба грее,**
**сонцето јасно над нив се смее.**
**Но само еден молчи и трај,**
**и тешка мисла во себе тај...**

**6.**

**Зошто молчиш, стар мајсторе?**
**Што си склучил веѓи стреи?**
**Темен жар ти в очи гори,**
**над чело ти мрак се реи.**
**Каква мисла – облак бурен**
**те распина и те мачи,**
**како порој да се урнал**
**и див ветер в гора јачи?**
**Тука младост песна викна,**
**се сркала камен в река,**
**а над река врби никнат,**
**пупки реди пролет мека.**
**Само ти си тих и мрачен,**
**и те тајна мисла мори.**

**Кажи, кажи што те мачи,**
**зошто молчиш, стар мајсторе?**

**7.** (Сказна на стариот мајстор)

„Мајстори, чујте за син ми сказна,
и вие чујте, синковци млади!
*Во умот темен, од бури сразен,*
*за него мисла везден се краде...*
Го думам како остана сирак,
во лулка иште, млад сокол сам,
како сум тиштел, како сум збирал
за да го гледам, јас еден знам.
На мојве раце детето расна,
му бев јас татко грижен и строг –
а како мајка се молев гласно
да ми го спасе од болест бог.
Го думам арно во спомен дален
првното запче, и збор, и од.
Но како еден до друг сме спале –
остана болка во споменот ...

Спиеше тио јунакот мој,
насмеал мило усте во сонот,
но пуста беше темната *нокј*
за татко му од мака гонет.
Јас лежев скинат без капка *мокј*
и жежок сврдел длабеше в ум,
се вртев тешко на кревет тврд,
и слушав в уши од ужас шум,
и сам ја сакав својата смрт.
Зашто ме дари со мака светот,
да бидам страден за корка леб,
да биде гладно моето дете,
и кровот урнат и огнот слеп.

И мојот Божик да биде тажен,
да дреме беда на мојот кат,
а јас да нема со поглед влажен
да сетам радост никој пат.
Аргатски живот ко лута змија,
да дроби снага, лика да пија.
И често така чудно ми беше,
за сонот сладок на синот мој,
со тиок усмев како се смешка
в детински сништа заигран тој.
Ме топли драго снагата мала,
ме гали здивот, со жар ме пече,
и ми е чудно, и ми е жално
и јадри солзи без запир течат.
**Си мислев тогаш од милост ватен**
**за ошто олку му ликот греј,**
**И дали срекја во сонот златен**
**по патот негов се тивко леј?**
**И дали ангел од бога пратен**
**со крилје бели го гали сам?**
**Јас залуд прашав со поглед матен –**
**не разбрав тогаш, но сега знам!**
**Јаболко златно знам дека сонил,**
**на златна гранка бев цветен род,**
**Се леел омај и цут се ронил,**
**му зреел слатко златниот плод.**
**Јаболко златно слобода што се**
**вика – што мами во чуден плен.**
**Кој што го сонил, тој ќе го носи**
**во својте гради до заден ден.**

Израсна син ми, бор вишен стана,
му светна в очи на машкост пламен,
се стемна чело во младост рана,
и тврда мисла се спушти таму.
Низ борба нему му мина патот,

го мачи в затвор душман без грев.
Се силев залуд јас да го *сватам,*
тој беше сокол, јас робјаш бев!
А кога кај нас повик се крена
да стане народ во крвав бој,
во шумна гора со прва смена
се крена тогај и синот мој!
Три лути змии, три лисни лета
со пушка в раце тој мина в страд,
и вивна светот тој кај што шета
со одбор чета низ смрт и глад.
Низ дим и пламен сив сокол лета
без леки крилје да жижне смад,
ни куршум свирнат од злоба клета
го стигна него во полет млад.
А кога мина година трета
и *векје* душман бегаше в јад,
кај мостов овде, на смртта ветен,
тој падна мртов крај роден град.
Тој падна мртов од рака гнасна,
тој тука проли црвена крв,
и заден поглед му тука згасна,
ко *дзвезда* јасна зад темен врв.

Јас *санокј* чекав да чујам чекор,
да тропнесин ми на мојот трем,
но *нокјта* беше глува и мека,
и екот замрен и патот нем.
Го најдов дента кај мостот сразен,
со други сокли во дружна смрт.
Му беше чудно косата мазна,
ја галев долго со дланов тврд.
И после закоп низ градот мина,
одеше народ, пееше хор:
Нека се слави што јунак згина
за својот народ, извишен бор...

И тогаш нешто ме *вати*, крена,
се напна силно мојата град,
и божем светов друг свет го смена, –
и капна солза за први пат.
Не болка, чудо ми откри таја,
за ошто копнел јунакот мој,
тоа што секи борец го знае
кога во смртта *тргнуе* тој,
тоа што секи човек го таи
длабоко в срце – најубав дар,
но место пожар да вивне сјаен,
што тлее често – запретан жар.
Слобода – толку што сум се мачел,
што значи разбрав тој чуден збор.
А беше закоп. Над гробот мрачен
стоеше народ, пееше хор.
И тогај реков: Мој сине, збогум,
да ти е лека земјата ладна!
За вечен спомен **јас** ке го кренам
мостот во младост *ти кај* што падна!

Мајстори, вие имате чеда,
почујте таков зарек и клетва,
младичи, син ми во вас го гледам,
негова тврдост в очи ви светка:
Да прегне секи. Треба да се гради
мостот! Челик тврд нека пишти!
Крв в темел легна. А таква зграда
ни век ја руши, ни бура ја ништи!

**8.**

**Замолкна. Таец – срце да чуеш да чука.**
**Вегјите склучени се, и очите горат.**
**И како бојна клетва да стануе тука,**
**пука во градите обрач, мрее од возбуда збор.**

**И само реката в штама со топол шепот што шепне**
**со занес низ поле носен, низ росни ливаѓје дзвон.**
**Се лее ледната струја и бран со бран се гони,**
**се љуби лебед со лебед и тиок пој се рони**
**за тие в борба лута што тука смрт ги срети,**
**што в прва младост крвта со црвен цвет им цвети,**
**карамфил – црвен цвет:**

**Сон спокоен спите крај струјната река,**
**бран упој ви дава и утеха мека,**
**за вашата слава ке шепне до века,**
**борци за новиот свет.**

**Молчат луѓјето. Закасал усна секи.**
**Чујна е тајната песна, на тишината одот**
**по патишта стрмни,**
**како што**
**молна штом секне,**
**сплашена тишина трепка,**
**дури да грмне!**

**9.**

**Одеднаш излага напред**
**маж – со чекор одмерен, тврд.**
**На него секој поглед се запре,**
**се чу во одот од песок чкрт.**

**Избива сила од машка става**
**и дише бујно косеста град.**
**Му тегне тешко десница здрава,**
**на чело капки од пот му сјат.**
**А меѓју веѓји реска длабока**
**со глето животот му усекол –**
**за тврда мисла знак, за бури показ**

**тој што ги минал низ борбен век.**
**Во својот властен поглед тој сите очи ги зеде,**
**и застана, во правиот час стигнат,**
**готов да поведе,**
**еден збор да каже – бура да дигне!**
**Како што молна светка, тој во себе го најде**
**и рече тврдо: „Другари, ајде!“**
**И в силен порив, божем сламка слаба**
**чеканот тежок тој в раце го граба!**

**О час на зговор! Од секо срце**
**со прпот бела галаба летна,**
**и в небо шумно јато се згрна**
**со бели крилје на сонце светна**
**и дури долу работа врие,**
**пискот се гласи – птица се вие!**

## 10. МАРШ

**Трудбеници, сонце штом наутро дзирне**
**од врвои снежни со молскотен поглед, –**
**се открива небо и ширење шири,**
**но поширок уште е нашиот доглед!**

**Се стркала карпа од ридје со екот,**
**но нашиот чекор е потврд и бурен:**
**во размав сме ние со пушка и чекан,**
**а нашиот удар в идност ќе се урне!**

## 11.

Готов е мостот!
Убавец бодер!
Наутро рано од сон се буди,
протега лак по лак.

Наутро чуден гостин му иде
од модер простор преку ридје,
сонцето – единак!
Сонцето голичко в река скака,
*брвнуе* сето од лад и свежест,
на дно се нура, плива и шлака,
а мостот фрла од сенка мрежа
и да го фане во неа сака.
Вода се плиска, роса се блиска,
смеа се гласи од бисер јасен,
над река трепка божилак ...

И тогаш
тајно
по шините
далечен трепет се носи,
нечуен
стишен
лек.
Стине
и трепне
од немир мостот!
Морници слатки го лазат.
Премира.
Чека ...
Одеднаш
радосен вик
ја раскина
тишината!

Горе
зад полегат рид
изрипа
машината!
Молскотен поглед
на мостот
метна.

Зеде здив,
прилегна
закопа,
за’ржа
и летна –
надолу се урна,
ги цепи шините,
бурно
ги сече кривините,
напина гради,
ширина граба
збива,
бодина,
лета,
размава,
развева грива!
И ете ја пред мостот.
Шири раце тој!
Со пискот
на гради
му се фрла,
го пали,
со здив,
го гали,
го свива,
го стега
в железен преграб,
заглушит,
бурен.
Само за миг.
И *векје* напред
в ширина јури,
јури
со победен вик!

Ој напред, напред!
Крај нема полетот!
Лудува земјата,
                                        разлава полето
пука
            далечен глед!

# ЗЕМЈАТА И ЉУБОВТА
(1948)

„Земјата и љубовта“ е прва објавена стихозбирка на Блаже Конески. Објавена е во „Државното книгоиздателство на Македонија“ во Скопје, за 1948 година. Поделена е на четири циклуси. Првите два опфаќаат по седум лирски и лирско-епски песни, а потоа следат двете поеми: „Средба со Жинзифов“ и новото издание на „Мостот“.

Со песната „Тешкото“ која како антологиска песна влегува во сите натамошни избори, започнува првиот циклус.

## ТЕШКОТО

Со песната „Тешкото“, како воведна, започнува првиот циклус во стихозбиркава. Објавена е за првпат во „Нов ден“, бр. 4–5, април–мај, за 1946 година. Верзијата во „Земјата и љубовта“ минимално се разликува од првобитната.

Измените се во приспособувањето кон прифатениот правопис:

Во четвртиот стих од првата строфа, наместо „зошто ми навира река“, имаме „зошто навирува река“;

Зборовите „’рзнуе“ и „светнуе“, во 5-от и 6-от стих од втората строфа се заменуваат со „’рзнува“ и „светнува“.

Песната „Тешкото“ потоа како песна со антологиска вредност застапена е во сите натамошни избори на неговата поезија. Самиот автор изразил нескриено задоволство што во времето на „соц-реализмот“ успеал да напише таква творба: „...мислам дека важно за мене лично е, што, имено во тоа време, ја напишав песната ‘Тешкото’“.

Песнава, според сопственото признание, ја напишал со еден здив, во текот на една ноќ во х. „Касина“, во Белград.

## ИЛИНДЕНСКИ МЕЛОДИИ

Објавена е за првпат во „Нов ден“, бр. 3, за 1948 година. Понатаму се објавува со минимални промени:

Извршена е поделба на третата песна (7 + 7), последните четиринаесет стиха се означени во сите натамошни изданија како 7 (седма) песна.

Во врска со песните „Илинденски мелодии“, „Весела песна“, и „Полноќ“ во „Белешките“ кон Избраните дела во седум книги („Култура“, 1967) Конески вели: „Весела песна“, „Полноќ“, делум и „Илинденски мелодии“ (посебно песните 3 и 6) потекнуваат од времето кога се настанати песните од циклусот „Од стариот нотес“.

Ракописни траги од овие песни во работните бележници на поетот како и во неговиот личен архив, не се пронајдени.

## ПЕСНАТА

Се објавува според текстот од „Земјата и љубовта“, без измени.

## ПИСМО

Се објавува според текстот од „Земјата и љубовта“, без измени.

## НА ГРАНИЦА

Се објавува според текстот од „Земјата и љубовта“, без измени. Првобитно објавена во „Нов ден“, бр. 4–5,

април–мај, 1947. За изданието од 1948 извршени се бројни помали измени.

## СОНЧЕВА КОЛОНА (балада)

Се објавува според текстот од „Земјата и љубовта", каде што баладава доживува бројни измени од првобитната појава во „Нов ден", бр. 2, ноември, за 1945 година.

Во „Прилозите" го приложуваме првобитниот текст со бројните измени означени со „италик".

## ПРОЛЕТНА ПЕСНА

Се објавува според текстот од „Земјата и љубовта", без измени.

## ВЕСЕЛА ПЕСНА

Се објавува според текстот од „Земјата и љубовта", без измени.

## ПОЛНОЌ

Се објавува според текстот од „Земјата и љубовта", без измени.

## УТРО

Се објавува според текстот од „Земјата и љубовта", без измени. Првобитно објавена во „Нов ден", бр. 4–5, за 1947 година.

## КАРАОРМАН

Се објавува според текстот од „Земјата и љубовта", без измени. Првобитно објавена во „Нов ден", бр. 7, за 1947 година. За изданието од 1948 авторот извршил незначителни измени во првата и третата строфа. Првобитниот наслов „Од Караорман" е заменет со „Караорман" .

## ОХРИД

Се објавува според текстот од „Земјата и љубовта", без измени.

## ДОЈРАН

Од објавувањето во „Земјата и љубовта" до конечното обликување на песната авторот извршил повеќе измени.

Овде се објавува според изданијата од 1967, 1987 и 1990 година. Извршени се следниве измени:

а) првиот стих од првата строфа во третата песна – првобитно: „крај езерски, модри ридје" заменет е со: „модри ридје, крају свиден"

б) третата строфа од третата песна од првобитната верзија што гласеше:

„Да би дошло младо момче
да се норка на длабоко,
од езеро – здив да земе,
од сонцето – пламен в око."

во сите натамошни изданија е отпадната.

в) во четвртата строфа од шестиот дел почетните два стиха „Очите негови црни / сончева топлина пиле.", во сите

натамошни изданија заменети се со: „Душата негова жедна / сончева топлина пила.“

г) во првата строфа од шестиот дел изменет е редоследот на стиховите; наместо: „Арно – со стариот рибар / на брег да заседнеш вечер, / и збор по збор да тече, / виното пред вас да тлее“, во конечната верзија имаме: „Арно со стариот рибар / на брег да заседнеш вечер, / виното пред вас да тлее / и збор по збор да тече“.

Во првобитната верзија стихозбирката „Земјата и љубовта“ ја содржеше и песната „Родина“ (Н. Ј. Вапцаров). Подоцна таа отпадна. Наместо неа во „Песни“ од 1953 година ја наоѓаме песната „Смртна песна“ – „Посветена на Н. Вапцаров“.

# П Р И Л О З И

## СОНЧЕВА КОЛОНА
**– БАЛАДА –**

Заседа волча во матна зора
крај горски пат ...
И краток пукот и одек громок,
а после – мир и барутен чад ...
... Седумте *убити борци – герои*
ги *носи*
**крвникот**
в Прилеп
на плоштад ...

Одеднаш веста
**ко** црна птица
**крикна** над градот
со жален крик ...
Здивен и злорад
**мине убиецот,**
**му мрзне ужас**
**на крвав штик ...**

**Но нема,**
**врагу,**
**в страв да го свиеш ти**
**градот**
**зареден**
**со динамит!**

И дочул тажна вест за сина,
нема да престапи таткото праг,
ни брат со мрачен лик *к’е* мине
за да го види мртвиот брат
Не!
    Стаил болка што срце кине,
одмазда спрема тој в машка град!

Но клета мајка како да трае?
Ја клукна змија,
                    болка ја сви ...
Шамија црна *врзуе* таја
и трча таму со издив стаен
за задно збогум
                    со својот син ...

Денот е мрачен. *Навира* дождец.
Попуст и потих е плоштадот.
Седмина лежат во крвав ред.
Стражари стражар *иземнат*
                                        над нив,
Цинично свети бајонет.

И ете таа *пристига* таму,
и *запра* над нив,
                    ја зави мрак ...
Но ако *магла в очи и падна,*
*затоа будно е срцето страдно*
*и мртов мајка го препозна ...*

Ги изви таа во ужас прстите
и прекри лик.
Се стресе сета ко слаба трска
и напна гради ...
                    Но од градите
не се чу вилен,
            раздирлив вик.

И само солза низ образ ливна
над мртов строј ...
И в миг ко веда
ја светна силно
безумна мисла,
но мисла дивна:
Не!
Не е тој!

И тогаш *мајката* раствори очи,
поглед што мине над труп и кал,
и како жерав без пат и почин
што тоне в небо со тивка жал ...

Се топи в срце тешкиот камен,
и гледа мајка *друг небосклон,*
и жив го гледа сина си таму,
*ко што го знае во својот сон.*

Го виде таа во *зора рана*
по горски срт,
од сите прв, –
колона кај што од партизани
достига вишен планински врв ...

Се лула под нив просторот сињ.
Во утрен пурпур небото тоне.
И светнал таму нејниот син
пред румен изгрев
во орлов лет ...

*Екнуе песна* –
горите ѕвонат,
изгрева *сонцето,*
*стапуе* в ред ...
Сонцето
*марширa*
пред таа колона!

# ПЕСНИ
(1953)

Збирката „Песни“ (1953) содржи 60 поетски текстови. Поделена е на два циклуса: „Лирски записи“ и „Монолози и дијалози“. Покрај нив се објавува и поемата „Буната Карпошова“ (која остана недовршена). Во ваков непроменет вид збиркава ќе биде инкорпорирана во сите натамошни изданија на „Избраните дела“ на Конески, заклучно со последното од 1990 година.

Мошне е значајна информацијата што ни ја дава поетот во „Белешките“ на крајот од стихозбиркава. Таму се вели дека повеќето од песните од циклусот „Лирски записи“ сега се објавуваат првпат и дека се редат по временски ред. „Првите од нив потекнуваат уште од 1940 г., последните, од последниве денови“. Во „Избраните дела“ од 1967 г., Конески уште попрецизно го одредува бројот и местото на стиховите од овој циклус. Тој вели: „Поточно одредено, во периодот пред 1945 г. спаѓаат првите дваесет песни (од „Зов“ до „Песна“)“.

Ова налагаше на овој дел од „Лирските записи“ да му посветиме посебно внимание.

Укажувањето на Конески не насочи одново кон најраниот период на неговиот поетски опус – кон, за среќа, зачуваната „Збирка песни“ што се чува во Архивот на МАНУ. Таму во преписите на своето рано творештво што ги направил самиот автор, наоѓаме (макар и под други наслови и делумно преработени) поетски текстови од спомнатиот дел на „Лирски записи“. Оваа ракописна збирка содржи 19 песни, коишто за првпат ќе бидат објавени интегрално во Прилогот во вториот дел од коментарите. Седум од нив добиваат свои конечни верзии во „Од стариот нотес“ и „Песни“. Посебен е случајот со песната „Спомен“ (1939), една од најубавите од овој период, на која поетот £ посветува посебно внимание, вршејќи неколку битни измени и поставувајќи ја како воведна песна во новоформираниот циклус „Монолози и дијалози“.

*ЛИРСКИ ЗАПИСИ*

## ЗОВ

Се објавува според финалната верзија во „Песни“ (1953).

Во ракописните „Збирка песни“ нејзин пандан е песната без наслов, чиј прв стих гласи: „Златен есенски ден / од смртта украден“. Во финалната верзија последните два стиха: „Исти луѓе да гледаме / Облаци исти д’ испраќаме“ – отпаднаа. Спореди со оригиналот во П р и л о з и.

## ПРОЛЕТ

Се објавува според финалната верзија во „Песни“ (1953).

Во „Збирка песни“ нејзин пандан е песната „Пролет“. Во финалната верзија извршено е скратување и неколку други измени. Спореди со оригиналот во П р и л о з и.

## РАМНИНА

Се објавува според финалната верзија во „Песни“ (1953).

Во „Збирка песни“ нејзин пандан е песната без наслов, чиј прв стих е идентичен со првиот стих во финалната верзија во која е укината поделбата по строфи, а два стиха (вториот од првата и првиот од втората строфа) се удвоени, така што наместо 13, песната содржи 15 стихови. За другите измени спореди со оригиналот во П р и л о з и.

## ПРИСПИВНА

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

Оригиналниот текст на песнава не фигурира во зачуваните ракописи од најраната фаза. Ова се однесува и за другите песни од циклусот „Лирски записи“, завршно со песната „Песна“, кои според изјавата на поетот настанале во периодот од 1940–1945, освен песната „Есенско утро“ чијшто факсимил е зачуван.

## ОЧАЈ

Се објавува според финалната верзија во „Песни“ (1953).

Во „Збирка песни“ нејзин пандан е песната без наслов чиј прв стих гласи исто како и првиот стих во финалната верзија: „Жежок потен ден се свиткал“. Во финалната верзија извршени се помали измени. Спореди со оригиналот во Прилози.

## МОЛИТВА

Се објавува според  верзијата во „Песни“ (1953).

## ШУМ

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## ЕСЕНСКО УТРО

Се објавува според финалната верзија во „Песни“ (1953).

Во зачуваниот ракопис песната е насловена со „Македонски пејсаж“. Во финалната верзија покрај промената на насловот извршени се помали измени и отпаднат е завршниот дистих. Спореди со оригиналот во Прилози.

Реченото за песната „Приспивна“ се однесува и на вториот дел од циклусот „ЛИРСКИ ЗАПИСИ“.

## СМРТНА ПЕСНА

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## ПОЛНОЌ

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## СОН

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## ПЕСНА ЗА МАСЛИНКИТЕ

Се објавува според финалната верзија од „Собрани песни“ (1987).

Таму, сè до последниот избор (1990) во втората строфа, по стихот: „далечно сè ми стана“, се придодава нов стих: „светлина, мрак“.

## ПРОШТАЛНА ПЕСНА

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

**МОЛИТВА**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

**ЗИМЕН ДЕН**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

**ВРАЌАЊЕ**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

**ПЕСНА**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

**БУРА**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

**ПУСТИНА**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

**ПЕСНА**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

Со тоа се исцрпува бројот на песните што според изјавата на Конески во „Забелешката“ кон „Песни“ (1953)

настанувале од 1940 година и кои во стихозбирката „Песни“ (1953) се редат по временски ред. Последните песни (во „Песни“, 1953), според таа изјава, потекнуваат од „последниве години“, што значи – до средината на 1953 година.

**В КРЧМА**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

**ПЕСНА**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

**СЛУЖБА**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

**СПОМЕН ЗА СЛАВЕЈ**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

**БДЕЕЊЕ**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

**ЉУБОВ**

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## ЗА НЕПОЗНАТАТА

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953). Циклусот претставува своевидна реминисценција на познатата песна „Незнакомка“ од рускиот поет Александар Блок, од каде што се земени и двата стиха, како мото, на руски јазик.

Александар Блок бил еден од омилените поети на Конески, кому подоцна тој му посветил цела збирка препеви. (Види ја книгата, Александар Блок, „Поезија“, „Култура“, Скопје, 1966.) Необична и сугестивна варијација на слична поетска тема, всушност – љубовна, наоѓаме подоцна и во песната „Виј“ во стихозбирката „Везилка“.

## ЛИК

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## УСПИВАЊЕ НА БОЛНО ДЕТЕ

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## ’РЖ

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## ПЧЕНИЦА

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## МАК

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## ЈАГОТКИ

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## ПРОЛЕТНА ВЕЧЕР

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## КУМАНОВСКИОТ ПРЕВОЈ

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## ПЕСНИ ЗА ФАУСТА

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## НАВРЕДИ

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## МАТУРАНТИ

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## ИКОНА

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## ГУГУЧКА

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## АНГЕЛОТ НА СВЕТА СОФИЈА

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## КАЛЕМЕГДАН

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## СКОПЈЕ

Се објавува според верзијата во „Песни“ (1953).

## *БУНАТА КАРПОШОВА*

Песната е посветена на Карпошовото востание против беговите од кумановскиот крај во 1689 година. Песната, според изјавата на авторот е замислена како прва песна од една поема која остана незавршена.

Првобитно е објавена во „Нов ден“, бр. 6–7 за 1949 година. Овде се објавува според финалната верзија во „Песни“ (1953) во која има неколку помали измени и дополнети дополнителни стихови: во третата строфа зборот „машчијо“ се заменува со „машчио“, а зборот „сиромашчијо“, со „сиромаштио“. Во петтата строфа името „Решија“, се заменува со „Еремија“.

Кон финалето на одломката од оваа поема се додава нова строфа со стиховите:

„Идат...
Бајрак крвавее,
пушки ѕунат –
народе стануј,
збирај се војско,
буна се крева,
буна!“

*МОНОЛОЗИ И ДИЈАЛОЗИ*

## СПОМЕН

Песната „Спомен“ е една од најдобрите и најсугестивните исповедни песни на Конески од најраниот период. Напишана е во 1939 година за време на едно од неговите патувања од Прилеп до Крагуевац. Во спомнатата ракописна верзија таа беше без наслов и беше напишана на дијалект. Во подоцнежната и финална верзија, за првпат објавена во збирката „Песни“ (1953) под наслов „Спомен“ прилепскиот дијалект е заменет со утврдената јазична норма. При тоа се извршени повеќе јазични но и други помали измени. Најкрупната е во замената на четвртата строфа која првобитно гласеше:

„Да не плачит зар чоек
над наши синој учени:
дечишта, се мрсулај,
крастај, лигај, улај.
Ним жабјак му е в жилите
и тесто им е в главата!“

со нова строфа од осум стихови:

„А ние – деца пргави
на света борба ветени –
поттурнати, поплукани,
на раскрсници крвави
умирале ужасени.
Тие, на небо пустелинско
од темницата штрекнати
метеори угасени!“

Се објавува според финалната верзија во „Песни“ (1953).

Песната е вклучена во циклусот „Монолози и дијалози“ каде што останува до крајот.

## ДИЈАЛОГ НА ПОЛНОЌ

Песната, како што означил авторот е создадена во 1941 година.

Факсимилот не е познат.

Се објавува според финалната верзија во „Песни“ (1953).

## ДВЕ ДРУГАЧКИ

Песната, како што означил авторот создадена е во 1942 година и преработена во 1951.

Факсимилот не е познат.

Се објавува според финалната верзија во „Песни“ (1953).

## СРЕДБА СО ЖИНЗИФОВ
**– ПОЕМА –**

На ниту една друга своја поетска творба, покрај поемата „Мостот“, Конески не £ посветил толку труд и време околу нејзината преработка и извршените измени до нејзиното конечно обликување, како на поемата „Средба со Жинзифов“.

Нејзината прва верзија е објавена во „Нов ден“, бр. 1–2 за 1947 година. Таа започнува со „Мото“ од 18 стихови земени „Од песните на Рајко Жинзифов“. Станува збор за три одломки при што првите осум стиха се од песната „Глас“, вторите шест од песната „На чуждина“ и последните четири од песната „Безсоница“.

Во „Земјата и љубовта“, каде што заедно со „Мостот“ поемава е објавена за првпат во збирка, нејзиниот текст е

идентичен со првобитниот, објавен година дена пред тоа во „Нов ден“. Но, во натамошната обработка Конески извршил бројни и крупни измени. Во завршната верзија, објавена во „Песни“ (1953) бројот на стиховите е редуциран – од 186 во првобитната, на 162 во финалната, при што целосно се изоставени 32 стиха, а се придодадени нови 8 стиха. Очигледно, во текот на петте години, помеѓу „Земјата и љубовта“ (1948) и „Песни“ (1953) авторот, посебно внимание ѝ беше посветил на оваа своја поема. Во својот завршен облик таа ќе се најде во новиот циклус насловен како „Монолози и дијалози“, а во него ќе остане до последните изданија на неговиот целокупен поетски опус во 1987 и во 1990 година.

Поради обемноста и сложеноста на извршените измени во Прилогот ги даваме двете верзии, првата и финалната, при што измените ќе бидат графички означени на сличен начин како и за поемата „Мостот“.

Се објавува според финалната верзија во „Песни“ (1953).

## РАКУВАЊЕ
**– ПОЕМА –**

Поемава е напишана, според означеното од авторот, во 1951 година.

Факсимилот не е познат.

Се објавува според финалната верзија во „Песни“ (1953).

## ИГРА СО ДЕТЕ

Оваа потресна монолошко-исповедна песна е напишана веројатно непосредно пред објавувањето на „Песни“ (1953), каде што е застапена во циклусот „Монолози и дијалози“.

Факсимилот не е познат.

Се објавува според финалната верзија во „Песни“ (1953).

П Р И Л О З И

## СРЕДБА СО ЖИНЗИФОВ
(првобитна верзија)

**Мото**

„Безумец, безумец, душа ти ленива, –
Ја чух невиден и таен глас –
Спрегни плуг за забораветната нива,
Че близка ет доба, близок ет час“.

– Готов сум, сја клнам, да изорам нива,
Кажи, кој си ти, невиден глас?
„Чуј! – загрме, глас сја отзива –
Јас сум Божиј гнев, народен глас“.

В стаја затворен, самичак лежиш,
А дух ти стават див и мрачен.

И денеска трпиш, и утре страдаш
И неусетно как свешт сја топиш.
И в тешка болест, в постела падаш,
Дор в черна земја ти ке сја стопиш.

Што ви направихте, книги многобројни?
Ви каков донесохте плод?
Усмалихте ли вие маки безбројни
На горкијт тој ми народ?

(Од песните на Рајко Жинзифов)

**1**

На стара Москва улица *мирна*
*Далеку шумот се губи.*
Два *сиви* реда *странски куќи*.
*Црква. Позлатено кубе.*

**И дрвце види – распнало гранки**
**на небо бледно-сино...**
**Еве ме мене кај скитам сега,**
**еве ме каде минам.**

*Изгасна* назад градската бука.
Приквечер мрежна се *ваќа*.
Чудна е таа тишина тука,
времето назад го *враќа*.

*И за миг чинам* – ова не сега,
а пред век *било сето*.
*И ене, на раскрсница онде*
*јас тебе ке те сретнам.*

Јас би те познал веднаш, мислам,
по твојот опул мрачен,
по одот брз и литото палто,
по ликот сув и мачен.

**Јас би те познал и би те запрел,**
**раката би ти ја стиснал**
**и би те прашал по нашински:**
**„Жинзифов – Рајко – ти си?"**

Јас би те познал и би те запрел
ко земјак стар и добер.
Но ти си мртов одамна веќе,
стемнет во мракот гробен.

**2**

*Јас* минам овде сега
каде што ти си минел,
но нас со црни далги
нѐ дели еден век.

И ете срце ми сака
на твојот гроб да дојдам,
над гробот твој да запрам
во мисли потулен.

Но кој – пат *к'е* ми каже,
кој *к'е* ме доведе таму?
Никој...
Сиракот умрел
в *туг'ина*, в матен ден.

И загинал споменот негов
и никој не идел *век'е*
таму каде што заспал
тој заден, мртвенски сон.

По вечер вечер гаснел,
сѐ нова трева расла,
и *нок'ни* пролетно водје
срамниле *сираков* гроб.

**3**

И што? зар може смртта стара
*да ни го спречи нашиот видок!*
*Та тебе толку јас те барам*
*и сега залуд зар сѐ да биде!*

**Не! Денес сакам да ти зборам.**
**Ти кај нас прв се беше јавил,**
**си почнал нешто, нешто си сторил,**
**над тешки мисли си мачел глава.**

*Ти претходник си. Јас одам денес*
*по патот ист, по патот труден.*
*Ти можеш да ме судиш мене, –*
*Јас имам право да те судам!*

**Јас долго барам без мир и почин**
**да ти погледам очи во очи.**

**4**

И *како некој одглас да слушам*
*со мене збориш во мојата душа:*
*„Ти по што мене ме знаеш,*
*момче, по толку време*
*што носиш од дома вест?*

Зар в песна си ме сетил?
Не в песна животот мој е
како што јас го знам.

Едно е поет да бидеш,
друго да жолч те јаде
одошто многу сакаш
одошто скован си“.

**5**

Јас *нејк’ам* близок да те спомнам
кога на некој пир си се нашол.

Си станал, велат, во царски дом и
си кренал и ти поздравна чаша.

Си имал тогаш поетска става,
ти трептел гласот, поглед се влажнел,
и за славјанската дружба и слава
здравица дури во стих си кажал.

Слушале царски генерали,
со многу лустри домот светел.
А тебе в грло *занес* те давел,
нешто – до солзи *дивно* – си сетил.

Јас *нејкам* тука да те спомнам!
Ти нели в кална *нок'* се врати
со празна душа и снага ломна,
со срам од лага, човек – што пати.

Јас тебе в мрачна те гледам стаја
в приквечер зимна, сива, слепа.
Надвор е бура. Див ветер лае
и некој гробно на врата клепа.

Ти **си** се свил на тврдо легло,
по сека жилка мраз ти тече,
со сува рака *болест* те *стегла*,
офтика *нок'та пуста, пред мракот гробен.*

[1]*Од таа немош – лут плач те стиска*
*дека си распнат, сам и дробен,*
*ти расте в грло безумен пискот*
*пред нок'та пуста, пред мракот гробен*

И што *к'е спомниш во час темен*
*за да се смири твојата* мака?
Видело нема *и* ближен нема
на чело да ти *положи* рака.

Далеку твојот роден крај е,
далеку, матно Вардар тече,
остана само спомен таен,
мирис на летна, штуркава вечер.

Но *чуму* спомен*? Солзни клетки?*
*Очите како жар ти горат.*
*Ти си ги упрел* во мракот лепкав,
*со нок'та црна тие* се борат.

*Одвеа ветар* лански лисја
и никој нема да ги врати.
*И* твојот живот *зар така* исто
по пусти патје *в неврат к'е вати?*

*И само срце ти се праша,*
*ко солза му е зборот нему:*
*„Ти кажи в живот што си нашол,*
*кажи што смртта к'е* ти земе?"

– Без радост *ден за ден ми* мина.
*За тебе, роде мој, сум горел.*
*А сега делен од тебе гинам*
*и* толку малку*, малку сум сторил.*

О зар *к'е* згасне мојот спомен,
мојата мака и *порив бурен*?
Кажете. Сам сум... Викам. Молам.
Зар никој нема да ме чуе?"

И оди викот твој низ *мракот,*
цел век се талка тој вик од *отчај,*
цел век ја гласи твојата мака.
Цел век нѐ дели. Но јас го дочув.

**6**

Старата Москва е тука. Сина
приквечер на улиците слага.
Јас минам кај што и ти си минел,
ме стега трепет и тивка тага.

И еве срце ми сака
на твојот гроб да дојдам,
над гробот твој  да запрам
во мисли потонат.

Но нема кој да ми каже
ти каде мир си нашол,
ти каде сон си заспал
*туѓинец* непознат.

**7**

Мртов си тука... Сенка без спомен...
Но тебе зар тој дел те чекал:
да бидеш име во прашен том и
лист пожолтен в библиотека!?

И првиот сум јас што сакам
очи во очи да те сретам.
И прв ме жижна твојата мака
за тебе близок, жив да те сетам.

**Та нас не сврза врска здрава,**
**Та еден копнеж нас не води**
**и една мисла не крепи права,**
**та една земја нас не роди!**

**[2]О земјо наша, попусто расна**
**мажи со ѕвезда на чело:**

**нивната младост в туг'ина згасна**
**и глува смрт им беше делот.**

**[3]И мрак над споменот нивни се сипел**
**и був над грбот им пискал.**
**А нок'е дождец есенски липал**
**и ветрот навевал лисја.**
**Но сега земјо родна, блика**
**по твојте полја росно класје,**
**и нова младост бујно никне,**
**со неа и јас ден за ден раснам.**

**На подвиг гласот твој не вика,**
**на труд за живот чист и јасен.**
**Ме мами в зори чудна лика,**
**од копнеж горам да ја стасам.**

*Но кога тага к'е ме стисне,*
*но кога на две срце се ломи,*
*јас кого другар к'е го смислам,*
*јас кого, кажи, к'е го спомнам?*

Кој помош *к'е* ми даде тогаш
*и кој к'е чуе таен викот,*
со очи полни прекор *и* строгост
кој до дно срце *к'е* ми вникне?

*Другари, од нас во себе* секој
*зар не го будел ликот кален*
*на тие пред нас во* мрачни векој
*за роден крај што живот дале?*

*Жинзифов орач беше што ита*
*во црни зори* на пуста нива.
*Жинзифов, стани – и во нас и ти*
*заживеј првпат вистински живот!*

*

Во поемата „Средба со Жинзифов“ строфата под [1] ја нема во верзијата од спис. „Нов ден“, а се појавува само во „Земјата и љубовта“.

Строфите под [2] и [3] (малку изменети) се ставени како 4-та и 5-та строфа во 3-та песна, во збирките од 1967 и 1990 година.

# ВЕЗИЛКА
## (1955)

Во 1955 година Конески ја објавува поетската збирка „Везилка“, според многумина, највисокиот дострел на неговата лирика и една од најубавите стихозбирки во сета македонска поезија од втората половина на 20 век.

Импресивниот творечки подем на Конески се најавува веќе во претходните „Песни“ (1953), каде што барем десетина песни од финалниот дел на збирката имаат антологиска вредност, но во „Везилка“ блескотната низа на поетските бисери се раскрилува од почеток до крај.

Ваквиот „златен период“ во развојот на поетот Конески, како самосвесно да се најавува со шесте стиха на воведот кон збиркава каде што поетот вели:

„Неук, си мислев:
па тие така
случајно се јавуваат.
А сега наназад погледувам,
гледам –
па тие ме обврзуваат!“

Првото издание на „Везилка“ содржи 37 песни. Песната „Девојче пееше“, како и оние во проза „Пеперуга“ и „Јоргован“ подоцна ќе отпаднат и ќе бидат застапени на друго место. Првата, како варијација на тема од лириката на Александар Блок, што и првобитно беше назначено, вторите како песни во проза, ќе се појават во поетско-прозните циклуси сè до крајот кога ќе се појават заедно со другите прозни текстови на Конески. Целосниот поетски корпус на „Везилка“ ќе биде заокружен со циклусот „Стерна“ во новото издание на „Везилка“ од 1961 година.

„Стерна“ првобитно содржеше 15 песни, помеѓу кои и песната во проза „Беласица“. Во списанието „Стремеж“, бр. 2 за 1965, Конески објави седум нови песни: „Тој донесе

нови потврди за поетската креативност на Конески во 50-тите години“. Од седумте нови песни, петте: „Убавите жени“, „Мраз“, „Полноќ“, „Пословица“ и „Песна на лозите во лозјата на Водно“ ќе влезат во финалниот облик на „Везилка“, додека песната во проза „Гулаби“ ќе биде подоцна приклучена кон соодветниот циклус, а песната „Марковиот манастир“, заедно со песните „Стерна“, „Одземање на силата“ и подоцна напишаните „Кале“ и „Песјо Брдце“ дефинитивно ќе го заокружи, во крајот на 70-тите години, циклусот „Марко Крале“.

На таков начин песните од „Везилка“ ќе се појават како единствен лирски комплекс, при што насловот „Стерна“, како ненужен, дефинитивно ќе отпадне.

Со тоа, сите песни во сегашново издание се објавуваат според конечната верзија на „Везилка“ од 1990 што ја редактирал самиот поет.

Факсимил за ниту една од нив не е пронајден.

За две песни од „Везилка“ неопходни се извесни коментари:

а) Песната „Девојче пееше“ во подоцнежните изданија ќе биде изземена. Таа е варијација – препев на песната од Александар Блок, кому Конески ќе му посвети посебна збирка препеви (А. Блок, „Поезија“, препев Блаже Конески, „Култура“, Скопје, 1966 г.)

б) Песната „Портрет“ првобитно беше објавена на српскохрватски јазик во „Скерлиќевиот зборник“, Краљево, 1964. Потоа, Конески ја вклучи во изборот што го направи Глигор Крстевски за скопска „Култура“ во 1965 година. Во конечната верзија извршена е мала промена: наместо, првобитниот изглед на втората строфа –

„Тие веѓи
меѓи на падот
во понор,
пат во подземни места“

добиваме:

„Тие веќи
меќи
на падот во понор
пат во подземни места“

# ЗАПИСИ
(1974)

Близу цели две децении ја делат новата стихозбирка на Конески „Записи“ од неговата знаменита „Везилка“. „Записите“ беа објавени во 1974 година и првобитно беа составени од два циклуса: „Записи во стих“ и „Записи во проза“. Подоцна, таквата поделба беше укината, остана само насловот на првиот дел под кој стиховите од ова поглавје се појавуваат и во двата завршни избори на сета поезија на Конески (од 1987 и 1990). Вториот дел „Записи во проза“, како и другите песни во проза изземени се од финалниот избор на Конески и префрлени во книгата на неговите прозни творби.

Овде се објавуваат сите песни од така обликуваните „Записи“ во оригинален вид кој е идентичен и во првобитната верзија од 1974 г., како и во последниот избор од 1990.

Ниту една песна од таквиот избор не доживува промени во текот на новите изданија по 1974 г., освен песната „Штурци“, чиј факсимил е зачуван во личниот Архив на Конески, кој се наоѓа во МАНУ. Од него гледаме дека поетот извршил некои помали измени до конечната верзија. Така:

– во третиот стих – првобитното „скриена“ е заменето со „скрита“;

– во деветтиот стих – зборот „основно“ се заменува со „битно“;

– во дванаесеттиот – секвенцата „и ти го сфаќаш најпосле“ е заменета со „и ти најпосле нашиот звучен говор го сфаќаш“;

– во единаесеттиот – зборот „даваат“ се заменува со „постигаат“.

# ПРИЛОЗИ



# С Т А Р И   И   Н О В И   П Е С Н И

## (1979)

## НОВИ ЦИКЛУСИ

Во 1979 година, во издание на прилепски „Стремеж“ Конески ја објави својата нова поетска книга „Стари и нови песни“, со необична и неочекувана содржина. Неочекувана, бидејќи во неа за првпат во дискурзивна естетичка форма тој го изнесе своето гледиште за смислата на својата поезија, како и за поезијата воопшто. Автобиографскиот оглед носи наслов „Еден опит“ и во него поетот ги формулира основните принципи на својата поетика и зборува за своето поетско искуство во текот на изминатите четириесет години.

Новата стихозбирка е поделена на седум циклуси. Првите три: „Песна за животот“, „Стебло“ и „Превалец“ донесуваат избор од претходно објавените циклуси и збирки на Конески: „Од стариот нотес“, „Земјата и љубовта“, „Песни“, „Везилка“ и „Записи“. Следните два: „Меѓу дрвјата“ и „Игралити песни“ содржат, заедно со новопридодадените песни на шестиот циклус „Марко Крале“ и седмиот „Проложни житија“, песни коишто поетот очевидно ги создал во интервалот помеѓу „Везилка“ и „Записите“.

Песните од „Меѓу дрвјата“ и „Игралити песни“ под насловот „Нови циклуси“ ќе се најдат и во завршните две изданија на севкупниот поетски опус на Конески од 1987 и 1990 година, со тоа што кон циклусот „Меѓу дрвјата“ ќе биде придодадена песната „Младиот кедар“, а кон циклусот „Игралити песни“, песната „Молитва за сон“.[1]

Петте песни од одделот „Марко Крале“ за првпат се овде оформени во циклус во кој, покрај поранешните „Стерна“, „Одземање на силата“ и „Марковиот манастир“ се придодадени две нови песни: „Кале“ и „Песјо брдце“. Со тоа

[1] Двете песни, како завршни и новопридодадени, за првпат се појавуваат во новото издание на „Собраните дела“ на Конески од 1981 година. и како такви остануваат до крај.

овој циклус е дефинитивно завршен и како таков ќе биде објавуван во сите натамошни изданија, сè до завршниот избор од 1990 година.

Посебно внимание во „Стари и нови песни“ привлекува новиот циклус, новиот жанр што поетот го обзнанува со своите „Проложни житија“. За генезата на овој жанр сведочи самиот Конески:

„Едно лето во Дојран јас работев врз таканаречениот „Станиславов пролог“ од 1330 година. Тоа е еден ракопис препишан во Лесновскиот манастир во таа година, а името го носи по препишувачот Станислав. Прологот е книга со кратки житија на светителите за секој ден во годината. Проложни житија се кратки житија. Јас се интересирав и за структурата на тој пролог, а уште повеќе за неговиот јазик и напишав една студија за Станиславовиот пролог. Во текот на таа работа врз Прологот, ми дојде мислата – зошто не би можело да се напишат житија, не за истакнати, ами за обични луѓе... Во животот покрај нас минат многу такви светли ликови, со невидливи ореоли. Никој не ги прогласува за светци. И никој не ги прогласува за маченици. Никој нивните морални вредности не ги истакнува, а честопати јас сум бил од тие вредности фасциниран. Така настана идејата да портретирам некои од обичните луѓе, од простите луѓе, што за мененоселе ознака за некакво величие. И почнав со она кратко житие на Бона...“[2]

Во циклусот „Проложни житија“ поетот отпрвин објавил шест песни од овој жанр, но продолжил да работи врз него. Веќе во новото издание на своите „Собрани дела“ од 1981 г. (заедничко издание на „Култура“, „Македонска книга“ и „Наша книга“) тој ќе му даде завршен облик, додавајќи кон веќе објавените уште две песни: „Тетин Ристе“ и „Дедо Илија“ со што циклусов дефинитивно ќе биде заокружен, сè до последното издание во 1990 година.

[2] „Разговори со Блаже“, цит. изд., стр. 287–288.

*МЕЃУ ДРВЈАТА*

## КРУША

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## НА ЕДНА ПЕВИЦА

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ОЗДРАВУВАЊЕ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ИДНИНА

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ИЗВОРОТ НА ТВОЈОТ ГЛАС

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ПЕСОТ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## СТАРА ЛОЗА

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## СМРТТА НА СИНОТ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## СЕЌАВАЊЕ ЗА ЃОРЕТА

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## МЕЃУ ДРВЈАТА

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ОДМАЗДА

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## МЛАДИОТ КЕДАР

Се објавува според текстот публикуван во новото издание на „Собраните дела“ на Б. Конески во 1981 година.

Факсимилот не е познат.

*ИГРАЛИТИ ПЕСНИ*

## ЗА ЖИВОТОТ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ВРАПЦИ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## НЕИЗВЕСНОСТ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ГУШКАЊЕ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ПЕСНА НАД ПЕСНИТЕ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ВИДОТ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ARS POETICA

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## МОЛИТВА ЗА СОН

Се објавува според текстот публикуван во новото издание на „Собраните дела“ на Б. Конески во 1981 година.

Факсимилот не е познат.

*ПРОЛОЖНИ ЖИТИЈА*

## ЖИТИЕ НА БОНА

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ЖИТИЕ НА ТАСА БОЈАНОВСКА

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## БЕЛАТА ТЕТКА

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## УСПЕНИЕ НА ТЕТКА МЕНКА

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ОРДЕ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## СВЕТИ СПИРИДОН НОВИ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ТЕТИН РИСТЕ

Се објавува според првото печатено издание во „Стремеж“, бр. 4–5 за 1980 година.

Факсимилот на песната е зачуван. Извршени се низа промени, потоа се внесени во дефинитивната верзија при објавувањето во „Стремеж“.

## ДЕДО ИЛИЈА

Се објавува според првото печатено издание во „Стремеж“ бр. 7 за 1980 година.

Факсимилот не е познат.

## ДЕДО КОНЕ

Се објавува според текстот во стихозбирката „Чешмите“ (1984).

Факсимилот не е познат.

## ПОТЕРА

Се објавува според текстот во стихозбирката „Чешмите“ (1984).

Факсимилот не е познат.

*МАРКО КРАЉЕ*

Циклусот „Марко Крале“, според зборовите на авторот, бил започнат да се реализира „негде педесет и седмата година“, кога била напишана „Стерна“, а потоа „Одземање на силата“. Неколку години подоцна и „Марковиот манастир“. „Јас веќе имав некаква концепција за поголема целост“, вели на истото место авторот, „но, – ... чекав цели две децении дури тој се оформи“.[3] Од ова може да се заклучи дека песните „Кале“ и „Песјо Брдце“ се создадени многу подоцна.

## ОДЗЕМАЊЕ НА СИЛАТА

Се објавува според текстот во „Везилка“ (1961).
Факсимилот не е познат.

## СТЕРНА

Се објавува според текстот во „Везилка“ (1961).
Факсимилот не е познат.

## КАЛЕ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

[3] „Разговори со Блаже“, цит. изд., стр. 286.

## МАРКОВИОТ МАНАСТИР

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

## ПЕСЈО БРДЦЕ

Се објавува според текстот во „Стари и нови песни“ (1979).

Факсимилот не е познат.

СОДРЖИНА


| | Стр. | Коментари |
|---|---|---|
| **Воведна реч** | 7 | |
| **ОД СТАРИОТ НОТЕС (1941–1945)** | 11 | 321 |
| Песна за животот | 13 | 321 |
| Камбани | 14 | 322 |
| Ноќна песна | 15 | 322 |
| Разделба | 16 | 322 |
| Закопна песна | 17 | 322 |
| Старата | 18 | 323 |
| Песната за затворницата | 19 | 323 |
| **МОСТОТ (1945) поема** | 21 | 335 |
| **ЗЕМЈАТА И ЉУБОВТА (1948)** | 33 | 361 |
| Тешкото | 35 | 361 |
| Илинденски мелодии | 38 | 362 |
| Песната | 41 | 362 |
| Писмо | 43 | 362 |
| На граница | 45 | 362 |
| Сончева колона (балада) | 47 | 363 |
| Пролетна песна | 50 | 363 |
| Весела песна | 52 | 363 |
| Полноќ | 53 | 363 |
| Утро | 54 | 363 |
| Караорман | 55 | 364 |
| Охрид | 57 | 364 |
| Дојран | 59 | 364 |
| **ПЕСНИ (1953)** | 65 | 373 |
| *ЛИРСКИ ЗАПИСИ* | 67 | 375 |
| Зов | 69 | 375 |
| Пролет | 70 | 375 |
| Рамнина | 71 | 375 |
| Приспивна | 72 | 376 |

| | | |
|---|---|---|
| Очај | 73 | 376 |
| Молитва | 74 | 376 |
| Шум | 75 | 376 |
| Есенско утро | 76 | 376 |
| Смртна песна | 77 | 377 |
| Полноќ | 78 | 377 |
| Сон | 79 | 377 |
| Песна за маслинките | 80 | 377 |
| Проштална песна | 81 | 377 |
| Молитва | 82 | 378 |
| Зимен ден | 83 | 378 |
| Враќање | 84 | 378 |
| Песна | 85 | 378 |
| Бура | 86 | 378 |
| Пустина | 87 | 378 |
| Песна | 88 | 378 |
| В крчма | 89 | 381 |
| Песна | 90 | 381 |
| Служба | 91 | 381 |
| Спомен за Славеј | 92 | 381 |
| Бдеење | 93 | 381 |
| Љубов | 95 | 381 |
| За непознатата | 96 | 380 |
| Лик | 98 | 380 |
| Успивање на болно дете | 99 | 380 |
| ’Рж | 100 | 380 |
| Пченица | 101 | 380 |
| Мак | 102 | 380 |
| Јаготки | 103 | 381 |
| Пролетна вечер | 104 | 381 |
| Кумановскиот превој | 105 | 381 |
| Песни за Фауста | 106 | 381 |
| Навреди | 107 | 381 |
| Матуранти | 108 | 381 |
| Икона | 109 | 381 |
| Гугучка | 110 | 381 |
| Ангелот на Света Софија | 111 | 382 |
| Калемегдан | 112 | 382 |
| Скопје | 114 | 382 |
| *БУНАТА КАРПОШОВА* | 115 | 382 |

| | | |
|---|---|---|
| *МОНОЛОЗИ И ДИЈАЛОЗИ* ....... | 121 | 383 |
| Спомен ...... | 123 | 383 |
| Дијалог на полноќ ...... | 125 | 384 |
| Две другачки ...... | 128 | 384 |
| Средба со Жинзифов (поема) ...... | 133 | 384 |
| Ракување (поема) ...... | 141 | 385 |
| Игра со дете ...... | 151 | 385 |
| **ВЕЗИЛКА (1955)** ...... | 157 | 399 |
| Песните ...... | 161 | 399 |
| Везилка ...... | 162 | 399 |
| Григор Прличев ...... | 164 | 399 |
| Снег ...... | 166 | 399 |
| Ѕвезди ...... | 167 | 399 |
| Ружа ...... | 168 | 399 |
| Заспивање ...... | 169 | 399 |
| Виј ...... | 170 | 399 |
| Галеб ...... | 171 | 399 |
| Нежност ...... | 172 | 399 |
| Разделба ...... | 173 | 399 |
| Игранка ...... | 174 | 399 |
| Кошмар ...... | 175 | 399 |
| Песна ...... | 176 | 399 |
| Тишина ...... | 177 | 399 |
| Пролет ...... | 178 | 399 |
| Тајна ...... | 179 | 399 |
| Врв ...... | 180 | 399 |
| Смеа ...... | 181 | 399 |
| Жртва ...... | 182 | 399 |
| Кафез ...... | 183 | 399 |
| Река ...... | 184 | 399 |
| Здравица ...... | 185 | 399 |
| Од возот ...... | 186 | 399 |
| Старата ...... | 187 | 399 |
| Починка ...... | 188 | 399 |
| Утро ...... | 189 | 399 |
| Даб ...... | 190 | 399 |
| Стебло ...... | 191 | 399 |
| Ластовици ...... | 192 | 399 |
| Пчелар ...... | 193 | 399 |
| Јаглен ...... | 194 | 399 |

| | | |
|---|---|---|
| Штип ........................................................ | 195 | 399 |
| Дете заспано крај езеро ................................... | 196 | 399 |
| Болен Дојчин ............................................... | 197 | 399 |
| Пепелашка .................................................. | 199 | 399 |
| Љубов ........................................................ | 200 | 399 |
| Волк .......................................................... | 201 | 399 |
| Вљубени девојки ........................................... | 202 | 399 |
| Убавите жени ............................................... | 203 | 399 |
| Реки .......................................................... | 204 | 399 |
| Тореадор .................................................... | 205 | 399 |
| Урнатина .................................................... | 206 | 399 |
| Мраз .......................................................... | 207 | 399 |
| Полноќ ........................................................ | 208 | 399 |
| Пословица .................................................... | 209 | 399 |
| Проштавање од Париз ..................................... | 210 | 399 |
| Девственици ................................................. | 211 | 399 |
| Колумбо ...................................................... | 212 | 399 |
| Портрет ....................................................... | 213 | 399 |
| Водно ......................................................... | 214 | 399 |
| Песна на лозите во лозјата на Водно .................. | 216 | 399 |
| **ЗАПИСИ (1974)** ............................................ | 217 | 405 |
| Младост ...................................................... | 219 | 405 |
| Саат ........................................................... | 220 | 405 |
| Сонот ......................................................... | 221 | 405 |
| Разговор со детенце ....................................... | 222 | 405 |
| Планина ...................................................... | 223 | 405 |
| Пред годишнината на татковата смрт .................. | 224 | 405 |
| Струмиче ..................................................... | 225 | 405 |
| Гугучка ....................................................... | 226 | 405 |
| Распетие ...................................................... | 227 | 405 |
| Порака ........................................................ | 228 | 405 |
| Ризница ....................................................... | 229 | 405 |
| Елен самак ................................................... | 230 | 405 |
| Превалец ..................................................... | 231 | 405 |
| Суша ........................................................... | 232 | 405 |
| Дон Кихот .................................................... | 233 | 405 |
| Одисеј ......................................................... | 234 | 405 |
| Љубовница .................................................... | 235 | 405 |
| Три крупни жени ............................................ | 236 | 405 |
| Куманово ...................................................... | 237 | 405 |
| Внукот ......................................................... | 238 | 405 |

| | | |
|---|---|---|
| Спомен ... | 239 | 405 |
| Вепар ... | 240 | 405 |
| Штурци ... | 241 | 405 |
| Пеперуга ... | 242 | 405 |
| Ревматизам ... | 243 | 405 |
| Езеро ... | 244 | 405 |
| Кобење ... | 245 | 405 |
| Зборот ... | 246 | 405 |
| **СТАРИ И НОВИ ПЕСНИ (1979)** | | |
| **НОВИ ЦИКЛУСИ** ... | 247 | 411 |
| *МЕЃУ ДРВЈАТА* ... | 249 | 415 |
| Круша ... | 251 | 415 |
| На една певица ... | 252 | 415 |
| Оздравување ... | 253 | 415 |
| Иднина ... | 254 | 415 |
| Изворот на твојот глас ... | 255 | 415 |
| Песот ... | 256 | 416 |
| Стара лоза ... | 257 | 416 |
| Смртта на синот ... | 258 | 416 |
| Сеќавање за Ѓорета ... | 259 | 416 |
| Меѓу дрвјата ... | 260 | 416 |
| Одмазда ... | 261 | 417 |
| Младиот кедар ... | 262 | 417 |
| *ИГРАЛИТИ ПЕСНИ* ... | 263 | 421 |
| За животот ... | 265 | 421 |
| Врапци ... | 267 | 421 |
| Неизвесност ... | 268 | 421 |
| Гушкање ... | 269 | 421 |
| Песна над песните ... | 270 | 421 |
| Видот ... | 271 | 422 |
| Ars poetica ... | 272 | 422 |
| Молитва за сон ... | 273 | 422 |
| *ПРОЛОЖНИ ЖИТИЈА* ... | 275 | 425 |
| Житие на Бона ... | 277 | 425 |
| Житие на Таса Бојановска ... | 278 | 425 |
| Белата тетка ... | 279 | 425 |
| Успение на тетка Менка ... | 281 | 425 |
| Орде ... | 282 | 425 |
| Свети Спиридон Нови ... | 283 | 426 |
| Тетин Ристе ... | 287 | 426 |

| | | |
|---|---|---|
| Дедо Илија | 292 | 426 |
| Дедо Коне | 294 | 426 |
| Потера | 295 | 426 |
| *МАРКО КРАЛЕ* | 297 | 429 |
| Одземање на силата | 299 | 429 |
| Стерна | 302 | 429 |
| Кале | 305 | 429 |
| Марковиот манастир | 309 | 430 |
| Песјо Брдце (епилог) | 312 | 430 |
| **КОМЕНТАРИ И ПРИЛОЗИ** | 315 | |
| **ОД СТАРИОТ НОТЕС (1941–1945)** | 321 | |
| Прилози | 325 | |
| **МОСТОТ (1945) поема** | 335 | |
| Прилози | 339 | |
| **ЗЕМЈАТА И ЉУБОВТА (1948)** | 359 | |
| Прилози | 365 | |
| **ПЕСНИ (1953)** | 371 | |
| Прилози | 387 | |
| **ВЕЗИЛКА (1955)** | 397 | |
| **ЗАПИСИ (1974)** | 403 | |
| Прилози | 407 | |
| **СТАРИ И НОВИ ПЕСНИ (1979) НОВИ ЦИКЛУСИ** | 409 | |
| *МЕЃУ ДРВЈАТА* | 413 | |
| *ИГРАЛИТИ ПЕСНИ* | 419 | |
| *ПРОЛОЖНИ ЖИТИЈА* | 423 | |
| *МАРКО КРАЛЕ* | 427 | |